136. О верници, верувајте во Аллах, и во пејгамберот Негов и во Книгата која ја објави на пејгамберот Свој и во секоја книга која ја објави порано. Оној кој не верува во Аллах и во мелеките Негови и во книгите Негови, и во пејгамберите Негови и во Денот ахиретски веќе талнал по беспаќето далечно!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا ءَامِنُوا بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَٱلْكِتَٰبِ ٱلَّذِى نَزَّلَ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ وَٱلْكِتَٰبِ ٱلَّذِىٓ أَنزَلَ مِن قَبْلُ وَمَن يَكْفُرْ بِٱللَّهِ وَمَلَٰٓئِكَتِهِۦ وَكُتُبِهِۦ وَرُسُلِهِۦ وَٱلْيَوْمِ ٱلْءَاخِرِ فَقَدْ ضَلَّ ضَلَٰلًۢا بَعِيدًا ﴿١٣٦﴾

137. На оние кои веруваат а потоа не веруваат па потоа веруваат, па потоа не веруваат и потоа го зголемуваат неверувањето...Аллах никогаш не ќе им прости и не ќе ги упати по патот.

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا ثُمَّ كَفَرُوا ثُمَّ ءَامَنُوا ثُمَّ كَفَرُوا ثُمَّ ٱزْدَادُوا كُفْرًا لَّمْ يَكُنِ ٱللَّهُ لِيَغْفِرَ لَهُمْ وَلَا لِيَهْدِيَهُمْ سَبِيلًۢا ﴿١٣٧﴾

138. Извести ги дволичните дека, навистина, за нив има кàзна болна,

بَشِّرِ ٱلْمُنَٰفِقِينَ بِأَنَّ لَهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٣٨﴾

139. оние кои, навистина, ги земаат за пријатели неверниците а не верниците. Кај нив ли ја посакуваат силата? Па, сета сила, навистина, на Аллах му припаѓа!

ٱلَّذِينَ يَتَّخِذُونَ ٱلْكَٰفِرِينَ أَوْلِيَآءَ مِن دُونِ ٱلْمُؤْمِنِينَ أَيَبْتَغُونَ عِندَهُمُ ٱلْعِزَّةَ فَإِنَّ ٱلْعِزَّةَ لِلَّهِ جَمِيعًا ﴿١٣٩﴾

140. За вас, во Книгата, е веќе објавено: Кога ќе слушнете како Аллаховите ајети некој од вас не

وَقَدْ نَزَّلَ عَلَيْكُمْ فِى ٱلْكِتَٰبِ أَنْ إِذَا سَمِعْتُمْ ءَايَٰتِ ٱللَّهِ يُكْفَرُ بِهَا وَيُسْتَهْزَأُ بِهَا فَلَا تَقْعُدُوا

ги признава и ги исмева...не седете со нив додека не навлезат во друг разговор инаку, навистина, ќе бидете слични на нив. Аллах, секако, во Џехеннемот ќе ги збере сите: и дволичните и неверниците.

مَعَهُمْ حَتَّىٰ يَخُوضُوا فِي حَدِيثٍ غَيْرِهِۦٓ ۚ إِنَّكُمْ إِذًا مِّثْلُهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ جَامِعُ ٱلْمُنَٰفِقِينَ وَٱلْكَٰفِرِينَ فِي جَهَنَّمَ جَمِيعًا ﴿١٤٠﴾

141. Оние кои останувaат во исчекување на вашиот поглед - ако ви дојде победата од страна на Аллах, зборуваат: “Не бевме ли со вас?” - а ако на неверниците им дојде дел од победата, зборуваат:“Немавме ли прилика да ве победиме? Нели ве заштитивме од верниците?” Па, Аллах ќе ви пресуди на Денот суден. И Аллах никогаш не ќе дозволи неверниците да изнајдат начин против верниците.

ٱلَّذِينَ يَتَرَبَّصُونَ بِكُمْ فَإِن كَانَ لَكُمْ فَتْحٌ مِّنَ ٱللَّهِ قَالُوٓا۟ أَلَمْ نَكُن مَّعَكُمْ وَإِن كَانَ لِلْكَٰفِرِينَ نَصِيبٌ قَالُوٓا۟ أَلَمْ نَسْتَحْوِذْ عَلَيْكُمْ وَنَمْنَعْكُم مِّنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۚ فَٱللَّهُ يَحْكُمُ بَيْنَكُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ ۗ وَلَن يَجْعَلَ ٱللَّهُ لِلْكَٰفِرِينَ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ سَبِيلًا ﴿١٤١﴾

142. Дволичните, навистина, настојуваат да го измамат Аллаха, но Аллах нив ги мами. И кога се исправаат намаз да извршат се исправаат мрзливо само заради тоа да ги гледаат луѓето, а Аллаха само малку го споменуваат;

إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ يُخَٰدِعُونَ ٱللَّهَ وَهُوَ خَٰدِعُهُمْ وَإِذَا قَامُوٓا۟ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ قَامُوا۟ كُسَالَىٰ يُرَآءُونَ ٱلنَّاسَ وَلَا يَذْكُرُونَ ٱللَّهَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٤٢﴾

143. се двоумат во тоа: не се приклонуваат ни кон овие ни кон оние. За оној за кого Аллах ќе определи да биде во беспаќе...за него никогаш не ќе најдеш пат.

مُّذَبْذَبِينَ بَيْنَ ذَٰلِكَ لَآ إِلَىٰ هَٰٓؤُلَآءِ وَلَآ إِلَىٰ هَٰٓؤُلَآءِ ۚ وَمَن يُضْلِلِ ٱللَّهُ فَلَن تَجِدَ لَهُۥ سَبِيلًا ﴿١٤٣﴾

144. О верници, не земајте ги неверниците за пријатели, за да ги оставите верниците. Посакувате ли да донесете заради Аллах јасна власт против себе?

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوا۟ ٱلْكَٰفِرِينَ أَوْلِيَآءَ مِن دُونِ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۚ أَتُرِيدُونَ أَن تَجْعَلُوا۟ لِلَّهِ عَلَيْكُمْ سُلْطَٰنًا مُّبِينًا ﴿١٤٤﴾

145. Дволичните, навистина, ќе бидат во најдлабоката бездна на огнот. За нив не ќе најдеш поддржник;

إِنَّ ٱلْمُنَٰفِقِينَ فِى ٱلدَّرْكِ ٱلْأَسْفَلِ مِنَ ٱلنَّارِ وَلَن تَجِدَ لَهُمْ نَصِيرًا ﴿١٤٥﴾

146. освен за оние кои ќе се покајат и ќе се поправат и кои ќе се држат за Аллах и кои ќе ја предадат чиста својата вера на Аллах. Па, таквите се со верниците. А Аллах на верниците ќе им даде награда голема!

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُوا۟ وَأَصْلَحُوا۟ وَٱعْتَصَمُوا۟ بِٱللَّهِ وَأَخْلَصُوا۟ دِينَهُمْ لِلَّهِ فَأُو۟لَٰٓئِكَ مَعَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ۖ وَسَوْفَ يُؤْتِ ٱللَّهُ ٱلْمُؤْمِنِينَ أَجْرًا عَظِيمًا ﴿١٤٦﴾

147 Аллах не работи на тоа да ве казни ако се заблагодарите и ако верувате. Аллах е Благодарен и Зналец!

مَّا يَفْعَلُ ٱللَّهُ بِعَذَابِكُمْ إِن شَكَرْتُمْ وَءَامَنتُمْ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ شَاكِرًا عَلِيمًا ﴿١٤٧﴾

148. Аллах не сака да се зборува за зло на висок глас; може само оној кому му е нанесено зло. Аллах е Слушач и Зналец!

۞ لَّا يُحِبُّ ٱللَّهُ ٱلْجَهْرَ بِٱلسُّوٓءِ مِنَ ٱلْقَوْلِ إِلَّا مَن ظُلِمَ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ سَمِيعًا عَلِيمًا ﴿١٤٨﴾

149. Ако го обелоденувате доброто или ако го криете или ако простувате за некое лошо дело - та, Аллах, навистина, е Помилувач и Кадар!

إِن تُبْدُوا۟ خَيْرًا أَوْ تُخْفُوهُ أَوْ تَعْفُوا۟ عَن سُوٓءٍ فَإِنَّ ٱللَّهَ كَانَ عَفُوًّا قَدِيرًا ﴿١٤٩﴾

150. Оние кои, навистина, не веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и кои сакаат да направат разлика во верувањето меѓу Аллах и пејгамберите Негови, и кои зборуваат:“Во нешто веруваме а во нешто не веруваме,” - и кои сакаат меѓу тоа да прифатат некој пат -

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَكْفُرُونَ بِٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ وَيُرِيدُونَ أَن يُفَرِّقُوا۟ بَيْنَ ٱللَّهِ وَرُسُلِهِۦ وَيَقُولُونَ نُؤْمِنُ بِبَعْضٍ وَنَكْفُرُ بِبَعْضٍ وَيُرِيدُونَ أَن يَتَّخِذُوا۟ بَيْنَ ذَٰلِكَ سَبِيلًا ﴿١٥٠﴾

151. да, онаквите, се вистински неверници. А за неверниците Ние подготвивме казна срамна.

أُولَٰئِكَ هُمُ الْكَافِرُونَ حَقًّا ۚ وَأَعْتَدْنَا لِلْكَافِرِينَ عَذَابًا مُهِينًا ﴿١٥١﴾

152. А оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберите Негови, и кои не прават разлика меѓу нив, кој било од нив...Он ќе им ја даде наградата нивна. Аллах е Простувач и Сомилосен!

وَالَّذِينَ آمَنُوا بِاللَّهِ وَرُسُلِهِ وَلَمْ يُفَرِّقُوا بَيْنَ أَحَدٍ مِنْهُمْ أُولَٰئِكَ سَوْفَ يُؤْتِيهِمْ أُجُورَهُمْ ۗ وَكَانَ اللَّهُ غَفُورًا رَحِيمًا ﴿١٥٢﴾

153. Следбениците на Книгата од тебе бараат да им спуштиш Книга од небо. А оние веќе од Муса бараа и повеќе од тоа. Па, зборуваа: “Покажи ни го Аллаха, очигледно “. И заради зулумот нивни молња ги шибна, и потоа прифатија теле. По јаснотиите кои веќе им дојдоа! И затоа Ние им простивме. И на Муса Ние јасен доказ му дадовме.

يَسْأَلُكَ أَهْلُ الْكِتَابِ أَنْ تُنَزِّلَ عَلَيْهِمْ كِتَابًا مِنَ السَّمَاءِ ۚ فَقَدْ سَأَلُوا مُوسَىٰ أَكْبَرَ مِنْ ذَٰلِكَ فَقَالُوا أَرِنَا اللَّهَ جَهْرَةً فَأَخَذَتْهُمُ الصَّاعِقَةُ بِظُلْمِهِمْ ۚ ثُمَّ اتَّخَذُوا الْعِجْلَ مِنْ بَعْدِ مَا جَاءَتْهُمُ الْبَيِّنَاتُ فَعَفَوْنَا عَنْ ذَٰلِكَ ۚ وَآتَيْنَا مُوسَىٰ سُلْطَانًا مُبِينًا ﴿١٥٣﴾

154. И заради договорот нивни, над нив, Ние рид подигнавме, и им рековме: “Влезете низ вратата ничкум!” И им рековме: “Не правете престап за Сабота,” - и од нив Ние цврсто го прифативме Договорот.

وَرَفَعْنَا فَوْقَهُمُ الطُّورَ بِمِيثَاقِهِمْ وَقُلْنَا لَهُمُ ادْخُلُوا الْبَابَ سُجَّدًا وَقُلْنَا لَهُمْ لَا تَعْدُوا فِي السَّبْتِ وَأَخَذْنَا مِنْهُمْ مِيثَاقًا غَلِيظًا ﴿١٥٤﴾

155. Сето тоа дојде заради нивното кршење на договорот нивни, и неверувањето нивно во ајетите Аллахови и убивањето на пејгамберите бесправно, и зборувањето нивно: “Срцата наши се замрачени.” Но не! Аллах нив ги запечати со неверувањето ни-

فَبِمَا نَقْضِهِمْ مِيثَاقَهُمْ وَكُفْرِهِمْ بِآيَاتِ اللَّهِ وَقَتْلِهِمُ الْأَنْبِيَاءَ بِغَيْرِ حَقٍّ وَقَوْلِهِمْ قُلُوبُنَا غُلْفٌ ۚ بَلْ طَبَعَ اللَّهُ عَلَيْهَا بِكُفْرِهِمْ فَلَا يُؤْمِنُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٥٥﴾

вно. Па, само малкумина верувaa,

156. и заради неверувањето нивно, зборувањето нивно и клеветите големи за Мерјем,

وَبِكُفۡرِهِمۡ وَقَوۡلِهِمۡ عَلَىٰ مَرۡيَمَ بُهۡتَٰنًا عَظِيمٗا ١٥٦

157. и заради изјавата нивна: “Да, ние, навистина, го убивме Христа,” Иса, синот на Мерјем, Аллаховиот пејгамбер. Не го убија и не го распнаа! Туку тоа им се причини. А оние кои, навистина, не се согласија во тоа, во сомненевање се: ништо не знаеја за него, само се сомневаа... Не го убија сигурно,

وَقَوۡلِهِمۡ إِنَّا قَتَلۡنَا ٱلۡمَسِيحَ عِيسَى ٱبۡنَ مَرۡيَمَ رَسُولَ ٱللَّهِ وَمَا قَتَلُوهُ وَمَا صَلَبُوهُ وَلَٰكِن شُبِّهَ لَهُمۡۚ وَإِنَّ ٱلَّذِينَ ٱخۡتَلَفُواْ فِيهِ لَفِي شَكّٖ مِّنۡهُۚ مَا لَهُم بِهِۦ مِنۡ عِلۡمٍ إِلَّا ٱتِّبَاعَ ٱلظَّنِّۚ وَمَا قَتَلُوهُ يَقِينَۢا ١٥٧

158. туку Аллах го дигна кон Себе. Аллах е Силен и Мудар!

بَل رَّفَعَهُ ٱللَّهُ إِلَيۡهِۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمٗا ١٥٨

159. И никој од Следбениците на Книгата нема сигурно да не поверува во тоа пред смртта своја; на Денот суден ќе биде сведок против нив.

وَإِن مِّنۡ أَهۡلِ ٱلۡكِتَٰبِ إِلَّا لَيُؤۡمِنَنَّ بِهِۦ قَبۡلَ مَوۡتِهِۦۖ وَيَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ يَكُونُ عَلَيۡهِمۡ شَهِيدٗا ١٥٩

160. И заради зулумот на оние Евреи и заради одвраќањето нивно од Аллаховиот пат на многумина...Ние им ги забранивме некои од добрата кои им беа дозволени;

فَبِظُلۡمٖ مِّنَ ٱلَّذِينَ هَادُواْ حَرَّمۡنَا عَلَيۡهِمۡ طَيِّبَٰتٍ أُحِلَّتۡ لَهُمۡ وَبِصَدِّهِمۡ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ كَثِيرٗا ١٦٠

161. земаа и лихва а веќе им беше забранета; и бесправно го трошеа имотот на луѓето. А за неверниците од нив Ние подготвивме казна болна.

وَأَخۡذِهِمُ ٱلرِّبَوٰاْ وَقَدۡ نُهُواْ عَنۡهُ وَأَكۡلِهِمۡ أَمۡوَٰلَ ٱلنَّاسِ بِٱلۡبَٰطِلِۚ وَأَعۡتَدۡنَا لِلۡكَٰفِرِينَ مِنۡهُمۡ عَذَابًا أَلِيمٗا ١٦١

162. Но, оние кои се нурнаа во знаење од нив, и верниците... ве-

لَّٰكِنِ ٱلرَّٰسِخُونَ فِي ٱلۡعِلۡمِ مِنۡهُمۡ وَٱلۡمُؤۡمِنُونَ

руваат во она што е објавено до тебе и во она што е објавено пред тебе... и оние кои извршуваат намаз, и кои даваат зекат, и кои веруваат во Аллах и во Денот суден. Ние ќе им дадеме награда голема!

يُؤْمِنُونَ بِمَآ أُنزِلَ إِلَيْكَ وَمَآ أُنزِلَ مِن قَبْلِكَ وَالْمُقِيمِينَ الصَّلَوٰةَ وَالْمُؤْتُونَ الزَّكَوٰةَ وَالْمُؤْمِنُونَ بِاللَّهِ وَالْيَوْمِ الْآخِرِ أُولَٰٓئِكَ سَنُؤْتِيهِمْ أَجْرًا عَظِيمًا ١٦٢

163. Ние, навистина, ти објавивме онака како што му објавивме на Нух и на пејгамберите по него. Му објавивме и на Ибрахим, и на Исмаил, и на Исхак, и на Јакуб, и на внуците, и на Иса, и на Ејуб, и на Јунус, и на Харун; а на Сулејман и на Давуд Зебур им дадовме:

۞ إِنَّآ أَوْحَيْنَآ إِلَيْكَ كَمَآ أَوْحَيْنَآ إِلَىٰ نُوحٍ وَالنَّبِيِّـۧنَ مِنۢ بَعْدِهِۦ وَأَوْحَيْنَآ إِلَىٰٓ إِبْرَٰهِيمَ وَإِسْمَٰعِيلَ وَإِسْحَٰقَ وَيَعْقُوبَ وَالْأَسْبَاطِ وَعِيسَىٰ وَأَيُّوبَ وَيُونُسَ وَهَٰرُونَ وَسُلَيْمَٰنَ وَءَاتَيْنَا دَاوُۥدَ زَبُورًا ١٦٣

164. имаше пејгамбери за кои Ние веќе ти кажувавме порано и пејгамбери за кои не ти кажувавме. А Аллах со Муса зборуваше, сигурно -

وَرُسُلًا قَدْ قَصَصْنَٰهُمْ عَلَيْكَ مِن قَبْلُ وَرُسُلًا لَّمْ نَقْصُصْهُمْ عَلَيْكَ وَكَلَّمَ اللَّهُ مُوسَىٰ تَكْلِيمًا ١٦٤

165. пејгамбери, радосници и опоменувачи за да луѓето немаат по пејгамберите доказ пред Аллах. А Аллах е Силен и Мудар!

رُّسُلًا مُّبَشِّرِينَ وَمُنذِرِينَ لِئَلَّا يَكُونَ لِلنَّاسِ عَلَى اللَّهِ حُجَّةٌۢ بَعْدَ الرُّسُلِ وَكَانَ اللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ١٦٥

166. Но, Аллах сведочи за она што ти е објавено; со Своето знаење го објави. А и мелеките сведочат. А Аллах е Доволен за Сведок.

لَّٰكِنِ اللَّهُ يَشْهَدُ بِمَآ أَنزَلَ إِلَيْكَ أَنزَلَهُۥ بِعِلْمِهِۦ وَالْمَلَٰٓئِكَةُ يَشْهَدُونَ وَكَفَىٰ بِاللَّهِ شَهِيدًا ١٦٦

167. Оние, навистина, кои не веруваа и кои одвраќаа од Аллаховиот пат веќе талнаа по беспаќето далечно.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَصَدُّواْ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ قَدْ
ضَلُّواْ ضَلَٰلَۢا بَعِيدًا ﴿١٦٧﴾

168. Оние, навистина, кои не веруваа и кои зулум правеа... ним Аллах не им прости и не им го покажа патот,

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَظَلَمُواْ لَمْ يَكُنِ ٱللَّهُ لِيَغْفِرَ
لَهُمْ وَلَا لِيَهْدِيَهُمْ طَرِيقًا ﴿١٦٨﴾

169. освен патот џехеннемски; во него за навек ќе останат. А за Аллах тоа е едноставно.

إِلَّا طَرِيقَ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًاۚ وَكَانَ ذَٰلِكَ
عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرًا ﴿١٦٩﴾

170. О луѓе, веќе пејгамберот ви дојде со вистината. Од Господарот ваш. Верувањето...та, подобро е за вас. А ако не верувате... та, навистина, сѐ што е на небесата и на Земјата е - Аллахово! Аллах е Зналец и Мудар!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ قَدْ جَآءَكُمُ ٱلرَّسُولُ بِٱلْحَقِّ
مِن رَّبِّكُمْ فَـَٔامِنُواْ خَيْرًا لَّكُمْۚ وَإِن تَكْفُرُواْ
فَإِنَّ لِلَّهِ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِۚ وَكَانَ ٱللَّهُ
عَلِيمًا حَكِيمًا ﴿١٧٠﴾

171. О следбеници на Книгата, не претерувајте во верата ваша, и за Аллах само вистина зборувајте! Месих, Иса синот на Мерјем, е пејгамбер Аллахов, Зборот Негов, кој Он го фрли во Мерјем, Дух од Него. Е па, верувајте во Аллах и во пејгамберите Негови, и не зборувајте “тројца”. Престанете, тоа е подобро за вас! Аллах, навистина, е еден Бог. Нека е славен Он! Зарем Он да има дете? Сѐ што е

يَٰٓأَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ لَا تَغْلُواْ فِي دِينِكُمْ
وَلَا تَقُولُواْ عَلَى ٱللَّهِ إِلَّا ٱلْحَقَّۚ إِنَّمَا ٱلْمَسِيحُ
عِيسَى ٱبْنُ مَرْيَمَ رَسُولُ ٱللَّهِ وَكَلِمَتُهُۥٓ
أَلْقَىٰهَآ إِلَىٰ مَرْيَمَ وَرُوحٌ مِّنْهُۖ فَـَٔامِنُواْ بِٱللَّهِ
وَرُسُلِهِۦۖ وَلَا تَقُولُواْ ثَلَٰثَةٌۚ ٱنتَهُواْ خَيْرًا
لَّكُمْۚ إِنَّمَا ٱللَّهُ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌۖ سُبْحَٰنَهُۥٓ أَن
يَكُونَ لَهُۥ وَلَدٌۘ لَّهُۥ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَمَا فِي ٱلْأَرْضِۗ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ وَكِيلًا ﴿١٧١﴾

на небесата и на Земјата е - Аллахово! А Аллах, секако, е Доволен Закрилник!

172. На Месих никогаш не ќе му биде мака да биде роб Аллахов а ниту на мелеките блиски. А на оној кому му е мака да прави ибадет на Аллах, кој се противи - та, набргу Аллах сите ќе ги збере кај Себе!

لَّن يَسْتَنكِفَ الْمَسِيحُ أَن يَكُونَ عَبْدًا لِّلَّهِ وَلَا الْمَلَائِكَةُ الْمُقَرَّبُونَ ۚ وَمَن يَسْتَنكِفْ عَنْ عِبَادَتِهِ وَيَسْتَكْبِرْ فَسَيَحْشُرُهُمْ إِلَيْهِ جَمِيعًا ﴿١٧٢﴾

173. Што се однесува до оние кои веруваат и кои работат добри дела, тогаш, Ние ќе им ги врачиме наградите нивни, и ќе им се зголемат од добрината Негова. А оние, пак, кои презираат и кои се противат ќе се казнат со казна болна. Онаквите, освен Аллах, не ќе најдат ни заштитник ни поддржник!

فَأَمَّا الَّذِينَ آمَنُوا وَعَمِلُوا الصَّالِحَاتِ فَيُوَفِّيهِمْ أُجُورَهُمْ وَيَزِيدُهُم مِّن فَضْلِهِ ۖ وَأَمَّا الَّذِينَ اسْتَنكَفُوا وَاسْتَكْبَرُوا فَيُعَذِّبُهُمْ عَذَابًا أَلِيمًا وَلَا يَجِدُونَ لَهُم مِّن دُونِ اللَّهِ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿١٧٣﴾

174. О луѓе, доказ, секако, ви дојде. Од Господарот ваш. И светлина јасна Ние ви спуштивме.

يَا أَيُّهَا النَّاسُ قَدْ جَاءَكُم بُرْهَانٌ مِّن رَّبِّكُمْ وَأَنزَلْنَا إِلَيْكُمْ نُورًا مُّبِينًا ﴿١٧٤﴾

175. А што се однесува до оние кои веруваат во Аллах и кои цврсто се држат за тоа... нив ќе ги воведе во милоста Своја, и во добрината Своја, и ќе ги упати, по патот вистински, кон Себе.

فَأَمَّا الَّذِينَ آمَنُوا بِاللَّهِ وَاعْتَصَمُوا بِهِ فَسَيُدْخِلُهُمْ فِي رَحْمَةٍ مِّنْهُ وَفَضْلٍ وَيَهْدِيهِمْ إِلَيْهِ صِرَاطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿١٧٥﴾

176. Оние бараат од тебе решение. Кажи: “За умрениот кој не-

يَسْتَفْتُونَكَ قُلِ اللَّهُ يُفْتِيكُمْ فِي الْكَلَالَةِ ۚ

ма никого што ќе го наследи, Аллах ви дава решение: Ако некој умре кој нема дете а има сестра нејзе ѝ припаѓа половина од она што ќе го остави, а и тој ќе ја наследи неа, ако оваа нема дете. А ако се две ним им припаѓаат две третини од она што ќе го остави. А ако има браќа и сестри - тогаш на машкото му припаѓа еднаков дел од делот на двете женски. Аллах, за да не скршнете, ви објаснува. Аллах знае сѐ!

إِنِ امْرُؤٌ هَلَكَ لَيْسَ لَهُ وَلَدٌ وَلَهُ أُخْتٌ فَلَهَا
نِصْفُ مَا تَرَكَ وَهُوَ يَرِثُهَا إِن لَّمْ يَكُن لَّهَا
وَلَدٌ فَإِن كَانَتَا اثْنَتَيْنِ فَلَهُمَا الثُّلُثَانِ مِمَّا تَرَكَ
وَإِن كَانُوا إِخْوَةً رِّجَالًا وَنِسَاءً فَلِلذَّكَرِ مِثْلُ
حَظِّ الْأُنثَيَيْنِ يُبَيِّنُ اللَّهُ لَكُمْ أَن تَضِلُّوا
وَاللَّهُ بِكُلِّ شَيْءٍ عَلِيمٌ ﴿١٧٦﴾

ЕЛ-МАИДА (Софра) *V*



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. О верници, исполнувајте ги обврските. Ви се дозволуваат домашните животни, освен она за кое ќе ви биде кажано. Не ви е дозволено да ловите додека сте во ихрами. Аллах, навистина, го определува она што го посакува!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا أَوْفُوا بِالْعُقُودِ أُحِلَّتْ
لَكُم بَهِيمَةُ الْأَنْعَامِ إِلَّا مَا يُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ غَيْرَ مُحِلِّي
الصَّيْدِ وَأَنتُمْ حُرُمٌ إِنَّ اللَّهَ يَحْكُمُ مَا يُرِيدُ ﴿١﴾

2. О верници, не осквернувајте ги прописите Аллахови, ни светиот месец, ни курбаните - оние со ѓердани украсени, ни упатените кон Храмот свет кои ја посакуваат од Господарот свој и добрината и задоволството. А кога,

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا تُحِلُّوا شَعَائِرَ اللَّهِ
وَلَا الشَّهْرَ الْحَرَامَ وَلَا الْهَدْيَ وَلَا الْقَلَائِدَ
وَلَا آمِّينَ الْبَيْتَ الْحَرَامَ يَبْتَغُونَ فَضْلًا مِّن رَّبِّهِمْ
وَرِضْوَانًا وَإِذَا حَلَلْتُمْ فَاصْطَادُوا وَلَا يَجْرِمَنَّكُمْ
شَنَآنُ قَوْمٍ أَن صَدُّوكُمْ عَنِ الْمَسْجِدِ

пак, ќе помине времето на вашиот хаџџ дозволено ви е да ловите. А омразата што ја имате кон некои луѓе кои ве одвраќаат од Месџидул-Харам никако нека не ве натера да нападнете еднинадруги; помагајте се и во доброчинство и во богобојазливост. И не помагајте се еднисодруги во грев и во непријателство! И плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Жесток Казнувач!

ٱلْحَرَامِ أَن تَعْتَدُواْ وَتَعَاوَنُواْ عَلَى ٱلْبِرِّ وَٱلتَّقْوَىٰ
وَلَا تَعَاوَنُواْ عَلَى ٱلْإِثْمِ وَٱلْعُدْوَٰنِ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَ إِنَّ
ٱللَّهَ شَدِيدُ ٱلْعِقَابِ ﴿٢﴾

3. Забрането ви е: и мрша, и крв, и свинско месо, и она што е заклано во друго а не во името Аллахово, и она што е задавено и погодено, и она што е урнато, и со рог прободено, или од ѕвер начнато - освен ако го имате заклано пред да е усмртено, и она што е заклано на жртвеници, и да ја претскажувате иднината со фрлање стрели. Тоа ви е сè порок. Денес, неверниците, изгубија надеж во верата ваша; та, не плашете се од нив, туку од Мене плашете се! Денес ви ја надополнив верата ваша и го исполнив благодатот Мој кон вас, и задоволен сум Исламот да ви биде вера. Ако некој се најде во неволја, кога гладот мете, не сакајќи да падне во грев... па,

حُرِّمَتْ عَلَيْكُمُ ٱلْمَيْتَةُ وَٱلدَّمُ وَلَحْمُ ٱلْخِنزِيرِ وَمَآ
أُهِلَّ لِغَيْرِ ٱللَّهِ بِهِۦ وَٱلْمُنْخَنِقَةُ وَٱلْمَوْقُوذَةُ
وَٱلْمُتَرَدِّيَةُ وَٱلنَّطِيحَةُ وَمَآ أَكَلَ ٱلسَّبُعُ إِلَّا مَا
ذَكَّيْتُمْ وَمَا ذُبِحَ عَلَى ٱلنُّصُبِ وَأَن تَسْتَقْسِمُواْ
بِٱلْأَزْلَٰمِ ذَٰلِكُمْ فِسْقٌ ٱلْيَوْمَ يَئِسَ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ
مِن دِينِكُمْ فَلَا تَخْشَوْهُمْ وَٱخْشَوْنِ ٱلْيَوْمَ
أَكْمَلْتُ لَكُمْ دِينَكُمْ وَأَتْمَمْتُ عَلَيْكُمْ نِعْمَتِى
وَرَضِيتُ لَكُمُ ٱلْإِسْلَٰمَ دِينًا فَمَنِ ٱضْطُرَّ فِى
مَخْمَصَةٍ غَيْرَ مُتَجَانِفٍ لِّإِثْمٍ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ
رَّحِيمٌ ﴿٣﴾

Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

4. Те прашуваат што им е дозволено, кажи: “Дозволени ви се добрата, и она што го запознавте: ловот на животните кои се за тоа поучени онака како што ве поучи Аллах. И јадете го она што оние ќе го фатат за вас, и при тоа, споменувајте го името Аллахово. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Брз Пресметувач!

يَسْـَٔلُونَكَ مَاذَآ أُحِلَّ لَهُمْ ۖ قُلْ أُحِلَّ لَكُمُ ٱلطَّيِّبَٰتُ ۙ
وَمَا عَلَّمْتُم مِّنَ ٱلْجَوَارِحِ مُكَلِّبِينَ تُعَلِّمُونَهُنَّ مِمَّا
عَلَّمَكُمُ ٱللَّهُ ۖ فَكُلُوا۟ مِمَّآ أَمْسَكْنَ عَلَيْكُمْ وَٱذْكُرُوا۟ ٱسْمَ
ٱللَّهِ عَلَيْهِ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَرِيعُ ٱلْحِسَابِ ﴿٤﴾

5. Денес ви се дозволуваат добрата; дозволена ви е храната на оние на кои им е дадена Книгата, а и храната ваша е дозволена за нив. Дозволени ви се чесните жени вернички, и чесните жени вернички од оние на кои им е дадена Книгата пред вас кога ќе им ги дадете нивните венчани подароци за да се ожените а не блуд да правите со нив, и да не ги земате за љубовници. Оној кој не верува во верата, тогаш, му пропаѓа делото негово и на Ахирет ќе биде меѓу презрените!

ٱلْيَوْمَ أُحِلَّ لَكُمُ ٱلطَّيِّبَٰتُ ۖ وَطَعَامُ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟
ٱلْكِتَٰبَ حِلٌّ لَّكُمْ وَطَعَامُكُمْ حِلٌّ لَّهُمْ ۖ وَٱلْمُحْصَنَٰتُ
مِنَ ٱلْمُؤْمِنَٰتِ وَٱلْمُحْصَنَٰتُ مِنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ
مِن قَبْلِكُمْ إِذَآ ءَاتَيْتُمُوهُنَّ أُجُورَهُنَّ مُحْصِنِينَ
غَيْرَ مُسَٰفِحِينَ وَلَا مُتَّخِذِىٓ أَخْدَانٍ ۗ وَمَن يَكْفُرْ
بِٱلْإِيمَٰنِ فَقَدْ حَبِطَ عَمَلُهُۥ وَهُوَ فِى
ٱلْءَاخِرَةِ مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ﴿٥﴾

6. О верници, кога ќе се исправите намаз да извршите, измијте ги вашите лица и вашите раце до лактовите, а главите ваши доп-

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِذَا قُمْتُمْ إِلَى ٱلصَّلَوٰةِ
فَٱغْسِلُوا۟ وُجُوهَكُمْ وَأَيْدِيَكُمْ إِلَى ٱلْمَرَافِقِ
وَٱمْسَحُوا۟ بِرُءُوسِكُمْ وَأَرْجُلَكُمْ إِلَى

рете ги со влажна рака, а нозете ваши до зглобовите. А ако сте џунуби, тогаш, избањајте се. А ако сте болни или ако сте на пат или ако некој од вас изврши нужда, или ако се состанете со жените а при тоа не најдете вода, - тогаш рацете ваши допрете ги на чиста земја и со нив допрете ги лицата ваши и рацете ваши. Аллах не сака да ве остави во неприлика. Он сака да ве очисти и да го исполни благодатот Свој кон вас за да бидете благодарни!

ٱلْكَعْبَيْنِ ۚ وَإِن كُنتُمْ جُنُبًا فَٱطَّهَّرُوا۟ ۚ وَإِن كُنتُم مَّرْضَىٰٓ أَوْ عَلَىٰ سَفَرٍ أَوْ جَآءَ أَحَدٌ مِّنكُم مِّنَ ٱلْغَآئِطِ أَوْ لَٰمَسْتُمُ ٱلنِّسَآءَ فَلَمْ تَجِدُوا۟ مَآءً فَتَيَمَّمُوا۟ صَعِيدًا طَيِّبًا فَٱمْسَحُوا۟ بِوُجُوهِكُمْ وَأَيْدِيكُم مِّنْهُ ۚ مَا يُرِيدُ ٱللَّهُ لِيَجْعَلَ عَلَيْكُم مِّنْ حَرَجٍ وَلَٰكِن يُرِيدُ لِيُطَهِّرَكُمْ وَلِيُتِمَّ نِعْمَتَهُۥ عَلَيْكُمْ لَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ﴿٦﴾

7. И сеќавајте се на благодатот Аллахов кон вас и на договорот кој го склучивте со Него кога рековте:“Слушаме и послушни сме.”Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, го знае она што е во градите!

وَٱذْكُرُوا۟ نِعْمَةَ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَمِيثَٰقَهُ ٱلَّذِى وَاثَقَكُم بِهِۦٓ إِذْ قُلْتُمْ سَمِعْنَا وَأَطَعْنَا ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌۢ بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ﴿٧﴾

8. О верници, бидете истрајни во тоа и, заради Аллах, сведочете праведно. И омразата кон еден народ нека не ве натера да бидете неправедни. Бидете праведни. Праведноста е поблиску до богобојазливоста. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Известен за она што го работите!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ كُونُوا۟ قَوَّٰمِينَ لِلَّهِ شُهَدَآءَ بِٱلْقِسْطِ ۖ وَلَا يَجْرِمَنَّكُمْ شَنَـَٔانُ قَوْمٍ عَلَىٰٓ أَلَّا تَعْدِلُوا۟ ۚ ٱعْدِلُوا۟ هُوَ أَقْرَبُ لِلتَّقْوَىٰ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ خَبِيرٌۢ بِمَا تَعْمَلُونَ ﴿٨﴾

9. На оние кои веруваат и кои прават добри дела Аллах им вети и прошка и награда голема,

وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ ۙ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ عَظِيمٌ ﴿٩﴾

10. а оние кои не веруваат и кои ги сметаат за лажни ајетите Наши оние се жители џехеннемски!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَكَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَآ أُو۟لَٰٓئِكَ أَصْحَٰبُ ٱلْجَحِيمِ ﴿١٠﴾

11. О верници, сеќавајте се на благодатот Аллахов кон вас кога една дружина сакаше да ги пружи нивните раце над вас па Он ги запре рацете нивни. Плашете се од Аллах! Та, врз Аллах нека се потпираат верниците!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ ٱذۡكُرُواْ نِعۡمَتَ ٱللَّهِ عَلَيۡكُمۡ إِذۡ هَمَّ قَوۡمٌ أَن يَبۡسُطُوٓاْ إِلَيۡكُمۡ أَيۡدِيَهُمۡ فَكَفَّ أَيۡدِيَهُمۡ عَنكُمۡۖ وَٱتَّقُواْ ٱللَّهَۚ وَعَلَى ٱللَّهِ فَلۡيَتَوَكَّلِ ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ١١

12. И Аллах веќе го прифати Договорот со синовите Израилови. И од нив испративме дванаесет старешини. И Аллах рече:“Јас сум со вас, навистина! И ако намаз извршувате, и ако зекат давате, и ако во пејгамберите Мои верувате и ако им помагате и ако на Аллах му дадете заем добар ќе ги отстранам од вас лошотиите ваши и ќе ве воведам во бавчите џеннетски низ кои реки течат.” И кој од вас по тој договор не верува - скршнува по лошиот пат, секако!

۞ وَلَقَدۡ أَخَذَ ٱللَّهُ مِيثَٰقَ بَنِيٓ إِسۡرَٰٓءِيلَ وَبَعَثۡنَا مِنۡهُمُ ٱثۡنَيۡ عَشَرَ نَقِيبٗاۖ وَقَالَ ٱللَّهُ إِنِّي مَعَكُمۡۖ لَئِنۡ أَقَمۡتُمُ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتَيۡتُمُ ٱلزَّكَوٰةَ وَءَامَنتُم بِرُسُلِي وَعَزَّرۡتُمُوهُمۡ وَأَقۡرَضۡتُمُ ٱللَّهَ قَرۡضًا حَسَنٗا لَّأُكَفِّرَنَّ عَنكُمۡ سَيِّـَٔاتِكُمۡ وَلَأُدۡخِلَنَّكُمۡ جَنَّٰتٖ تَجۡرِي مِن تَحۡتِهَا ٱلۡأَنۡهَٰرُۚ فَمَن كَفَرَ بَعۡدَ ذَٰلِكَ مِنكُمۡ فَقَدۡ ضَلَّ سَوَآءَ ٱلسَّبِيلِ ١٢

13. И бидејќи го прекршија договорот свој, ги проколнивме и ги затврднавме срцата нивни; зборовите на договорот од некои места ги преиначија и заборавија на еден голем дел од она со што беа опоменувани. И постојано, освен мал број од нив, ќе ги гледаш како го изневеруваат Договорот. Па, прости им и

فَبِمَا نَقۡضِهِم مِّيثَٰقَهُمۡ لَعَنَّٰهُمۡ وَجَعَلۡنَا قُلُوبَهُمۡ قَٰسِيَةٗۖ يُحَرِّفُونَ ٱلۡكَلِمَ عَن مَّوَاضِعِهِۦ وَنَسُواْ حَظّٗا مِّمَّا ذُكِّرُواْ بِهِۦۚ وَلَا تَزَالُ تَطَّلِعُ عَلَىٰ خَآئِنَةٖ مِّنۡهُمۡ إِلَّا قَلِيلٗا مِّنۡهُمۡۖ فَٱعۡفُ عَنۡهُمۡ وَٱصۡفَحۡۚ إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ ٱلۡمُحۡسِنِينَ ١٣

оддалечи се од нив! Аллах, навистина ги љуби доброчинителите!

14. и од оние кои зборуваат: “Ние сме христијани.” Ние го прифативме Договорот нивни. Па, оние заборавија на еден голем дел од она со што беа опоменувани. И меѓу нив Ние уфрливме и непријателство и омраза сè до Денот суден. Потоа ќе бидат известени од Аллах за она што го работеа.

وَمِنَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ إِنَّا نَصَٰرَىٰٓ أَخَذۡنَا مِيثَٰقَهُمۡ فَنَسُواْ حَظّٗا مِّمَّا ذُكِّرُواْ بِهِۦ فَأَغۡرَيۡنَا بَيۡنَهُمُ ٱلۡعَدَاوَةَ وَٱلۡبَغۡضَآءَ إِلَىٰ يَوۡمِ ٱلۡقِيَٰمَةِۚ وَسَوۡفَ يُنَبِّئُهُمُ ٱللَّهُ بِمَا كَانُواْ يَصۡنَعُونَ ١٤

15. О Следбеници на Книгата, ви дојде, секако, наш пејгамбер кој ви објаснува голем дел од Книгата - што бевте го криеле, а преку голем дел поминува. Ви дојде од Аллах Светлина и Книга јасна.

يَٰٓأَهۡلَ ٱلۡكِتَٰبِ قَدۡ جَآءَكُمۡ رَسُولُنَا يُبَيِّنُ لَكُمۡ كَثِيرٗا مِّمَّا كُنتُمۡ تُخۡفُونَ مِنَ ٱلۡكِتَٰبِ وَيَعۡفُواْ عَن كَثِيرٖۚ قَدۡ جَآءَكُم مِّنَ ٱللَّهِ نُورٞ وَكِتَٰبٞ مُّبِينٞ ١٥

16. Со неа Аллах ги упатува кон патиштата спасувачки оние кои го следат задоволството Негово и ги изведува, со одобрението Свое, од темнина во светлина, и ги упатува по патот вистински.

يَهۡدِي بِهِ ٱللَّهُ مَنِ ٱتَّبَعَ رِضۡوَٰنَهُۥ سُبُلَ ٱلسَّلَٰمِ وَيُخۡرِجُهُم مِّنَ ٱلظُّلُمَٰتِ إِلَى ٱلنُّورِ بِإِذۡنِهِۦ وَيَهۡدِيهِمۡ إِلَىٰ صِرَٰطٖ مُّسۡتَقِيمٖ ١٦

17. Не веруваат, секако, оние кои зборуваат: “Аллах, навистина, е Месих, синот на Мерјем” Кажи:“Кој може нешто да присвои од Аллах ако Он посака да го уништи Месих, синот на Мерјем и неговата Мајка и сè она

لَّقَدۡ كَفَرَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ إِنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلۡمَسِيحُ ٱبۡنُ مَرۡيَمَۚ قُلۡ فَمَن يَمۡلِكُ مِنَ ٱللَّهِ شَيۡـًٔا إِنۡ أَرَادَ أَن يُهۡلِكَ ٱلۡمَسِيحَ ٱبۡنَ مَرۡيَمَ وَأُمَّهُۥ وَمَن فِي ٱلۡأَرۡضِ جَمِيعٗاۗ وَلِلَّهِ مُلۡكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِ وَمَا بَيۡنَهُمَاۚ يَخۡلُقُ مَا يَشَآءُۚ وَٱللَّهُ

што е на Земјата?" Власта и на небесата и на Земјата и меѓу нив е - Аллахова! Он твори со посак Свој, и Аллах е Кадар за сѐ!

عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ١٧

18. И Евреите и христијаните зборуваа:"Ние сме синови Аллахови и љубимци Негови." Кажи: "Зошто, тогаш, Аллах ве казнува за гревовите ваши?" Но не! Вие сте луѓе, од оние кои Он ги создаде. Аллах некого со посак Свој наградува, а некого, со посак Свој, казнува. Власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова. Свратилиштето е - кон Него!

وَقَالَتِ الْيَهُودُ وَالنَّصَارَىٰ نَحْنُ أَبْنَاءُ اللَّهِ
وَأَحِبَّاؤُهُ ۚ قُلْ فَلِمَ يُعَذِّبُكُم بِذُنُوبِكُم ۖ بَلْ أَنتُم
بَشَرٌ مِّمَّنْ خَلَقَ ۚ يَغْفِرُ لِمَن يَشَاءُ وَيُعَذِّبُ مَن
يَشَاءُ ۚ وَلِلَّهِ مُلْكُ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ
وَمَا بَيْنَهُمَا ۖ وَإِلَيْهِ الْمَصِيرُ ١٨

19. О Следбеници на Книгата, ви дојде пејгамбер Наш да ви објасни, по прекинот на пејгамбери, за да не речете:"Не ни дојде ни: радосник ни опоменувач." А веќе ви дојде и радосник и опоменувач. А Аллах е Кадар за сѐ!

يَا أَهْلَ الْكِتَابِ قَدْ جَاءَكُمْ رَسُولُنَا يُبَيِّنُ لَكُمْ
عَلَىٰ فَتْرَةٍ مِّنَ الرُّسُلِ أَن تَقُولُوا مَا جَاءَنَا مِن بَشِيرٍ
وَلَا نَذِيرٍ ۖ فَقَدْ جَاءَكُم بَشِيرٌ وَنَذِيرٌ ۗ وَاللَّهُ
عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ١٩

20. И кога Муса му рече на народот свој: "О народе мој, сетете се на Аллаховиот благодат кон вас кога Он, меѓу вас, испрати пејгамбери и кога ве определи за владетели, и кога вам ви го даде она што не му е дадено на ниеден народ."

وَإِذْ قَالَ مُوسَىٰ لِقَوْمِهِ يَا قَوْمِ اذْكُرُوا نِعْمَةَ
اللَّهِ عَلَيْكُمْ إِذْ جَعَلَ فِيكُمْ أَنبِيَاءَ وَجَعَلَكُم
مُّلُوكًا وَآتَاكُم مَّا لَمْ يُؤْتِ أَحَدًا مِّنَ الْعَالَمِينَ ٢٠

21. О народе мој, влезете во Светата земја која Аллах ви ја одреди. Не повлекувајте се на-

يَا قَوْمِ ادْخُلُوا الْأَرْضَ الْمُقَدَّسَةَ الَّتِي كَتَبَ اللَّهُ
لَكُمْ وَلَا تَرْتَدُّوا عَلَىٰ أَدْبَارِكُمْ فَتَنقَلِبُوا خَاسِرِينَ ٢١

зад:“Па, ќе се вратите поразени.”

22. Рекоа:“О Муса, во неа се наоѓа еден народ насилнички. И Ние не ќе влеземе во неа сѐ додека не излезат од неа. Ако излезат од неа, тогаш, Ние ќе влеземе.

قَالُوا۟ يَـٰمُوسَىٰٓ إِنَّ فِيهَا قَوْمًا جَبَّارِينَ وَإِنَّا لَن
نَّدْخُلَهَا حَتَّىٰ يَخْرُجُوا۟ مِنْهَا فَإِن يَخْرُجُوا۟
مِنْهَا فَإِنَّا دَٰخِلُونَ ٢٢

23. Два човека од оние кои се плашеа, исполнети со задоволство Аллахово, рекоа:“Влезете им низ вратата. Ако влезете низ неа па, вие, навистина, победници сте! Потпирајте се, тогаш, врз Аллах ако сте верници!”

قَالَ رَجُلَانِ مِنَ ٱلَّذِينَ يَخَافُونَ أَنْعَمَ ٱللَّهُ
عَلَيْهِمَا ٱدْخُلُوا۟ عَلَيْهِمُ ٱلْبَابَ فَإِذَا دَخَلْتُمُوهُ
فَإِنَّكُمْ غَـٰلِبُونَ ۚ وَعَلَى ٱللَّهِ فَتَوَكَّلُوٓا۟
إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ٢٣

24. Рекоа:“О Муса, Ние никогаш, навистина, не ќе влеземе во неа додека се оние таму. Влезете ти и Господарот твој, и борете се. Ние овде ќе отседнеме, навистина!

قَالُوا۟ يَـٰمُوسَىٰٓ إِنَّا لَن نَّدْخُلَهَآ أَبَدًا مَّا دَامُوا۟ فِيهَا ۖ
فَٱذْهَبْ أَنتَ وَرَبُّكَ فَقَـٰتِلَآ إِنَّا هَـٰهُنَا
قَـٰعِدُونَ ٢٤

25. Рече:“О Господаре, јас, навистина, владеам само со себе и со мојот брат. Направи, тогаш, разлика меѓу нас и народот расипан!”

قَالَ رَبِّ إِنِّى لَآ أَمْلِكُ إِلَّا نَفْسِى وَأَخِى ۖ فَٱفْرُقْ
بَيْنَنَا وَبَيْنَ ٱلْقَوْمِ ٱلْفَـٰسِقِينَ ٢٥

26. А Аллах рече: “Е, таа земја им е забранета: четириесет години талкаат по земјата, па ти не грижи се за народот расипан!”

قَالَ فَإِنَّهَا مُحَرَّمَةٌ عَلَيْهِمْ ۛ أَرْبَعِينَ سَنَةً ۛ
يَتِيهُونَ فِى ٱلْأَرْضِ ۚ فَلَا تَأْسَ عَلَى ٱلْقَوْمِ
ٱلْفَـٰسِقِينَ ٢٦

27. И кажувај им го кажувањето сосем вистинско за синовите

۞ وَٱتْلُ عَلَيْهِمْ نَبَأَ ٱبْنَىْ ءَادَمَ بِٱلْحَقِّ إِذْ قَرَّبَا

Адемови. Кога оние поднесоа жртва и, ете, од едниот беше примена, а од другиот не беше примена. Едниот рече: “Ќе те убијам” Рече: Аллах, навистина, ги прима од богобојазливите.”

قُرْبَانًا فَتُقُبِّلَ مِنْ أَحَدِهِمَا وَلَمْ يُتَقَبَّلْ مِنَ ٱلْآخَرِ
قَالَ لَأَقْتُلَنَّكَ قَالَ إِنَّمَا يَتَقَبَّلُ ٱللَّهُ
مِنَ ٱلْمُتَّقِينَ ٢٧

28. Кога би ја пружил раката твоја да ме убиеш јас никогаш не би ја пружил ракава моја да те убијам. Да, јас се плашам од Аллах, Господарот на световите!”

لَئِنْ بَسَطتَ إِلَيَّ يَدَكَ لِتَقْتُلَنِي مَآ أَنَا۠ بِبَاسِطٍ يَدِيَ
إِلَيْكَ لِأَقْتُلَكَ إِنِّيٓ أَخَافُ ٱللَّهَ رَبَّ ٱلْعَٰلَمِينَ ٢٨

29. Јас, навистина, сакам да го понесеш и мојот грев и твојот грев и на тој начин да станеш меѓу жителите на огнот. Ете, тоа е награда за зулумќарите!

إِنِّيٓ أُرِيدُ أَن تَبُوٓأَ بِإِثْمِي وَإِثْمِكَ فَتَكُونَ
مِنْ أَصْحَٰبِ ٱلنَّارِ وَذَٰلِكَ جَزَٰٓؤُا۟ ٱلظَّٰلِمِينَ ٢٩

30. И го поттикна, тогаш, страста да го убие брата си и - го уби. Па, стана еден од поразените!

فَطَوَّعَتْ لَهُۥ نَفْسُهُۥ قَتْلَ أَخِيهِ فَقَتَلَهُۥ فَأَصْبَحَ
مِنَ ٱلْخَٰسِرِينَ ٣٠

31. Па, Аллах испрати еден гавран да копа по земјата за да му покаже како да го покрие голото тело на брата си. И рече: “Тешко мене! Зарем сум немоќен, како овој гавран, да го покријам телото на брат ми?” И, тогаш, се покаја.

فَبَعَثَ ٱللَّهُ غُرَابًا يَبْحَثُ فِي ٱلْأَرْضِ لِيُرِيَهُۥ
كَيْفَ يُوَٰرِي سَوْءَةَ أَخِيهِ قَالَ يَٰوَيْلَتَىٰٓ
أَعَجَزْتُ أَنْ أَكُونَ مِثْلَ هَٰذَا ٱلْغُرَابِ فَأُوَٰرِيَ
سَوْءَةَ أَخِي فَأَصْبَحَ مِنَ ٱلنَّٰدِمِينَ ٣١

32. И заради тоа Ние им пропишавме на синовите Израилови дека, секако, оној кој ќе убие еден човек, кој не убил никого и кој не прави безредие по земјата...како да ги убил сите луѓе, а оној кој ќе спаси еден човек...како да ги спасил сите луѓе. Пејгамберите Наши им доаѓаа

مِنْ أَجْلِ ذَٰلِكَ كَتَبْنَا عَلَىٰ بَنِيٓ إِسْرَٰٓءِيلَ أَنَّهُۥ
مَن قَتَلَ نَفْسًۢا بِغَيْرِ نَفْسٍ أَوْ فَسَادٍ فِي ٱلْأَرْضِ
فَكَأَنَّمَا قَتَلَ ٱلنَّاسَ جَمِيعًا وَمَنْ أَحْيَاهَا
فَكَأَنَّمَآ أَحْيَا ٱلنَّاسَ جَمِيعًا وَلَقَدْ
جَآءَتْهُمْ رُسُلُنَا بِٱلْبَيِّنَٰتِ ثُمَّ إِنَّ كَثِيرًا مِّنْهُم
بَعْدَ ذَٰلِكَ فِي ٱلْأَرْضِ لَمُسْرِفُونَ ٣٢

со јаснотии, и голем број од нив, по тоа, на земјата со испадите претеруваа.

33. Казната за оние кои војуваат против Аллах и против пејгамберот Негов и кои настојуваат на земјата да прават безредие е: да се убијат или да се распнат или да им се исечат и рацете нивни и нозете нивни накрсно или да се истераат од земјата. Ете, тоа е казната нивна на овој свет. А за нив на Ахирет има казна голема,

إِنَّمَا جَزَٰٓؤُاْ ٱلَّذِينَ يُحَارِبُونَ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ
وَيَسْعَوْنَ فِى ٱلْأَرْضِ فَسَادًا أَن يُقَتَّلُوٓاْ
أَوْ يُصَلَّبُوٓاْ أَوْ تُقَطَّعَ أَيْدِيهِمْ
وَأَرْجُلُهُم مِّنْ خِلَٰفٍ أَوْ يُنفَوْاْ مِنَ ٱلْأَرْضِ ۚ
ذَٰلِكَ لَهُمْ خِزْىٌ فِى ٱلدُّنْيَا ۖ
وَلَهُمْ فِى ٱلْءَاخِرَةِ عَذَابٌ عَظِيمٌ ٣٣

34. освен оние кои се покајаа пред да паднат под ваша моќ. Па, знајте дека Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُواْ مِن قَبْلِ أَن تَقْدِرُواْ عَلَيْهِمْ ۖ
فَٱعْلَمُوٓاْ أَنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ٣٤

35. О верници, плашете се од Аллах и барајте начин на кој ќе Му пристапите, и борете се на Неговиот пат за да бидете спасени!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ ٱتَّقُواْ ٱللَّهَ وَٱبْتَغُوٓاْ
إِلَيْهِ ٱلْوَسِيلَةَ وَجَٰهِدُواْ فِى سَبِيلِهِۦ
لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ٣٥

36. Кога сето она што е на земјава би било на оние кои не веруваат, па дури и повеќе од тоа, не би им било примено за откуп на казната на Денот суден. За нив има казна болна.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ لَوْ أَنَّ لَهُم مَّا فِى ٱلْأَرْضِ
جَمِيعًا وَمِثْلَهُۥ مَعَهُۥ لِيَفْتَدُواْ بِهِۦ مِنْ عَذَابِ
يَوْمِ ٱلْقِيَٰمَةِ مَا تُقُبِّلَ مِنْهُمْ ۖ وَلَهُمْ عَذَابٌ
أَلِيمٌ ٣٦

37. Ќе посакаат да излезат од огнот, а нема да излезат од него. За нив има казна постојана.

يُرِيدُونَ أَن يَخْرُجُواْ مِنَ ٱلنَّارِ وَمَا هُم
بِخَٰرِجِينَ مِنْهَا ۖ وَلَهُمْ عَذَابٌ مُّقِيمٌ ٣٧

38. А на крадецот и крадливката, исечете им ги рацете нивни како

وَٱلسَّارِقُ وَٱلسَّارِقَةُ فَٱقْطَعُوٓاْ أَيْدِيَهُمَا جَزَآءً

казна за она што го спечалија; тоа од Аллах нека им биде надоместок. Аллах е Силен и Мудар!

بِمَا كَسَبَا نَكَٰلٗا مِّنَ ٱللَّهِۗ وَٱللَّهُ عَزِيزٌ حَكِيمٞ ٣٨

39. Па, оној кој ќе се покае по својот зулум или кој ќе се поправи - па Аллах, навистина, ќе му прости. Аллах е Простувач и Сомилосен!

فَمَن تَابَ مِنۢ بَعۡدِ ظُلۡمِهِۦ وَأَصۡلَحَ فَإِنَّ ٱللَّهَ يَتُوبُ عَلَيۡهِۗ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٌ ٣٩

40. Не знаеш ли дека власта и на небесата и на Земјата е - Аллахова! Аллах некого казнува со посак Свој, а некому со посак Свој Аллах му простува. Аллах е Кадар за сѐ!

أَلَمۡ تَعۡلَمۡ أَنَّ ٱللَّهَ لَهُۥ مُلۡكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِ يُعَذِّبُ مَن يَشَآءُ وَيَغۡفِرُ لِمَن يَشَآءُۗ وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَيۡءٖ قَدِيرٞ ٤٠

41. О пејгамберу, нека не те загрижува делото на оние кои брзаа во неверувањето, оние кои со устите свои зборуваат: "Ние веруваме "- а не веруваат срцата нивни. И Евреите кои само лаги слушаат и кои од други слушаат а, кои, всушност, не ти доаѓаа; на некои места зборовите ги преиначуваат, зборувајќи: "Ако ви е ова дадено, тогаш, прифатете го, а ако не ви е дадено, тогаш, не прифаќајте го!" На оној што ќе го остави Аллах во неговата сплетка ти никогаш не ќе можеш било што да му осигураш од Аллах. Срцата на онаквите Аллах не сака да ги очисти. За

۞يَٰٓأَيُّهَا ٱلرَّسُولُ لَا يَحۡزُنكَ ٱلَّذِينَ يُسَٰرِعُونَ فِي ٱلۡكُفۡرِ مِنَ ٱلَّذِينَ قَالُوٓاْ ءَامَنَّا بِأَفۡوَٰهِهِمۡ وَلَمۡ تُؤۡمِن قُلُوبُهُمۡۛ وَمِنَ ٱلَّذِينَ هَادُواْۛ سَمَّٰعُونَ لِلۡكَذِبِ سَمَّٰعُونَ لِقَوۡمٍ ءَاخَرِينَ لَمۡ يَأۡتُوكَۖ يُحَرِّفُونَ ٱلۡكَلِمَ مِنۢ بَعۡدِ مَوَاضِعِهِۦۖ يَقُولُونَ إِنۡ أُوتِيتُمۡ هَٰذَا فَخُذُوهُ وَإِن لَّمۡ تُؤۡتَوۡهُ فَٱحۡذَرُواْۚ وَمَن يُرِدِ ٱللَّهُ فِتۡنَتَهُۥ فَلَن تَمۡلِكَ لَهُۥ مِنَ ٱللَّهِ شَيۡـًٔاۚ أُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَمۡ يُرِدِ ٱللَّهُ أَن يُطَهِّرَ قُلُوبَهُمۡۚ لَهُمۡ فِي ٱلدُّنۡيَا خِزۡيٞۖ وَلَهُمۡ فِي ٱلۡأٓخِرَةِ عَذَابٌ عَظِيمٞ ٤١

нив на овој свет има надоместок, а на Ахирет има казна голема.

42. Слушаат само лаги многу и кои ненаситнички јадат забранета храна. Па, ако ти дојдат пресуди им или занемари ги. А ако, пак, ги занемариш, тогаш, никогаш во ништо не ќе ти наштетат, а ако им пресудуваш, тогаш, суди меѓу нив праведно. Аллах, навистина, ги љуби праведните!

سَمَّٰعُونَ لِلْكَذِبِ أَكَّٰلُونَ لِلسُّحْتِ ۚ
فَإِن جَآءُوكَ فَٱحْكُم بَيْنَهُمْ أَوْ أَعْرِضْ عَنْهُمْ ۖ
وَإِن تُعْرِضْ عَنْهُمْ فَلَن يَضُرُّوكَ شَيْـًٔا ۖ
وَإِنْ حَكَمْتَ فَٱحْكُم بَيْنَهُم بِٱلْقِسْطِ ۚ
إِنَّ ٱللَّهَ يُحِبُّ ٱلْمُقْسِطِينَ ﴿٤٢﴾

43. И како можат од тебе да бараат да им пресудиш - а кај нив е Теврат во кого се наоѓа пресудата Аллахова - а потоа ги вртат своите плеќи...та, навистина, се неверници!

وَكَيْفَ يُحَكِّمُونَكَ وَعِندَهُمُ ٱلتَّوْرَىٰةُ فِيهَا حُكْمُ
ٱللَّهِ ثُمَّ يَتَوَلَّوْنَ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ ۚ
وَمَآ أُو۟لَٰٓئِكَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٣﴾

44. Ние, навистина, објавивме Теврат. Во Него има Патоказ и светлина. Пејгамберите според него им судеа на Евреите кои беа послушни. И рабините и побожните луѓе од кои се бараше да ја чуваат Книгата Аллахова, и за која беа сведоци. Па, не плаши се од луѓето, туку плаши се од Мене. И, тогаш, не продавај ги ајетите Мои за нешто што малку вреди. А оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, неверници се!

إِنَّآ أَنزَلْنَا ٱلتَّوْرَىٰةَ فِيهَا هُدًى وَنُورٌ ۚ يَحْكُمُ بِهَا
ٱلنَّبِيُّونَ ٱلَّذِينَ أَسْلَمُوا۟ لِلَّذِينَ هَادُوا۟
وَٱلرَّبَّٰنِيُّونَ وَٱلْأَحْبَارُ بِمَا ٱسْتُحْفِظُوا۟
مِن كِتَٰبِ ٱللَّهِ وَكَانُوا۟ عَلَيْهِ شُهَدَآءَ ۚ فَلَا
تَخْشَوُا۟ ٱلنَّاسَ وَٱخْشَوْنِ وَلَا تَشْتَرُوا۟
بِـَٔايَٰتِى ثَمَنًا قَلِيلًا ۚ وَمَن لَّمْ يَحْكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ
فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿٤٤﴾

45. Ние им пропишавме: живот за живот, уво за уво, око за око, заб за заб а за рана - одмазда. А на оној кој ќе се откаже од одмаздата тоа ќе му биде откуп

وَكَتَبْنَا عَلَيْهِمْ فِيهَآ أَنَّ ٱلنَّفْسَ بِٱلنَّفْسِ
وَٱلْعَيْنَ بِٱلْعَيْنِ وَٱلْأَنفَ بِٱلْأَنفِ
وَٱلْأُذُنَ بِٱلْأُذُنِ وَٱلسِّنَّ بِٱلسِّنِّ وَٱلْجُرُوحَ

за гревовите. Оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, зулумќари се!

قِصَاصٌۚ فَمَن تَصَدَّقَ بِهِۦ فَهُوَ كَفَّارَةٌ لَّهُۥۚ وَمَن لَّمۡ يَحۡكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلظَّٰلِمُونَ ٤٥

46. По трагите нивни го испративме Иса, синот на Мерјем, Потврда за она што беше меѓу нив од Теврат, и му објавивме Инџил. Во него има Патоказ и Светлина, и Потврда за она што беше меѓу нив од Теврат, Патоказ и Ука за богобојазливите!

وَقَفَّيۡنَا عَلَىٰٓ ءَاثَٰرِهِم بِعِيسَى ٱبۡنِ مَرۡيَمَ مُصَدِّقٗا لِّمَا بَيۡنَ يَدَيۡهِ مِنَ ٱلتَّوۡرَىٰةِۖ وَءَاتَيۡنَٰهُ ٱلۡإِنجِيلَ فِيهِ هُدٗى وَنُورٞ وَمُصَدِّقٗا لِّمَا بَيۡنَ يَدَيۡهِ مِنَ ٱلتَّوۡرَىٰةِ وَهُدٗى وَمَوۡعِظَةٗ لِّلۡمُتَّقِينَ ٤٦

47. И следбениците на Инџил нека судат според она што го објави Аллах во него. Оние кои не судат според она што го објави Аллах - та, расипани се!

وَلۡيَحۡكُمۡ أَهۡلُ ٱلۡإِنجِيلِ بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فِيهِۚ وَمَن لَّمۡ يَحۡكُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡفَٰسِقُونَ ٤٧

48. И Ние тебе, секако, ти објавивме Книга со вистина, Потврда за Книгата што му се објави и нејзин заштитник. Па, суди меѓу нив според она што го објави Аллах во неа. Па, не следи ги страстите нивни, и не оддалечувај се од вистината која ти дојде. И за сите вас Ние пропишавме закон и пат. Аллах да сакаше ќе ве направеше еден народ. Но, не! Аллах сака да ве испроба за она што Он ви го даде. Еднисодруги, тогаш, предначете во добри дела зашто враќањето на сите вас води до Аллах и Он ќе ве извести за делениците ваши!

وَأَنزَلۡنَآ إِلَيۡكَ ٱلۡكِتَٰبَ بِٱلۡحَقِّ مُصَدِّقٗا لِّمَا بَيۡنَ يَدَيۡهِ مِنَ ٱلۡكِتَٰبِ وَمُهَيۡمِنًا عَلَيۡهِۖ فَٱحۡكُم بَيۡنَهُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُۖ وَلَا تَتَّبِعۡ أَهۡوَآءَهُمۡ عَمَّا جَآءَكَ مِنَ ٱلۡحَقِّۚ لِكُلّٖ جَعَلۡنَا مِنكُمۡ شِرۡعَةٗ وَمِنۡهَاجٗاۚ وَلَوۡ شَآءَ ٱللَّهُ لَجَعَلَكُمۡ أُمَّةٗ وَٰحِدَةٗ وَلَٰكِن لِّيَبۡلُوَكُمۡ فِي مَآ ءَاتَىٰكُمۡۖ فَٱسۡتَبِقُواْ ٱلۡخَيۡرَٰتِۚ إِلَى ٱللَّهِ مَرۡجِعُكُمۡ جَمِيعٗا فَيُنَبِّئُكُم بِمَا كُنتُمۡ فِيهِ تَخۡتَلِفُونَ ٤٨

49. И суди меѓу луѓето според она што го објави Аллах. Не следи ги страстите нивни, и чувај се да не ти направат сплетка во дел од она што го објави Аллах. А ако ги свртат плеќите - та, знај дека Аллах сака да ги снајде несреќа заради некои од гревовите нивни. Мнозинството од луѓето, навистина, се расипани!

وَأَنِ ٱحْكُم بَيْنَهُم بِمَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ وَلَا تَتَّبِعْ أَهْوَآءَهُمْ وَٱحْذَرْهُمْ أَن يَفْتِنُوكَ عَنۢ بَعْضِ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ إِلَيْكَ ۖ فَإِن تَوَلَّوْا۟ فَٱعْلَمْ أَنَّمَا يُرِيدُ ٱللَّهُ أَن يُصِيبَهُم بِبَعْضِ ذُنُوبِهِمْ ۗ وَإِنَّ كَثِيرًا مِّنَ ٱلنَّاسِ لَفَٰسِقُونَ ﴿٤٩﴾

50. Судењето ли од џахилијјетот оние го бараат? А кој суди подобро од Аллах за луѓето кои се во верувањето уверени?

أَفَحُكْمَ ٱلْجَٰهِلِيَّةِ يَبْغُونَ ۚ وَمَنْ أَحْسَنُ مِنَ ٱللَّهِ حُكْمًا لِّقَوْمٍ يُوقِنُونَ ﴿٥٠﴾

51. О верници, не земајте ги Евреите и христијаните за заштитници. Оние се еднинадруги заштитници. А оние кои ќе ги земат за заштитници од вас - од нив се, навистина! Аллах, секако, не го упатува народот зулумќарски!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَتَّخِذُوا۟ ٱلْيَهُودَ وَٱلنَّصَٰرَىٰٓ أَوْلِيَآءَ ۘ بَعْضُهُمْ أَوْلِيَآءُ بَعْضٍ ۚ وَمَن يَتَوَلَّهُم مِّنكُمْ فَإِنَّهُۥ مِنْهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهْدِى ٱلْقَوْمَ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٥١﴾

52. Па, ги гледаш, оние кои во срцата свои имаат болештина, како се натпреваруваат во тоа. Зборуваат:“Се плашиме да не ни се сврти несреќа некаква!” А Аллах ќе донесе победа или ќе даде од Себе некаква наредба па ќе осамнат, каејќи се за она што го криеја во душите свои.

فَتَرَى ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ يُسَٰرِعُونَ فِيهِمْ يَقُولُونَ نَخْشَىٰٓ أَن تُصِيبَنَا دَآئِرَةٌ ۚ فَعَسَى ٱللَّهُ أَن يَأْتِىَ بِٱلْفَتْحِ أَوْ أَمْرٍ مِّنْ عِندِهِۦ فَيُصْبِحُوا۟ عَلَىٰ مَآ أَسَرُّوا۟ فِىٓ أَنفُسِهِمْ نَٰدِمِينَ ﴿٥٢﴾

53. А верниците, пак, ќе речат: “ Оние ли се кои се колнеа во Аллах со тешка заклетва своја дека

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ أَهَٰٓؤُلَآءِ ٱلَّذِينَ أَقْسَمُوا۟ بِٱللَّهِ جَهْدَ أَيْمَٰنِهِمْ ۙ إِنَّهُمْ لَمَعَكُمْ ۚ حَبِطَتْ أَعْمَٰلُهُمْ

се, навистина, со вас. Делата нивни ќе пропаднат и, тогаш, ќе осамнат поразени!

فَأَصْبَحُوا خَاسِرِينَ ﴿٥٣﴾

54. О верници, оној од вас кој ќе отстапи од верата своја - та, Аллах ќе донесе народ што Он го љуби, и што оние го љубат: кон верниците ќе бидат милостиви, а кон неверниците ќе бидат груби; се борат на Аллаховиот пат и нема да се плашат од каков било укор на укорувачите. Ете, тоа е добрината Аллахова која ја дава со посак Свој. Аллах е Неизмерен и Званец!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا مَن يَرْتَدَّ مِنكُمْ عَن دِينِهِ فَسَوْفَ
يَأْتِي اللَّهُ بِقَوْمٍ يُحِبُّهُمْ وَيُحِبُّونَهُ أَذِلَّةٍ عَلَى الْمُؤْمِنِينَ
أَعِزَّةٍ عَلَى الْكَافِرِينَ يُجَاهِدُونَ فِي سَبِيلِ اللَّهِ وَلَا
يَخَافُونَ لَوْمَةَ لَائِمٍ ذَٰلِكَ فَضْلُ اللَّهِ يُؤْتِيهِ مَن يَشَاءُ
وَاللَّهُ وَاسِعٌ عَلِيمٌ ﴿٥٤﴾

55. Заштитникот ваш, навистина, е Аллах и пејгамберот Негов и оние кои веруваат и кои намаз извршуваат и кои зекат даваат. Овие се, токму, поклониците!

إِنَّمَا وَلِيُّكُمُ اللَّهُ وَرَسُولُهُ وَالَّذِينَ آمَنُوا الَّذِينَ يُقِيمُونَ
الصَّلَاةَ وَيُؤْتُونَ الزَّكَاةَ وَهُمْ رَاكِعُونَ ﴿٥٥﴾

56. Оној кој ќе ги земе за заштитници Аллаха и пејгамберот Негов и оние кои веруваат - та, Аллаховата дружина ќе победи!

وَمَن يَتَوَلَّ اللَّهَ وَرَسُولَهُ وَالَّذِينَ آمَنُوا فَإِنَّ حِزْبَ اللَّهِ
هُمُ الْغَالِبُونَ ﴿٥٦﴾

57. О верници, не земајте ги за заштитници оние кои ја земаат верата ваша за игра, исмевање на оние на кои им беше дадена Книгата пред вас и на неверниците. Плашете се од Аллах ако сте верници!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا تَتَّخِذُوا الَّذِينَ اتَّخَذُوا دِينَكُمْ هُزُوًا
وَلَعِبًا مِّنَ الَّذِينَ أُوتُوا الْكِتَابَ مِن قَبْلِكُمْ وَالْكُفَّارَ
أَوْلِيَاءَ وَاتَّقُوا اللَّهَ إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿٥٧﴾

58. И кога повикувате кон намаз - тоа го земаат за игра и исмевање. Ова е заради тоа што се луѓе кои не сфаќаат!

وَإِذَا نَادَيْتُمْ إِلَى الصَّلَوٰةِ اتَّخَذُوهَا هُزُوًا وَلَعِبًا ۚ ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ قَوْمٌ لَّا يَعْقِلُونَ ٥٨

59. Кажи:“О следбеници на Книгата, зарем ќе ни приговарате затоа што веруваме во Аллах и во она што е објавено порано?” А мнозинството од вас се расипани!

قُلْ يَٰٓأَهْلَ الْكِتَٰبِ هَلْ تَنقِمُونَ مِنَّآ إِلَّآ أَنْ ءَامَنَّا بِاللَّهِ وَمَآ أُنزِلَ إِلَيْنَا وَمَآ أُنزِلَ مِن قَبْلُ وَأَنَّ أَكْثَرَكُمْ فَٰسِقُونَ ٥٩

60. Кажи:“Да ве известам ли за она што е полошо од тоа за што ќе се има казна кај Аллах? Оние врз кои ќе се исипа проклетството и лутината Аллахова, оние од кои направи мајмуни и свињи, и кои го обожаваат Шејтанот нив ги чека најлошо место, и скршнаа најдалеку по лошиот пат.”

قُلْ هَلْ أُنَبِّئُكُم بِشَرٍّ مِّن ذَٰلِكَ مَثُوبَةً عِندَ اللَّهِ ۚ مَن لَّعَنَهُ اللَّهُ وَغَضِبَ عَلَيْهِ وَجَعَلَ مِنْهُمُ الْقِرَدَةَ وَالْخَنَازِيرَ وَعَبَدَ الطَّٰغُوتَ ۚ أُولَٰٓئِكَ شَرٌّ مَّكَانًا وَأَضَلُّ عَن سَوَآءِ السَّبِيلِ ٦٠

61. А кога ќе ви дојдат, зборуваат: “Ние веруваме” - но тие влегуваат со неверство и излегуваат со неверство. А Аллах најдобро го знае она што го кријат!

وَإِذَا جَآءُوكُمْ قَالُوٓا۟ ءَامَنَّا وَقَد دَّخَلُوا۟ بِالْكُفْرِ وَهُمْ قَدْ خَرَجُوا۟ بِهِۦ ۚ وَاللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا كَانُوا۟ يَكْتُمُونَ ٦١

62. Ги гледаш многу од нив како се натпреваруваат и во грев и во непријателство и кои го јадат она што им е забрането. Е, само колку е лошо она што го правеа!

وَتَرَىٰ كَثِيرًا مِّنْهُمْ يُسَٰرِعُونَ فِي الْإِثْمِ وَالْعُدْوَٰنِ وَأَكْلِهِمُ السُّحْتَ ۚ لَبِئْسَ مَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ٦٢

63. Зошто рабините и побожните луѓе не ги одвраќаа од нивното зборување, грев и јадење од она што е забрането. Е, само колку е лошо она што го правеа!

لَوْلَا يَنْهَاهُمُ الرَّبَّانِيُّونَ وَالْأَحْبَارُ عَنْ قَوْلِهِمُ الْإِثْمَ وَأَكْلِهِمُ السُّحْتَ ۚ لَبِئْسَ مَا كَانُوا يَصْنَعُونَ ﴿٦٣﴾

64. Евреите зборуваат: “Раката Аллахова е стисната!” Стиснати се рацете нивни и нека бидат проклети за она што го зборуваат. И двете раце Негови се отворени. Он снабдува како што сака. И она што ти се објавува од Господарот твој кај многумина од нив ќе го засили насилството и неверувањето. И меѓу нив Ние уфрливме и непријателство и омраза до Денот суден. И секогаш кога ќе запалат оган за војна Аллах го гасне. На земјава настојуваат да прават безредие. А Аллах не ги љуби безредниците!

وَقَالَتِ الْيَهُودُ يَدُ اللَّهِ مَغْلُولَةٌ ۚ غُلَّتْ أَيْدِيهِمْ وَلُعِنُوا بِمَا قَالُوا ۘ بَلْ يَدَاهُ مَبْسُوطَتَانِ يُنْفِقُ كَيْفَ يَشَاءُ ۚ وَلَيَزِيدَنَّ كَثِيرًا مِنْهُمْ مَا أُنْزِلَ إِلَيْكَ مِنْ رَبِّكَ طُغْيَانًا وَكُفْرًا ۚ وَأَلْقَيْنَا بَيْنَهُمُ الْعَدَاوَةَ وَالْبَغْضَاءَ إِلَىٰ يَوْمِ الْقِيَامَةِ ۚ كُلَّمَا أَوْقَدُوا نَارًا لِلْحَرْبِ أَطْفَأَهَا اللَّهُ ۚ وَيَسْعَوْنَ فِي الْأَرْضِ فَسَادًا ۚ وَاللَّهُ لَا يُحِبُّ الْمُفْسِدِينَ ﴿٦٤﴾

65. А, ако Следбениците на Книгата веруваат и ако се плашат Ние ќе ги отстраниме од нив злите дела и ќе ги воведеме во бавчите џеннетски благословени!

وَلَوْ أَنَّ أَهْلَ الْكِتَابِ آمَنُوا وَاتَّقَوْا لَكَفَّرْنَا عَنْهُمْ سَيِّئَاتِهِمْ وَلَأَدْخَلْنَاهُمْ جَنَّاتِ النَّعِيمِ ﴿٦٥﴾

66. Да се придржуваа кон Теврат и Инџил и кон она што им е објавено од Господарот нивни сигурно би имале што да јадат од она што е над нив и од она што е под нив, навистина! Меѓу

وَلَوْ أَنَّهُمْ أَقَامُوا التَّوْرَاةَ وَالْإِنْجِيلَ وَمَا أُنْزِلَ إِلَيْهِمْ مِنْ رَبِّهِمْ لَأَكَلُوا مِنْ فَوْقِهِمْ وَمِنْ تَحْتِ أَرْجُلِهِمْ ۚ مِنْهُمْ أُمَّةٌ مُقْتَصِدَةٌ ۖ وَكَثِيرٌ مِنْهُمْ سَاءَ مَا يَعْمَلُونَ ﴿٦٦﴾

нив има умерена заедница. Но, она што многу од нив го работат е лошо.

67. О пејгамберу, кажувај го она што ти е објавено од Господарот твој. Ако тоа не го направиш, не си го известил посланието Негово. Аллах те чува од луѓето. Аллах, навистина, не го упатува народот невернички!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلرَّسُولُ بَلِّغۡ مَآ أُنزِلَ إِلَيۡكَ مِن رَّبِّكَۖ وَإِن لَّمۡ تَفۡعَلۡ فَمَا بَلَّغۡتَ رِسَالَتَهُۥۚ وَٱللَّهُ يَعۡصِمُكَ مِنَ ٱلنَّاسِۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يَهۡدِي ٱلۡقَوۡمَ ٱلۡكَٰفِرِينَ ٦٧

68. Кажи:“О следбеници на Книгата, вие не сте ништо додека не се придржувате кон Теврат и кон Инџил и кон она што ви е објавено од Господарот ваш. Она што е објавено од Господарот твој ќе го засили сигурно, кај многу од нив, насилството и неверувањето, но, тогаш, не задавај си грижа за народот невернички!

قُلۡ يَٰٓأَهۡلَ ٱلۡكِتَٰبِ لَسۡتُمۡ عَلَىٰ شَيۡءٍ حَتَّىٰ تُقِيمُواْ ٱلتَّوۡرَىٰةَ وَٱلۡإِنجِيلَ وَمَآ أُنزِلَ إِلَيۡكُم مِّن رَّبِّكُمۡۗ وَلَيَزِيدَنَّ كَثِيرٗا مِّنۡهُم مَّآ أُنزِلَ إِلَيۡكَ مِن رَّبِّكَ طُغۡيَٰنٗا وَكُفۡرٗاۖ فَلَا تَأۡسَ عَلَى ٱلۡقَوۡمِ ٱلۡكَٰفِرِينَ ٦٨

69. Оние кои веруваа и кои станаа Евреи и Сабејци и христијани... кои веруваа во Аллах и во Денот суден и кои работеа добри дела - та, не ќе стравуваат и не ќе тагуваат!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ وَٱلَّذِينَ هَادُواْ وَٱلصَّٰبِـُٔونَ وَٱلنَّصَٰرَىٰ مَنۡ ءَامَنَ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِ وَعَمِلَ صَٰلِحٗا فَلَا خَوۡفٌ عَلَيۡهِمۡ وَلَا هُمۡ يَحۡزَنُونَ ٦٩

70. И Ние веќе го прифативме Договорот од синовите Израилови и им испраќавме пејгамбери. И секојпат кога им доаѓаше

لَقَدۡ أَخَذۡنَا مِيثَٰقَ بَنِيٓ إِسۡرَٰٓءِيلَ وَأَرۡسَلۡنَآ إِلَيۡهِمۡ رُسُلٗاۖ كُلَّمَا جَآءَهُمۡ رَسُولُۢ بِمَا لَا تَهۡوَىٰٓ أَنفُسُهُمۡ فَرِيقٗا كَذَّبُواْ وَفَرِيقٗا يَقۡتُلُونَ ٧٠

пејгамбер со она што не им се беендисуваше на желбите нивни... врз едни лага фрлаа, а другите, пак, ги убиваа.

71. Мислеа дека нема да има искушение; па, беа и слепи и глуви. Потоа Аллах им прости. И многу од нив, по тоа, беа и слепи и глуви. Аллах го гледа она што го работат.

وَحَسِبُوٓاْ أَلَّا تَكُونَ فِتۡنَةٞ فَعَمُواْ وَصَمُّواْ ثُمَّ تَابَ ٱللَّهُ عَلَيۡهِمۡ ثُمَّ عَمُواْ وَصَمُّواْ كَثِيرٞ مِّنۡهُمۡۚ وَٱللَّهُ بَصِيرُۢ بِمَا يَعۡمَلُونَ ﴿٧١﴾

72. Сосем не веруваа оние кои зборуваа:“Аллах, навистина, е Месих, синот на Мерјем.” А Месих зборуваше: “О синови Израилови, обожавајте го Аллаха – Господарот мој и Господарот ваш! На оној кој ќе Му припише здруженик, Аллах му го забрани Џеннетот и престојувалиштето негово е - огнот! Зулумќарите немаат поддржници никакви!

وَهُدُوٓاْ إِلَى ٱلطَّيِّبِ مِنَ ٱلۡقَوۡلِ وَهُدُوٓاْ إِلَىٰ صِرَٰطِ ٱلۡحَمِيدِ ٢٤

25. А оние кои не веруваат и кои, навистина, одвраќаат од Аллаховиот пат, и од Месџидул Харам кого Ние го одредивме, било за мештаните било за дојденците - кои, според тоа, во него посакуваат да осквернат и зулум да направат, Ние ќе

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَيَصُدُّونَ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَٱلۡمَسۡجِدِ ٱلۡحَرَامِ ٱلَّذِي جَعَلۡنَٰهُ لِلنَّاسِ سَوَآءً ٱلۡعَٰكِفُ فِيهِ وَٱلۡبَادِۚ وَمَن يُرِدۡ فِيهِ بِإِلۡحَادِۭ بِظُلۡمٖ نُّذِقۡهُ مِنۡ عَذَابٍ أَلِيمٖ ٢٥

одредиме да ја вкусат казната болна.

26. И кога на Ибрахим му го означивме местото за куќа: “Не здружувај Ми ништо и очисти ја куќава Моја за оние кои се вртат околу неа, кои стојат и кои на сеџде паѓаат.”

وَإِذْ بَوَّأْنَا لِإِبْرَاهِيمَ مَكَانَ الْبَيْتِ أَن لَّا تُشْرِكْ بِي شَيْئًا وَطَهِّرْ بَيْتِيَ لِلطَّائِفِينَ وَالْقَائِمِينَ وَالرُّكَّعِ السُّجُودِ ٢٦

27. И возгласи го за луѓето хаџџот: ќе ти доаѓаат и пешки и на камили истоштени, ќе доаѓаат од сите страни далечни,

وَأَذِّن فِي النَّاسِ بِالْحَجِّ يَأْتُوكَ رِجَالًا وَعَلَىٰ كُلِّ ضَامِرٍ يَأْتِينَ مِن كُلِّ فَجٍّ عَمِيقٍ ٢٧

28. за да си прибават користи кои се нивни, и да го спомененуваат името Аллахово во деновите познати при ‘рскот нивни од животното од Него, за нив наменето. Јадете од него и поделете го на несреќниот бедник.

لِّيَشْهَدُوا مَنَافِعَ لَهُمْ وَيَذْكُرُوا اسْمَ اللَّهِ فِي أَيَّامٍ مَّعْلُومَاتٍ عَلَىٰ مَا رَزَقَهُم مِّن بَهِيمَةِ الْأَنْعَامِ ۖ فَكُلُوا مِنْهَا وَأَطْعِمُوا الْبَائِسَ الْفَقِيرَ ٢٨

29. Нека ја отстранат потоа нечистотијата своја, и нека ги исполнат ветувањата свои, и нека прават таваф околу Куќата древна!

ثُمَّ لْيَقْضُوا تَفَثَهُمْ وَلْيُوفُوا نُذُورَهُمْ وَلْيَطَّوَّفُوا بِالْبَيْتِ الْعَتِيقِ ٢٩

30. Ете, оној кој ги велича светостите Аллахови... тој, кај Господарот свој, е подобар. И дозволени ви се животните, освен оние кои ви се споменати, и избегнувајте ја срамотијата на киповите и избегнувајте го разговорот безработен,

ذَٰلِكَ وَمَن يُعَظِّمْ حُرُمَاتِ اللَّهِ فَهُوَ خَيْرٌ لَّهُ عِندَ رَبِّهِ ۗ وَأُحِلَّتْ لَكُمُ الْأَنْعَامُ إِلَّا مَا يُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ ۖ فَاجْتَنِبُوا الرِّجْسَ مِنَ الْأَوْثَانِ وَاجْتَنِبُوا قَوْلَ الزُّورِ ٣٠

31. искрено оддадени на Аллах, не здружувајќи Му ништо; оној кој Му припишува здруженик на Аллах е како оној кој ќе падне од небо, па птиците ќе го разграбат или, пак, ветрот ќе го однесе во некое место далечно.

حُنَفَاءَ لِلَّهِ غَيْرَ مُشْرِكِينَ بِهِۦ ۚ وَمَن يُشْرِكْ بِاللَّهِ فَكَأَنَّمَا خَرَّ مِنَ السَّمَاءِ فَتَخْطَفُهُ الطَّيْرُ أَوْ تَهْوِي بِهِ الرِّيحُ فِي مَكَانٍ سَحِيقٍ ٣١

32. Ете, оној кој ги велича прописите Аллахови... овие се, токму, последица на срцата побожни.

ذَٰلِكَ وَمَن يُعَظِّمْ شَعَٰٓئِرَ اللَّهِ فَإِنَّهَا مِن تَقْوَى الْقُلُوبِ ٣٢

33. Вие во нив имате користи до време одредено; потоа местото нивно е кај Куќата древна.

لَكُمْ فِيهَا مَنَٰفِعُ إِلَىٰٓ أَجَلٍ مُّسَمًّى ثُمَّ مَحِلُّهَآ إِلَى الْبَيْتِ الْعَتِيقِ ٣٣

34. И на секоја заедница Ние ѝ одредивме обред за да го споменуваат името Аллахово при ‘рскот нивни од животното од Него, за нив наменето. Па, вашиот Бог е еден Бог. И Нему, тогаш, оддадете Му се! И зарадувај ги понизните,

وَلِكُلِّ أُمَّةٍ جَعَلْنَا مَنسَكًا لِّيَذْكُرُوا اسْمَ اللَّهِ عَلَىٰ مَا رَزَقَهُم مِّنۢ بَهِيمَةِ الْأَنْعَٰمِ ۗ فَإِلَٰهُكُمْ إِلَٰهٌ وَٰحِدٌ فَلَهُۥٓ أَسْلِمُوا ۗ وَبَشِّرِ الْمُخْبِتِينَ ٣٤

35. чии срца, кога ќе се спомене Аллах, ќе затреперат, кои се трпеливи за она што им се случува, кои намаз извршуваат и кои, од ‘рскот што Ние им го дадовме, делат.

الَّذِينَ إِذَا ذُكِرَ اللَّهُ وَجِلَتْ قُلُوبُهُمْ وَالصَّٰبِرِينَ عَلَىٰ مَآ أَصَابَهُمْ وَالْمُقِيمِي الصَّلَوٰةِ وَمِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ يُنفِقُونَ ٣٥

36. Еден од обредите хаџиски се и камилите кои Аллах ви ги одреди. Во нив, за вас, има добро. Споменувајте го името Аллахово кога ќе бидат во редови поредани. А кога ќе паднат на земја, јадете од нив и нахранете го оној што е задоволен со тоа и оној кој пита.

وَالْبُدْنَ جَعَلْنَٰهَا لَكُم مِّن شَعَٰٓئِرِ اللَّهِ لَكُمْ فِيهَا خَيْرٌ ۖ فَاذْكُرُوا اسْمَ اللَّهِ عَلَيْهَا صَوَآفَّ ۖ فَإِذَا وَجَبَتْ جُنُوبُهَا فَكُلُوا مِنْهَا وَأَطْعِمُوا الْقَانِعَ وَالْمُعْتَرَّ ۚ كَذَٰلِكَ سَخَّرْنَٰهَا لَكُمْ لَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ٣٦

Ете, Ние така ви ги потчинивме за да бидете благодарни!

37. Ни месото нивно ни крвта нивна не ќе стигнат до Аллах, туку богобојазливоста ваша ќе стигне до Аллах. Ете, така ви ги потчини за да Го славите Аллаха заради тоа што ве упати, и зарадувај ги доброчинителите!

لَن يَنَالَ ٱللَّهَ لُحُومُهَا وَلَا دِمَآؤُهَا وَلَٰكِن يَنَالُهُ ٱلتَّقْوَىٰ مِنكُمْ كَذَٰلِكَ سَخَّرَهَا لَكُمْ لِتُكَبِّرُوا۟ ٱللَّهَ عَلَىٰ مَا هَدَىٰكُمْ وَبَشِّرِ ٱلْمُحْسِنِينَ ٣٧

38. Да, Аллах ќе ги земе во заштита оние кои веруваат. Аллах, навистина, не сака никаков предавник и неблагодарен!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدَٰفِعُ عَنِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِنَّ ٱللَّهَ لَا يُحِبُّ كُلَّ خَوَّانٍ كَفُورٍ ٣٨

39. Дадено им е секакво овластување на оние кои се убиваат, зашто врз нив зулум се прави. Аллах, навистина, е Кадар да им помогне;

أُذِنَ لِلَّذِينَ يُقَٰتَلُونَ بِأَنَّهُمْ ظُلِمُوا۟ وَإِنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ نَصْرِهِمْ لَقَدِيرٌ ٣٩

40. оние кои се истеруваат од огништата нивни бесправно, затоа што зборуваа: “Господарот наш е Аллах.” Кога Аллах не би ги спречувал луѓето еднисо-други ќе беа срушени манастирите, и црквите, и синагогите и џамиите во кои многу се споменува името Аллахово. И Аллах сигурно не ќе му помогне на оној кој не го помага Аллаха. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

ٱلَّذِينَ أُخْرِجُوا۟ مِن دِيَٰرِهِم بِغَيْرِ حَقٍّ إِلَّآ أَن يَقُولُوا۟ رَبُّنَا ٱللَّهُ وَلَوْلَا دَفْعُ ٱللَّهِ ٱلنَّاسَ بَعْضَهُم بِبَعْضٍ لَّهُدِّمَتْ صَوَٰمِعُ وَبِيَعٌ وَصَلَوَٰتٌ وَمَسَٰجِدُ يُذْكَرُ فِيهَا ٱسْمُ ٱللَّهِ كَثِيرًا وَلَيَنصُرَنَّ ٱللَّهُ مَن يَنصُرُهُۥٓ إِنَّ ٱللَّهَ لَقَوِىٌّ عَزِيزٌ ٤٠

41. Оние кои, ако им дадеме моќ на земјава, намаз извршуваат и зекат даваат, наредуваат добро и одвраќаат од зло. Но, крајот на сите нешта е кај Аллах!

ٱلَّذِينَ إِن مَّكَّنَّٰهُمْ فِى ٱلْأَرْضِ أَقَامُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتَوُا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَأَمَرُوا۟ بِٱلْمَعْرُوفِ وَنَهَوْا۟ عَنِ ٱلْمُنكَرِ وَلِلَّهِ عَٰقِبَةُ ٱلْأُمُورِ ٤١

42. А ако те сметаат за лашко па веќе ги сметаа за лашковци и оние пред нив, народот на Нух, Ад и Семуд,

وَإِن يُكَذِّبُوكَ فَقَدْ كَذَّبَتْ قَبْلَهُمْ قَوْمُ نُوحٍ وَعَادٌ وَثَمُودُ ﴿٤٢﴾

43. народот на Ибрахим и народот на Лут,

وَقَوْمُ إِبْرَٰهِيمَ وَقَوْمُ لُوطٍ ﴿٤٣﴾

44. и жителите на Медјен. И Муса беше сметан за лашко. И им дадов рок на неверниците а потоа ги зграбив. Е, само каква беше казната Моја!

وَأَصْحَٰبُ مَدْيَنَ ۖ وَكُذِّبَ مُوسَىٰ فَأَمْلَيْتُ لِلْكَٰفِرِينَ ثُمَّ أَخَذْتُهُمْ ۖ فَكَيْفَ كَانَ نَكِيرِ ﴿٤٤﴾

45. И колку градови Ние уништивме, чии жители беа зулумќари...беа срамнети; ги снема. Има голем број напуштени бунари и градби високи!

فَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ أَهْلَكْنَٰهَا وَهِىَ ظَالِمَةٌ فَهِىَ خَاوِيَةٌ عَلَىٰ عُرُوشِهَا وَبِئْرٍ مُّعَطَّلَةٍ وَقَصْرٍ مَّشِيدٍ ﴿٤٥﴾

46. Па, не патуваат ли по земјата за срцата нивни да сфатат за тоа, и ушите нивни со кои ќе слушаат, но, очите, навистина, не се слепи, туку слепи се срцата во градите.

أَفَلَمْ يَسِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَتَكُونَ لَهُمْ قُلُوبٌ يَعْقِلُونَ بِهَآ أَوْ ءَاذَانٌ يَسْمَعُونَ بِهَا ۖ فَإِنَّهَا لَا تَعْمَى ٱلْأَبْصَٰرُ وَلَٰكِن تَعْمَى ٱلْقُلُوبُ ٱلَّتِى فِى ٱلصُّدُورِ ﴿٤٦﴾

47. И бараат побрзо од тебе за казната, но Аллах не ќе го изневери ветувањето Свое. Еден ден кај Господарот твој е како илјада години кои вие ги броите.

وَيَسْتَعْجِلُونَكَ بِٱلْعَذَابِ وَلَن يُخْلِفَ ٱللَّهُ وَعْدَهُۥ ۚ وَإِنَّ يَوْمًا عِندَ رَبِّكَ كَأَلْفِ سَنَةٍ مِّمَّا تَعُدُّونَ ﴿٤٧﴾

48. И на колку градови Ние им го продолживме рокот, чии жители беа зулумќари, а потоа

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ أَمْلَيْتُ لَهَا وَهِىَ ظَالِمَةٌ ثُمَّ أَخَذْتُهَا وَإِلَىَّ ٱلْمَصِيرُ ﴿٤٨﴾

Ние ги зграбивме. Сврatилиштето е - кон Мене!

49. Кажи: “О луѓе, јас сум, навистина, ваш опоменувач јасен!”

قُلْ يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنَّمَآ أَنَا۠ لَكُمْ نَذِيرٌ مُّبِينٌ ﴿٤٩﴾

50. Та, за оние кои веруваат и кои работат добри дела има прошка и ‘рск благороден.

فَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَرِزْقٌ كَرِيمٌ ﴿٥٠﴾

51. Додека оние кои настојуваат да ги отфрлат ајетите Наши се немоќни; жители џехеннемски ќе станат.

وَٱلَّذِينَ سَعَوْا۟ فِىٓ ءَايَٰتِنَا مُعَٰجِزِينَ أُو۟لَٰٓئِكَ أَصْحَٰبُ ٱلْجَحِيمِ ﴿٥١﴾

52. И пред тебе Ние не испративме ниеден пратеник и пејгамбер а Шејтанот да не му фрлеше нешто во она што, токму, го кажуваше. И Аллах секогаш го отстрануваше она што го фрлаше Шејтанот и потоа ги утврдуваше ајетите Свои. Аллах е Зналец и Мудар,

وَمَآ أَرْسَلْنَا مِن قَبْلِكَ مِن رَّسُولٍ وَلَا نَبِىٍّ إِلَّآ إِذَا تَمَنَّىٰٓ أَلْقَى ٱلشَّيْطَٰنُ فِىٓ أُمْنِيَّتِهِۦ فَيَنسَخُ ٱللَّهُ مَا يُلْقِى ٱلشَّيْطَٰنُ ثُمَّ يُحْكِمُ ٱللَّهُ ءَايَٰتِهِۦ ۗ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٥٢﴾

53. за да го направи она што Шејтанот го уфрлува искушение за оние во чии срца има болештина и чии срца затврднаа. Зулумќарите, навистина, се во цепнатина далечна!

لِّيَجْعَلَ مَا يُلْقِى ٱلشَّيْطَٰنُ فِتْنَةً لِّلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ وَٱلْقَاسِيَةِ قُلُوبُهُمْ ۗ وَإِنَّ ٱلظَّٰلِمِينَ لَفِى شِقَاقٍۭ بَعِيدٍ ﴿٥٣﴾

54. И да узнаат оние со даденото им знаење дека тоа, навистина, е вистина од Господарот твој, па да веруваат во неа

وَلِيَعْلَمَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ أَنَّهُ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّكَ فَيُؤْمِنُوا۟ بِهِۦ فَتُخْبِتَ لَهُۥ قُلُوبُهُمْ ۗ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهَادِ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِلَىٰ صِرَٰطٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٥٤﴾

и да им се сплотат срцата нивни. Аллах ги упатува оние кои веруваат по патот вистински.

55. Оние кои не веруваат постојано се сомневаат во тоа сѐ додека не им дојде Часот последен, одненадеж, или, пак, додека не им дојде казната жестока на Денот.

وَلَا يَزَالُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى مِرْيَةٍ مِّنْهُ حَتَّىٰ تَأْتِيَهُمُ ٱلسَّاعَةُ بَغْتَةً أَوْ يَأْتِيَهُمْ عَذَابُ يَوْمٍ عَقِيمٍ ﴿٥٥﴾

56. Власта на Денот тој е само Аллахова и Он ќе им пресуди и на едните и на другите. Оние кои веруваат и кои работат добри дела ќе бидат во бавчите џеннетски благословени.

ٱلْمُلْكُ يَوْمَئِذٍ لِّلَّهِ يَحْكُمُ بَيْنَهُمْ ۚ فَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فِى جَنَّٰتِ ٱلنَّعِيمِ ﴿٥٦﴾

57. А оние кои не веруваат и кои ги сметаат за лажни ајетите Наши...за нив има казна понижувачка.

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَكَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا فَأُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمْ عَذَابٌ مُّهِينٌ ﴿٥٧﴾

58. Оние кои се иселија на Аллаховиот пат, кои потоа беа убиени или кои умреа... Аллах сигурно ќе им даде ‘рск добар. Аллах, навистина, меѓу снабдувачите е Најдобриот!

وَٱلَّذِينَ هَاجَرُوا۟ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ثُمَّ قُتِلُوٓا۟ أَوْ مَاتُوا۟ لَيَرْزُقَنَّهُمُ ٱللَّهُ رِزْقًا حَسَنًا ۚ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهُوَ خَيْرُ ٱلرَّٰزِقِينَ ﴿٥٨﴾

59. Ќе ги воведе, сигурно, во место со кое ќе бидат задоволни. Аллах, навистина, е Зналец и Благ!

لَيُدْخِلَنَّهُم مُّدْخَلًا يَرْضَوْنَهُۥ ۗ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَعَلِيمٌ حَلِيمٌ ﴿٥٩﴾

60. Ете, на оној кој ќе возврати со иста мера за она што му е

۞ ذَٰلِكَ وَمَنْ عَاقَبَ بِمِثْلِ مَا عُوقِبَ بِهِۦ

направено, а потоа ќе му се наштети Аллах, сигурно, ќе го помогне. Аллах, навистина, е Помилувач и Простувач!

ثُمَّ بُغِيَ عَلَيْهِ لَيَنصُرَنَّهُ ٱللَّهُ إِنَّ ٱللَّهَ لَعَفُوٌّ غَفُورٌ ﴿٦٠﴾

61. Ете, така Аллах го менува денот во ноќта, а ноќта во ден. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ يُولِجُ ٱلَّيْلَ فِي ٱلنَّهَارِ وَيُولِجُ ٱلنَّهَارَ فِي ٱلَّيْلِ وَأَنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌ بَصِيرٌ ﴿٦١﴾

62. Ете, така Аллах, секако, е Вистина и дека она што го повикуваат, освен Него, е невистина. Аллах, навистина, е Вишен и Голем!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلْحَقُّ وَأَنَّ مَا يَدْعُونَ مِن دُونِهِۦ هُوَ ٱلْبَٰطِلُ وَأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلْعَلِيُّ ٱلْكَبِيرُ ﴿٦٢﴾

63. Не гледаш ли дека Аллах, секако, спушта вода од небо па земјата станува зелена? Аллах, навистина, е Сочувствителен и Известен!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ أَنزَلَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَتُصْبِحُ ٱلْأَرْضُ مُخْضَرَّةً إِنَّ ٱللَّهَ لَطِيفٌ خَبِيرٌ ﴿٦٣﴾

64. И сѐ што е на небесата и на Земјата е - Аллахово! Аллах, навистина, е Оној кој е Богат и за благодарност Достоен!

لَّهُۥ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلْأَرْضِ وَإِنَّ ٱللَّهَ لَهُوَ ٱلْغَنِيُّ ٱلْحَمِيدُ ﴿٦٤﴾

65. Не гледаш ли дека Аллах сѐ вам ви потчини? И она што е на земјата, а чамецот плови по морето со наредбата Негова. И Он го држи небото да не падне на земјата, освен, секако, со одобрението Негово. Аллах, навистина, кон луѓето е Сочувствителен и Сомилосен!

أَلَمْ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ سَخَّرَ لَكُم مَّا فِي ٱلْأَرْضِ وَٱلْفُلْكَ تَجْرِي فِي ٱلْبَحْرِ بِأَمْرِهِۦ وَيُمْسِكُ ٱلسَّمَآءَ أَن تَقَعَ عَلَى ٱلْأَرْضِ إِلَّا بِإِذْنِهِۦٓ إِنَّ ٱللَّهَ بِٱلنَّاسِ لَرَءُوفٌ رَّحِيمٌ ﴿٦٥﴾

66. Он е Оној кој ве оживува а потоа ве усмртува, а потоа пак

وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَحْيَاكُمْ ثُمَّ يُمِيتُكُمْ

ве оживува. Човекот, навистина, е наклонет кон неверството!

ثُمَّ يُحْيِيكُمْ إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لَكَفُورٌ ٦٦

67. За секоја заедница Ние одредивме обред чии жители го практикуваа. Па, не дозволувај никако да се расправа со тебе за наредбата. Повикувај го Господарот твој. Ти си, навистина, по патоказот вистински!

لِّكُلِّ أُمَّةٍ جَعَلْنَا مَنسَكًا هُمْ نَاسِكُوهُ فَلَا يُنَٰزِعُنَّكَ فِى ٱلْأَمْرِ وَٱدْعُ إِلَىٰ رَبِّكَ إِنَّكَ لَعَلَىٰ هُدًى مُّسْتَقِيمٍ ٦٧

68. А ако расправаат за тебе, кажи: “Аллах најдобро го знае она што го работите!”

وَإِن جَٰدَلُوكَ فَقُلِ ٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا تَعْمَلُونَ ٦٨

69. Аллах ќе ви пресуди на Денот суден за она за што станавте деленици.

ٱللَّهُ يَحْكُمُ بَيْنَكُمْ يَوْمَ ٱلْقِيَٰمَةِ فِيمَا كُنتُمْ فِيهِ تَخْتَلِفُونَ ٦٩

70. Не знаеш ли дека Аллах, навистина, го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата; да, сè тоа е во Книгата. Тоа за Аллах, навистина, е лесно!

أَلَمْ تَعْلَمْ أَنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ مَا فِى ٱلسَّمَآءِ وَٱلْأَرْضِ إِنَّ ذَٰلِكَ فِى كِتَٰبٍ إِنَّ ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرٌ ٧٠

71. И оние го обожаваат она, освен Аллах, за што не е објавено овластување и за што тие, токму, ништо не знаат. За зулумќарите нема поддржник!

وَيَعْبُدُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ مَا لَمْ يُنَزِّلْ بِهِۦ سُلْطَٰنًا وَمَا لَيْسَ لَهُم بِهِۦ عِلْمٌ وَمَا لِلظَّٰلِمِينَ مِن نَّصِيرٍ ٧١

72. И кога им се кажуваат ајетите Наши јасни, ти применуваш на лицата од оние кои не веруваат неодобрување некакво. Само што не ги фаќаат в гуша на оние кои им ги кажуваат

وَإِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتُنَا بَيِّنَٰتٍ تَعْرِفُ فِى وُجُوهِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ٱلْمُنكَرَ يَكَادُونَ يَسْطُونَ بِٱلَّذِينَ يَتْلُونَ عَلَيْهِمْ ءَايَٰتِنَا قُلْ أَفَأُنَبِّئُكُم بِشَرٍّ مِّن ذَٰلِكُمُ ٱلنَّارُ وَعَدَهَا

ајетите Наши. Кажи: “Да ве известам ли за злото на тоа? - Оган што им го вети Аллах на оние кои не веруваат. “ Е, само колку е лош тоа свратилиште!

ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ ۖ وَبِئْسَ ٱلْمَصِيرُ ﴿٧٢﴾

73. О луѓе, се изнесува пример па, слушнете го! Оние кои ги повикувате, освен Аллах, не можат, навистина, да создадат ни мушичка. Дури и да се соберат за тоа. Ако мушичката им зграби нешто не ќе можат ни да го извадат. Слаби се, навистина, барателот и бараното!

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ ضُرِبَ مَثَلٌ فَٱسْتَمِعُوا۟ لَهُۥٓ ۚ إِنَّ ٱلَّذِينَ تَدْعُونَ مِن دُونِ ٱللَّهِ لَن يَخْلُقُوا۟ ذُبَابًا وَلَوِ ٱجْتَمَعُوا۟ لَهُۥ ۖ وَإِن يَسْلُبْهُمُ ٱلذُّبَابُ شَيْـًٔا لَّا يَسْتَنقِذُوهُ مِنْهُ ۚ ضَعُفَ ٱلطَّالِبُ وَٱلْمَطْلُوبُ ﴿٧٣﴾

74. И оние не можат да ја измерат вистинската мера Аллахова. Аллах, навистина, е Моќен и Силен!

مَا قَدَرُوا۟ ٱللَّهَ حَقَّ قَدْرِهِۦٓ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ لَقَوِىٌّ عَزِيزٌ ﴿٧٤﴾

75. Аллах избира меѓу мелеките и меѓу луѓето пејгамбери. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

ٱللَّهُ يَصْطَفِى مِنَ ٱلْمَلَـٰٓئِكَةِ رُسُلًا وَمِنَ ٱلنَّاسِ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌۢ بَصِيرٌ ﴿٧٥﴾

76. Го знае и она што е пред нив и она што е зад нив. Работите се враќаат кон Аллах!

يَعْلَمُ مَا بَيْنَ أَيْدِيهِمْ وَمَا خَلْفَهُمْ ۗ وَإِلَى ٱللَّهِ تُرْجَعُ ٱلْأُمُورُ ﴿٧٦﴾

77. О верници, паѓајте на руку’, а паѓајте и на сеџде и обожавајте Го Господарот ваш; и правете добро... за да бидете спасени!

يَـٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ ٱرْكَعُوا۟ وَٱسْجُدُوا۟ وَٱعْبُدُوا۟ رَبَّكُمْ وَٱفْعَلُوا۟ ٱلْخَيْرَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ۩ ﴿٧٧﴾

78. И борете се на Аллаховиот пат со борба вистинска за Него. Он ве избра и во верата не ве

وَجَـٰهِدُوا۟ فِى ٱللَّهِ حَقَّ جِهَادِهِۦ ۚ هُوَ ٱجْتَبَىٰكُمْ وَمَا جَعَلَ عَلَيْكُمْ فِى ٱلدِّينِ مِنْ حَرَجٍ ۚ مِّلَّةَ أَبِيكُمْ

задолжи со нешто исклучително, во верата на вашиот бабо Ибрахим. Он ве именуваше од порано како муслимани, и во овој Кур ан, исто така, за пејгамберот да биде сведок против вас, а вие да бидете сведоци против луѓето. Па, намаз извршувајте и зекат давајте и држете се за него; Он е заштитникот ваш. Е, само колку добар Заштитник е Он! Е,само колку добар Поддржник е Он!

إِبْرَٰهِيمَ هُوَ سَمَّىٰكُمُ ٱلْمُسْلِمِينَ مِن قَبْلُ وَفِى هَٰذَا لِيَكُونَ ٱلرَّسُولُ شَهِيدًا عَلَيْكُمْ وَتَكُونُوا۟ شُهَدَآءَ عَلَى ٱلنَّاسِ فَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَٱعْتَصِمُوا۟ بِٱللَّهِ هُوَ مَوْلَىٰكُمْ فَنِعْمَ ٱلْمَوْلَىٰ وَنِعْمَ ٱلنَّصِيرُ ﴿٧٨﴾

ЕЛМУ'МИНУУН(Верници)XXIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Успеаја, секако, верниците:

قَدْ أَفْلَحَ ٱلْمُؤْمِنُونَ ﴿١﴾

2. кои се во намазите нивни покајнички,

ٱلَّذِينَ هُمْ فِى صَلَاتِهِمْ خَٰشِعُونَ ﴿٢﴾

3. и кои се рамнодушни кон безработицата,

وَٱلَّذِينَ هُمْ عَنِ ٱللَّغْوِ مُعْرِضُونَ ﴿٣﴾

4. и кои зекат спроведуваат,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِلزَّكَوٰةِ فَٰعِلُونَ ﴿٤﴾

5. и кои ги чуваат срамните места свои,

وَٱلَّذِينَ هُمْ لِفُرُوجِهِمْ حَٰفِظُونَ ﴿٥﴾

6. освен со жените свои или со оние кои се во сопственост нивна... па, тие, навистина, се надвор од прекорот,

إِلَّا عَلَىٰٓ أَزْوَٰجِهِمْ أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُهُمْ فَإِنَّهُمْ غَيْرُ مَلُومِينَ ﴿٦﴾

7. додека оние кои посакуваат преку тоа, токму, претеруваат;

فَمَنِ ٱبْتَغَىٰ وَرَآءَ ذَٰلِكَ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْعَادُونَ ﴿٧﴾

8. и кои, исто така, се грижат за аманетите свои и за договорот свој,

وَٱلَّذِينَ هُمۡ لِأَمَٰنَٰتِهِمۡ وَعَهۡدِهِمۡ رَٰعُونَ ٨

9. и оние кои внимаваат врз намазите свои:

وَٱلَّذِينَ هُمۡ عَلَىٰ صَلَوَٰتِهِمۡ يُحَافِظُونَ ٩

10. овие, токму, се наследниците,

أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلۡوَٰرِثُونَ ١٠

11. кои го наследуваат Џеннетот и во него за навек ќе останат.

ٱلَّذِينَ يَرِثُونَ ٱلۡفِرۡدَوۡسَ هُمۡ فِيهَا خَٰلِدُونَ ١١

12. Ние човекот, навистина, го создадовме од глина одбрана,

وَلَقَدۡ خَلَقۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ مِن سُلَٰلَةٖ مِّن طِينٖ ١٢

13. потоа како капка семе го ставивме на место сигурно.

ثُمَّ جَعَلۡنَٰهُ نُطۡفَةٗ فِي قَرَارٖ مَّكِينٖ ١٣

14. Потоа капката семе Ние ја создадовме засирена крв; од засирената крв создадовме парче месо; од парчето месо создадовме коски, а потоа коските со месо ги обвиткавме; потоа создадовме сосем друго суштество. Па, нека е вишен Аллах. Меѓу создателите Он е Најубавиот!

ثُمَّ خَلَقۡنَا ٱلنُّطۡفَةَ عَلَقَةٗ فَخَلَقۡنَا ٱلۡعَلَقَةَ مُضۡغَةٗ فَخَلَقۡنَا ٱلۡمُضۡغَةَ عِظَٰمٗا فَكَسَوۡنَا ٱلۡعِظَٰمَ لَحۡمٗا ثُمَّ أَنشَأۡنَٰهُ خَلۡقًا ءَاخَرَۚ فَتَبَارَكَ ٱللَّهُ أَحۡسَنُ ٱلۡخَٰلِقِينَ ١٤

15. Потоа вие, секако, ќе умрете!

ثُمَّ إِنَّكُم بَعۡدَ ذَٰلِكَ لَمَيِّتُونَ ١٥

16. Потоа на Денот суден ќе бидете оживеани, сигурно!

ثُمَّ إِنَّكُمۡ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ تُبۡعَثُونَ ١٦

17.Над вас веќе Ние создадовме седум небеса и постојано врз суштеството бдееме.

وَلَقَدۡ خَلَقۡنَا فَوۡقَكُمۡ سَبۡعَ طَرَآئِقَ وَمَا كُنَّا عَنِ ٱلۡخَلۡقِ غَٰفِلِينَ ١٧

18. И од небото Ние спуштаме вода со мера, па ја задржуваме во земјата и, секако, кадри сме да ја отстраниме.

وَأَنزَلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءًۢ بِقَدَرٍ فَأَسْكَنَّٰهُ فِى ٱلْأَرْضِ ۖ وَإِنَّا عَلَىٰ ذَهَابٍۭ بِهِۦ لَقَٰدِرُونَ ﴿١٨﴾

19. Па, со помош нејзина Ние ви вадиме бавчи со урми и грозје; во нив имате овошје многу и од него јадете.

فَأَنشَأْنَا لَكُم بِهِۦ جَنَّٰتٍ مِّن نَّخِيلٍ وَأَعْنَٰبٍ لَّكُمْ فِيهَا فَوَٰكِهُ كَثِيرَةٌ وَمِنْهَا تَأْكُلُونَ ﴿١٩﴾

20. И стебло кое расте на брдото Синај кое дава зејтин и зачин... и од него јадете.

وَشَجَرَةً تَخْرُجُ مِن طُورِ سَيْنَآءَ تَنۢبُتُ بِٱلدُّهْنِ وَصِبْغٍ لِّلْءَاكِلِينَ ﴿٢٠﴾

21. Во добитокот, навистина, ибрет имате! Ние ве напојуваме со она што е во стомаците нивни; во него вие имате користи големи и од него, токму, јадете.

وَإِنَّ لَكُمْ فِى ٱلْأَنْعَٰمِ لَعِبْرَةً ۖ نُّسْقِيكُم مِّمَّا فِى بُطُونِهَا وَلَكُمْ فِيهَا مَنَٰفِعُ كَثِيرَةٌ وَمِنْهَا تَأْكُلُونَ ﴿٢١﴾

22. На нив, како и на чамците, вие патувате.

وَعَلَيْهَا وَعَلَى ٱلْفُلْكِ تُحْمَلُونَ ﴿٢٢﴾

23. И Нуха, секако, Ние го испративме до народот негов, па рече: “О народе мој, обожавајте го Аллаха; друг бог освен него немате. Нема ли да бидете богобојазливи?”

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا نُوحًا إِلَىٰ قَوْمِهِۦ فَقَالَ يَٰقَوْمِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۖ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٢٣﴾

24. Па големците кои не веруваа меѓу народот негов рекоа: “Овој е само човек вам сличен кој си посакува да стекне предност над вас. Кога Аллах би сакал би испратил мелек. За ова ние не слушнавме ништо од предците наши одамнешни.

فَقَالَ ٱلْمَلَؤُا۟ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِن قَوْمِهِۦ مَا هَٰذَآ إِلَّا بَشَرٌ مِّثْلُكُمْ يُرِيدُ أَن يَتَفَضَّلَ عَلَيْكُمْ وَلَوْ شَآءَ ٱللَّهُ لَأَنزَلَ مَلَٰٓئِكَةً مَّا سَمِعْنَا بِهَٰذَا فِىٓ ءَابَآئِنَا ٱلْأَوَّلِينَ ﴿٢٤﴾

25. Тој е само човек при кого има џинови: па, посматрајте го до време определено!”

إِنْ هُوَ إِلَّا رَجُلٌۢ بِهِۦ جِنَّةٌ فَتَرَبَّصُوا۟ بِهِۦ حَتَّىٰ حِينٍ ﴿٢٥﴾

26. Нух рече:“Господаре мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лашко!”

قَالَ رَبِّ ٱنصُرْنِى بِمَا كَذَّبُونِ ﴿٢٦﴾

27. Тогаш Ние му објавивме: “Прави брод пред очите Наши и според објавата Наша: кога ќе дојде наредбата Наша и кога печката ќе прсне, стави во бродот пар од сѐ, и семејството твое - освен оние кои беа против зборот порано - и не обраќај Ми се за оние кои направија зулум; тие се, секако, потопени!”

فَأَوْحَيْنَآ إِلَيْهِ أَنِ ٱصْنَعِ ٱلْفُلْكَ بِأَعْيُنِنَا وَوَحْيِنَا فَإِذَا جَآءَ أَمْرُنَا وَفَارَ ٱلتَّنُّورُ ۙ فَٱسْلُكْ فِيهَا مِن كُلٍّ زَوْجَيْنِ ٱثْنَيْنِ وَأَهْلَكَ إِلَّا مَن سَبَقَ عَلَيْهِ ٱلْقَوْلُ مِنْهُمْ ۖ وَلَا تُخَٰطِبْنِى فِى ٱلَّذِينَ ظَلَمُوٓا۟ ۖ إِنَّهُم مُّغْرَقُونَ ﴿٢٧﴾

28. И кога ќе седнеш во бродот, ти и оние со тебе, кажи: “Благодарение на Аллах кој ме избави од народот зулумќарски!”

فَإِذَا ٱسْتَوَيْتَ أَنتَ وَمَن مَّعَكَ عَلَى ٱلْفُلْكِ فَقُلِ ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ٱلَّذِى نَجَّىٰنَا مِنَ ٱلْقَوْمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ﴿٢٨﴾

29. И кажи: “Господаре мој, растовари нѐ на бериќетно место, зашто Ти си, меѓу поставувачите, Најдобриот!”

وَقُل رَّبِّ أَنزِلْنِى مُنزَلًا مُّبَارَكًا وَأَنتَ خَيْرُ ٱلْمُنزِلِينَ ﴿٢٩﴾

30. Во тоа, навистина, има знамениjа и Ние, секако, ги ставивме во искушението.

إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ وَإِن كُنَّا لَمُبْتَلِينَ ﴿٣٠﴾

31. Потоа, по нив, Ние создадовме поколенија други,

ثُمَّ أَنشَأْنَا مِنۢ بَعْدِهِمْ قَرْنًا ءَاخَرِينَ ﴿٣١﴾

32.меѓу кои испративме пејгамбер:“Обожавајте го Аллаха; друг бог освен Него немате. Нема ли да бидете богобојазливи?”

فَأَرْسَلْنَا فِيهِمْ رَسُولًا مِّنْهُمْ أَنِ ٱعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مَا لَكُم مِّنْ إِلَٰهٍ غَيْرُهُۥٓ ۖ أَفَلَا تَتَّقُونَ ﴿٣٢﴾

33. Големците меѓу оние кои не веруваа од народот негов, и кои ја сметаа за лажна средбата на оној свет, и на кои им овозможивме да уживаат на овој свет, зборуваа: “Овој е само човек, вам сличен; јаде од она од што и вие јадете и пие од она што и вие пиете.”

وَقَالَ ٱلۡمَلَأُ مِن قَوۡمِهِ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَكَذَّبُواْ بِلِقَآءِ ٱلۡأٓخِرَةِ وَأَتۡرَفۡنَٰهُمۡ فِي ٱلۡحَيَوٰةِ ٱلدُّنۡيَا مَا هَٰذَآ إِلَّا بَشَرٞ مِّثۡلُكُمۡ يَأۡكُلُ مِمَّا تَأۡكُلُونَ مِنۡهُ وَيَشۡرَبُ مِمَّا تَشۡرَبُونَ ٣٣

34. И ако бидете послушни на вам сличниот човек тогаш вие, навистина, ќе бидете изгубени.

وَلَئِنۡ أَطَعۡتُم بَشَرٗا مِّثۡلَكُمۡ إِنَّكُمۡ إِذٗا لَّخَٰسِرُونَ ٣٤

35. Ви ветува ли дека вие, навистина, кога ќе умрете, кога земја и коски ќе станете, дека пак ќе се појавите?

أَيَعِدُكُمۡ أَنَّكُمۡ إِذَا مِتُّمۡ وَكُنتُمۡ تُرَابٗا وَعِظَٰمًا أَنَّكُم مُّخۡرَجُونَ ٣٥

36. Далеку, далеку е она што ви се ветува!

۞ هَيۡهَاتَ هَيۡهَاتَ لِمَا تُوعَدُونَ ٣٦

37. Животот на овој свет е единствен: живееме и умираме и нема да бидеме оживеани.

إِنۡ هِيَ إِلَّا حَيَاتُنَا ٱلدُّنۡيَا نَمُوتُ وَنَحۡيَا وَمَا نَحۡنُ بِمَبۡعُوثِينَ ٣٧

38. Тој е само човек кој фрла лага врз Аллах и ние нему, секако, не му веруваме.”

إِنۡ هُوَ إِلَّا رَجُلٌ ٱفۡتَرَىٰ عَلَى ٱللَّهِ كَذِبٗا وَمَا نَحۡنُ لَهُۥ بِمُؤۡمِنِينَ ٣٨

39. Нух рече: “Господаре мој, помогни ми, зашто ме сметаат за лашко!”

قَالَ رَبِّ ٱنصُرۡنِي بِمَا كَذَّبُونِ ٣٩

40. Аллах рече: “Да, за кратко време ќе станат покајници!”

قَالَ عَمَّا قَلِيلٖ لَّيُصۡبِحُنَّ نَٰدِمِينَ ٤٠

41. И ги погоди страшен глас, праведно! Па, Ние ги направивме нанес. И далеку нека е народот зулумќарски!

فَأَخَذَتۡهُمُ ٱلصَّيۡحَةُ بِٱلۡحَقِّ فَجَعَلۡنَٰهُمۡ غُثَآءٗۚ فَبُعۡدٗا لِّلۡقَوۡمِ ٱلظَّٰلِمِينَ ٤١

42. Потоа, по нив, Ние создадовме други поколенија.

ثُمَّ أَنشَأْنَا مِنۢ بَعْدِهِمْ قُرُونًا ءَاخَرِينَ ﴿٤٢﴾

43. Ниеден народ не може ни да го забрза ни да го задоцни рокот негов.

مَا تَسْبِقُ مِنْ أُمَّةٍ أَجَلَهَا وَمَا يَسْتَـْٔخِرُونَ ﴿٤٣﴾

44. Потоа Ние ги испраќавме пејгамберите Наши, еднизадруги. И секогаш кога ќе му дојдеше пејгамбер на еден народ... го сметаа за лажен; и така Ние еденсодруг ги заменуваме и само одредивме да бидат помен. И далеку нека е народот невернички!

ثُمَّ أَرْسَلْنَا رُسُلَنَا تَتْرَا كُلَّ مَا جَآءَ أُمَّةً رَّسُولُهَا كَذَّبُوهُ فَأَتْبَعْنَا بَعْضَهُم بَعْضًا وَجَعَلْنَٰهُمْ أَحَادِيثَ فَبُعْدًا لِّقَوْمٍ لَّا يُؤْمِنُونَ ﴿٤٤﴾

45. Потоа Ние го испративме Муса и брат му Харун со знаменијата Наши и власта очигледна

ثُمَّ أَرْسَلْنَا مُوسَىٰ وَأَخَاهُ هَٰرُونَ بِـَٔايَٰتِنَا وَسُلْطَٰنٍ مُّبِينٍ ﴿٤٥﴾

46. до фараонот и големците негови; па се надуја... станаа народ горделив.

إِلَىٰ فِرْعَوْنَ وَمَلَإِيْهِۦ فَٱسْتَكْبَرُوا۟ وَكَانُوا۟ قَوْمًا عَالِينَ ﴿٤٦﴾

47. И рекоа: “Да им веруваме ли на два човека нам слични, а народот нивни нас нѐ обожаваше?”

فَقَالُوٓا۟ أَنُؤْمِنُ لِبَشَرَيْنِ مِثْلِنَا وَقَوْمُهُمَا لَنَا عَٰبِدُونَ ﴿٤٧﴾

48. И ги сметаа за лажни и беа, токму, страдалници.

فَكَذَّبُوهُمَا فَكَانُوا۟ مِنَ ٱلْمُهْلَكِينَ ﴿٤٨﴾

49. И Ние на Муса, секако, му дадовме Книга за да се упатат по патот вистински.

وَلَقَدْ ءَاتَيْنَا مُوسَى ٱلْكِتَٰبَ لَعَلَّهُمْ يَهْتَدُونَ ﴿٤٩﴾

50. А синот на Мерјем и мајка му Ние ги одредивме знамение и ги засолнивме на едно ритче мирно, со поток.

وَجَعَلْنَا ٱبْنَ مَرْيَمَ وَأُمَّهُۥٓ ءَايَةً وَءَاوَيْنَٰهُمَآ إِلَىٰ رَبْوَةٍ ذَاتِ قَرَارٍ وَمَعِينٍ ﴿٥٠﴾

51. О пејгамбери, јадете од доброта и работете добро. Јас го знам, навистина, она што го работите!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلرُّسُلُ كُلُوا۟ مِنَ ٱلطَّيِّبَٰتِ وَٱعْمَلُوا۟ صَٰلِحًا ۖ إِنِّى بِمَا تَعْمَلُونَ عَلِيمٌ ﴿٥١﴾

52. Оваа заедница, навистина, е ваша заедница единствена, а Јас сум Господарот ваш, па бидете богобојазливи!

وَإِنَّ هَٰذِهِۦٓ أُمَّتُكُمْ أُمَّةً وَٰحِدَةً وَأَنَا۠ رَبُّكُمْ فَٱتَّقُونِ ﴿٥٢﴾

53. И меѓу себе оние се поделија, во она што ги обединуваше, на деленици, и секоја странка го величаше она што е при неа.

فَتَقَطَّعُوٓا۟ أَمْرَهُم بَيْنَهُمْ زُبُرًا ۖ كُلُّ حِزْبٍۭ بِمَا لَدَيْهِمْ فَرِحُونَ ﴿٥٣﴾

54. И остави ги во беспаќето нивно до време одредено.

فَذَرْهُمْ فِى غَمْرَتِهِمْ حَتَّىٰ حِينٍ ﴿٥٤﴾

55. Сметаат ли тие дека во Нашето давање имот и синови, навистина;

أَيَحْسَبُونَ أَنَّمَا نُمِدُّهُم بِهِۦ مِن مَّالٍ وَبَنِينَ ﴿٥٥﴾

56. Ние да ги натераме побрзо кон добрини? Но не! Не усетуваат!

نُسَارِعُ لَهُمْ فِى ٱلْخَيْرَٰتِ ۚ بَل لَّا يَشْعُرُونَ ﴿٥٦﴾

57. Да, оние кои се плашат, стравувајќи од Господарот свој,

إِنَّ ٱلَّذِينَ هُم مِّنْ خَشْيَةِ رَبِّهِم مُّشْفِقُونَ ﴿٥٧﴾

58. и кои, токму, веруваат во знаменијата на Господарот свој,

وَٱلَّذِينَ هُم بِـَٔايَٰتِ رَبِّهِمْ يُؤْمِنُونَ ﴿٥٨﴾

59. и кои, токму, не Му здружуваат здруженик на Господарот свој,

وَٱلَّذِينَ هُم بِرَبِّهِمْ لَا يُشْرِكُونَ ﴿٥٩﴾

60. и кои даваат од даденото им, а срцата нивни се исполнети со трепет од тоа дека, навистина,

وَٱلَّذِينَ يُؤْتُونَ مَآ ءَاتَوا۟ وَّقُلُوبُهُمْ وَجِلَةٌ أَنَّهُمْ إِلَىٰ رَبِّهِمْ رَٰجِعُونَ ﴿٦٠﴾

ќе Му се вратат на Господарот свој...

61. онаквите, секако, брзаат кон добрини и во тоа, токму, им претходат на другите.

أُوْلَٰٓئِكَ يُسَٰرِعُونَ فِي ٱلۡخَيۡرَٰتِ وَهُمۡ لَهَا سَٰبِقُونَ ٦١

62. И Ние никого не оптоваруваме над можноста негова. При нас е Книгата која зборува вистина. И ним не ќе им се наштети.

وَلَا نُكَلِّفُ نَفۡسًا إِلَّا وُسۡعَهَاۖ وَلَدَيۡنَا كِتَٰبٞ يَنطِقُ بِٱلۡحَقِّ وَهُمۡ لَا يُظۡلَمُونَ ٦٢

63. Но, не! Срцата нивни во врска со тоа се во беспаќе а, делата нивни што ги работат, се спротивни на тоа.

بَلۡ قُلُوبُهُمۡ فِي غَمۡرَةٖ مِّنۡ هَٰذَا وَلَهُمۡ أَعۡمَٰلٞ مِّن دُونِ ذَٰلِكَ هُمۡ لَهَا عَٰمِلُونَ ٦٣

64. Додека ги опфативме од Наша страна со казна оние кои живееја раскошно... кога, ете, залелекаа:

حَتَّىٰٓ إِذَآ أَخَذۡنَا مُتۡرَفِيهِم بِٱلۡعَذَابِ إِذَا هُمۡ يَجۡـَٔرُونَ ٦٤

65. "Не лелекајте денес! Не ќе ви се помогне од Мене, навистина!

لَا تَجۡـَٔرُواْ ٱلۡيَوۡمَۖ إِنَّكُم مِّنَّا لَا تُنصَرُونَ ٦٥

66. Да, ајетите Мои вам ви се кажувани, а вие, ете, се враќате по стапалките ваши,

قَدۡ كَانَتۡ ءَايَٰتِي تُتۡلَىٰ عَلَيۡكُمۡ فَكُنتُمۡ عَلَىٰٓ أَعۡقَٰبِكُمۡ تَنكِصُونَ ٦٦

67. дувајќи се во Храмот, разговарајќи до полноќ непристојни зборови."

مُسۡتَكۡبِرِينَ بِهِۦ سَٰمِرٗا تَهۡجُرُونَ ٦٧

68. Зошто не размислуваат за Говорот? Или, пак, им доаѓа нешто што не им беше дошло на предците нивни одамнешни?

أَفَلَمۡ يَدَّبَّرُواْ ٱلۡقَوۡلَ أَمۡ جَآءَهُم مَّا لَمۡ يَأۡتِ ءَابَآءَهُمُ ٱلۡأَوَّلِينَ ٦٨

69. Или, пак, не го познаваат пејгамберот свој!? Во него тие, токму, не веруваат.

أَمۡ لَمۡ يَعۡرِفُواْ رَسُولَهُمۡ فَهُمۡ لَهُۥ مُنكِرُونَ ٦٩

70. Или, пак, им зборуваат за него: “При него има џинови!” Но, не! Пејгамберот им дојде со вистина, а, ете, мнозинството од нив не ја признаваат вистината.

أَمۡ يَقُولُونَ بِهِۦ جِنَّةُۢۚ بَلۡ جَآءَهُم بِٱلۡحَقِّ وَأَكۡثَرُهُمۡ لِلۡحَقِّ كَٰرِهُونَ ٧٠

71. Кога Вистината би ги следела желбите нивни, сигурно би пропаднале и небесата и Земјата и она што е во нив. Напротив, Ние им ја дадовме опомената нивна а тие, токму, се рамнодушни кон опомената!

وَلَوِ ٱتَّبَعَ ٱلۡحَقُّ أَهۡوَآءَهُمۡ لَفَسَدَتِ ٱلسَّمَٰوَٰتُ وَٱلۡأَرۡضُ وَمَن فِيهِنَّۚ بَلۡ أَتَيۡنَٰهُم بِذِكۡرِهِمۡ فَهُمۡ عَن ذِكۡرِهِم مُّعۡرِضُونَ ٧١

72. Или, пак, од нив бараат придонес? Придонесот од Господарот твој е подобар. Он меѓу снабдувачите е Најдобриот!

أَمۡ تَسۡـَٔلُهُمۡ خَرۡجٗا فَخَرَاجُ رَبِّكَ خَيۡرٞۖ وَهُوَ خَيۡرُ ٱلرَّٰزِقِينَ ٧٢

73. Ти нив, секако, ги повикуваш кон патот вистински!

وَإِنَّكَ لَتَدۡعُوهُمۡ إِلَىٰ صِرَٰطٖ مُّسۡتَقِيمٖ ٧٣

74. А оние кои не веруваат во Ахирет скршнуваат, навистина, од патот вистински!

وَإِنَّ ٱلَّذِينَ لَا يُؤۡمِنُونَ بِٱلۡأٓخِرَةِ عَنِ ٱلصِّرَٰطِ لَنَٰكِبُونَ ٧٤

75. И Ние да им се смилувавме и да им ја отстраневме штетата од нив пак ќе лутаа, навистина, во пакоста своја.

۞ وَلَوۡ رَحِمۡنَٰهُمۡ وَكَشَفۡنَا مَا بِهِم مِّن ضُرّٖ لَّلَجُّواْ فِي طُغۡيَٰنِهِمۡ يَعۡمَهُونَ ٧٥

76. Да, ги обземаше казната Наша, а тие, ете, не Му се потчинуваа на Господарот свој, а ниту Го молеа понизно.

وَلَقَدۡ أَخَذۡنَٰهُم بِٱلۡعَذَابِ فَمَا ٱسۡتَكَانُواْ لِرَبِّهِمۡ وَمَا يَتَضَرَّعُونَ ٧٦

77. И дури кога Ние им ја отворивме вратата на казната вжештена... тие, тогаш, ете, станаа безнадежници.

حَتَّىٰٓ إِذَا فَتَحۡنَا عَلَيۡهِم بَابٗا ذَا عَذَابٖ شَدِيدٍ إِذَا هُمۡ فِيهِ مُبۡلِسُونَ ٧٧

78. И Он ви создаде и слух, и вид, и срце. Е, само колку малку заблагодарувате!

وَهُوَ ٱلَّذِيٓ أَنشَأَ لَكُمُ ٱلسَّمۡعَ وَٱلۡأَبۡصَٰرَ وَٱلۡأَفۡـِٔدَةَۚ قَلِيلٗا مَّا تَشۡكُرُونَ ٧٨

79. И Он ве растури по земјата и кај Него ќе се зберете!

وَهُوَ ٱلَّذِي ذَرَأَكُمۡ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَإِلَيۡهِ تُحۡشَرُونَ ٧٩

80. И Он оживува и Он усмртува. Сменувањето на ноќта и денот е обврска Негова. Нема ли да се вразумите?

وَهُوَ ٱلَّذِي يُحۡيِۦ وَيُمِيتُ وَلَهُ ٱخۡتِلَٰفُ ٱلَّيۡلِ وَٱلنَّهَارِۚ أَفَلَا تَعۡقِلُونَ ٨٠

81. Но, не! Зборуваат нешто слично на она што го зборуваа одамнешните.

بَلۡ قَالُواْ مِثۡلَ مَا قَالَ ٱلۡأَوَّلُونَ ٨١

82. Зборуваат: “И зарем кога ќе умреме и кога земја и коски ќе станеме ќе бидеме ли, навистина, оживеани?

قَالُوٓاْ أَءِذَا مِتۡنَا وَكُنَّا تُرَابٗا وَعِظَٰمًا أَءِنَّا لَمَبۡعُوثُونَ ٨٢

83. И порано веќе тоа ни беше ветено, нам и на предците наши; ова се само измислици на народите одамнешни.”

لَقَدۡ وُعِدۡنَا نَحۡنُ وَءَابَآؤُنَا هَٰذَا مِن قَبۡلُ إِنۡ هَٰذَآ إِلَّآ أَسَٰطِيرُ ٱلۡأَوَّلِينَ ٨٣

84. Кажи: “Па, чија е тогаш земјата и она што е на неа ако знаете?”

قُل لِّمَنِ ٱلۡأَرۡضُ وَمَن فِيهَآ إِن كُنتُمۡ تَعۡلَمُونَ ٨٤

85. Ќе речат: “Аллахова е!” Кажи: “Е па, нема ли да се сеќавате?”

سَيَقُولُونَ لِلَّهِۚ قُلۡ أَفَلَا تَذَكَّرُونَ ٨٥

86. Кажи: “Кој е Господарот на седумте небеса и Господарот на Аршот голем?”

قُلۡ مَن رَّبُّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ ٱلسَّبۡعِ وَرَبُّ ٱلۡعَرۡشِ ٱلۡعَظِيمِ ٨٦

87. Ќе речат: “Аллах!” Кажи: “Е па, нема ли да бидете богобојазливи?”

سيقولون لله قل أفلا تتقون ٨٧

88. Кажи: “Кој е Оној во чија рака е власта над секоја ствар? Кој штити и од Кого не може да се заштити. Е, само да знаете!”

قل من بيده ملكوت كل شيء وهو يجير ولا يجار عليه إن كنتم تعلمون ٨٨

89. Ќе речат: “Аллахова е!” Кажи: “Па како, тогаш, се восхитувате?”

سيقولون لله قل فأنى تسحرون ٨٩

90. Но, не! Ние им ја донесовме вистината а тие се, навистина, лашковци!

بل أتيناهم بالحق وإنهم لكاذبون ٩٠

91. Аллах не си присвои дете и покрај Него нема друг бог. Тогаш, секој бог би го земал, секако, она што би го создал, и еднисодруги ќе се натпреваруваа. Возвишен е Аллах над она со што го опишуваат!

ما اتخذ الله من ولد وما كان معه من إله إذا لذهب كل إله بما خلق ولعلا بعضهم على بعض سبحان الله عما يصفون ٩١

92. Зналец на невидливото и видливото... па, возвишен е Он над она што Му го здружуваат!

عالم الغيب والشهادة فتعالى عما يشركون ٩٢

93. Кажи: “Господаре мој, ако посакуваш да ми го покажеш она со што им се ветува,

قل رب إما تريني ما يوعدون ٩٣

94. тогаш, Господаре мој, не ставај ме меѓу народот зулумќарски! “

رب فلا تجعلني في القوم الظالمين ٩٤

95. Ние сме моќни, секако, да ти го покажеме она што им се ветува.

وإنا على أن نريك ما نعدهم لقادرون ٩٥

96. На злото возвратете со најдобро! Ние најдобро го знаеме она што го опишуваат!

ٱدْفَعْ بِٱلَّتِى هِىَ أَحْسَنُ ٱلسَّيِّئَةَ ۚ نَحْنُ أَعْلَمُ بِمَا يَصِفُونَ ﴿٩٦﴾

97. И кажи: “Господаре мој, Тебе ти се приклонувам од привлечностите на шејтаните!

وَقُل رَّبِّ أَعُوذُ بِكَ مِنْ هَمَزَٰتِ ٱلشَّيَٰطِينِ ﴿٩٧﴾

98. И Тебе ти се приклонувам, Господаре, од нивното присуство пред мене!”

وَأَعُوذُ بِكَ رَبِّ أَن يَحْضُرُونِ ﴿٩٨﴾

99. И дури некому од нив кога ќе му дојде смртта, тој вели: “Господаре мој, врати ме;

حَتَّىٰٓ إِذَا جَآءَ أَحَدَهُمُ ٱلْمَوْتُ قَالَ رَبِّ ٱرْجِعُونِ ﴿٩٩﴾

100. ќе работам добро во она што го оставив.” А, не! Тоа се само зборови кои ги зборува. А зад нив, меѓутоа, има Берзах до Денот во кој ќе бидат оживеани!

لَعَلِّىٓ أَعْمَلُ صَٰلِحًا فِيمَا تَرَكْتُ ۚ كَلَّآ ۚ إِنَّهَا كَلِمَةٌ هُوَ قَآئِلُهَا ۖ وَمِن وَرَآئِهِم بَرْزَخٌ إِلَىٰ يَوْمِ يُبْعَثُونَ ﴿١٠٠﴾

101. И кога ќе се дувне во Сурлата... роднински врски еднисодруги веќе нема да има на Денот тој и не ќе се прашуваат за ништо.

فَإِذَا نُفِخَ فِى ٱلصُّورِ فَلَآ أَنسَابَ بَيْنَهُمْ يَوْمَئِذٍ وَلَا يَتَسَآءَلُونَ ﴿١٠١﴾

102. Оние чии ваги ќе натежнат... оние, токму, се спасените!

فَمَن ثَقُلَتْ مَوَٰزِينُهُۥ فَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ﴿١٠٢﴾

103. А оние, пак, чии ваги нема да натежнат со добро... оние, токму, се упропастија самите себеси; во Џехеннемот за навек ќе останат!

وَمَنْ خَفَّتْ مَوَٰزِينُهُۥ فَأُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ خَسِرُوٓا۟ أَنفُسَهُمْ فِى جَهَنَّمَ خَٰلِدُونَ ﴿١٠٣﴾

104. Пламен ќе ги спржи по лицата нивни и во Џехеннемот ќе бидат обезличени:

تَلْفَحُ وُجُوهَهُمُ ٱلنَّارُ وَهُمْ فِيهَا كَٰلِحُونَ ﴿١٠٤﴾

105. “Нели ви се кажувани ајетите Мои, а вие нив за лажни ги сметавте?”

أَلَمْ تَكُنْ ءَايَٰتِى تُتْلَىٰ عَلَيْكُمْ فَكُنتُم بِهَا تُكَذِّبُونَ ١٠٥

106. Ќе речат: “Господаре наш, надвладеа со нас несреќата наша и останавме народ во заблуда скршнат!

قَالُوا۟ رَبَّنَا غَلَبَتْ عَلَيْنَا شِقْوَتُنَا وَكُنَّا قَوْمًا ضَآلِّينَ ١٠٦

107. Господаре наш, извади нѐ од него, зашто, ако иста грешка направиме... та, тогаш сме, навистина, зулумќари!”

رَبَّنَآ أَخْرِجْنَا مِنْهَا فَإِنْ عُدْنَا فَإِنَّا ظَٰلِمُونَ ١٠٧

108. Аллах ќе рече: “Останете во него и не зборувајте Ми повеќе!”

قَالَ ٱخْسَـُٔوا۟ فِيهَا وَلَا تُكَلِّمُونِ ١٠٨

109. Меѓу робовите Мои има една дружина која, навистина, зборува: “Господаре наш, ние веруваме, прости ни и смилуј ни се зашто Ти си меѓу милостивите Најдобриот!”

إِنَّهُۥ كَانَ فَرِيقٌ مِّنْ عِبَادِى يَقُولُونَ رَبَّنَآ ءَامَنَّا فَٱغْفِرْ لَنَا وَٱرْحَمْنَا وَأَنتَ خَيْرُ ٱلرَّٰحِمِينَ ١٠٩

110. Па, вие толку многу ги изигрувавте, така што заборававте на опомената Моја додека ги исмевавте.

فَٱتَّخَذْتُمُوهُمْ سِخْرِيًّا حَتَّىٰٓ أَنسَوْكُمْ ذِكْرِى وَكُنتُم مِّنْهُمْ تَضْحَكُونَ ١١٠

111. Да, Јас денес ги наградив, затоа што беа трпеливи. Денес се, токму, победници!

إِنِّى جَزَيْتُهُمُ ٱلْيَوْمَ بِمَا صَبَرُوٓا۟ أَنَّهُمْ هُمُ ٱلْفَآئِزُونَ ١١١

112. И ќе рече: “Колку години останавте на земјата?”

قَٰلَ كَمْ لَبِثْتُمْ فِى ٱلْأَرْضِ عَدَدَ سِنِينَ ١١٢

113. Ќе речат: “Останавме само еден ден или еден дел од еден ден. Па, прашај ги бројачите!”

قَالُوا۟ لَبِثْنَا يَوْمًا أَوْ بَعْضَ يَوْمٍ فَسْـَٔلِ ٱلْعَآدِّينَ ١١٣

114. Ќе рече: “Останавте само малку. Е, само кога би знаеле!

قَٰلَ إِن لَّبِثۡتُمۡ إِلَّا قَلِيلٗاۖ لَّوۡ أَنَّكُمۡ كُنتُمۡ تَعۡلَمُونَ ١١٤

115. И мислевте ли, навистина, дека Ние ве создадовме залудно и дека, ете, Нам нема да Ни се вратите?”

أَفَحَسِبۡتُمۡ أَنَّمَا خَلَقۡنَٰكُمۡ عَبَثٗا وَأَنَّكُمۡ إِلَيۡنَا لَا تُرۡجَعُونَ ١١٥

116. Та, Аллах е Вишен! Владар вистински! Нема друг бог освен Него! Господарот на Аршот благороден!

فَتَعَٰلَى ٱللَّهُ ٱلۡمَلِكُ ٱلۡحَقُّۖ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ رَبُّ ٱلۡعَرۡشِ ٱلۡكَرِيمِ ١١٦

117. И оној кој се повикува на друг бог освен Аллах нема доказ за тоа. Та, пресметката негова е кај Господарот негов. Неверниците, навистина, нема да успеат!

وَمَن يَدۡعُ مَعَ ٱللَّهِ إِلَٰهًا ءَاخَرَ لَا بُرۡهَٰنَ لَهُۥ بِهِۦ فَإِنَّمَا حِسَابُهُۥ عِندَ رَبِّهِۦٓۚ إِنَّهُۥ لَا يُفۡلِحُ ٱلۡكَٰفِرُونَ ١١٧

118. И кажи: “Господаре мој, прости и смилуј се! Ти си меѓу милостивите Најдобриот!”
милостивите Најдобриот!”

وَقُل رَّبِّ ٱغۡفِرۡ وَٱرۡحَمۡ وَأَنتَ خَيۡرُ ٱلرَّٰحِمِينَ ١١٨

ЕН-НУУР(Светлина) XXIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Сура што Ние ја објавуваме и обврзувачка што ја одредуваме, и во која ајети јасни објавуваме за да се сеќавате!

سُورَةٌ أَنزَلۡنَٰهَا وَفَرَضۡنَٰهَا وَأَنزَلۡنَا فِيهَآ ءَايَٰتِۭ بَيِّنَٰتٖ لَّعَلَّكُمۡ تَذَكَّرُونَ ١

2. На блудницата и блудникот, одделно, удрете им по сто корбачи. Во верата Аллахова, доколку верувате и во Аллах и

ٱلزَّانِيَةُ وَٱلزَّانِي فَٱجۡلِدُواْ كُلَّ وَٰحِدٖ مِّنۡهُمَا مِاْئَةَ جَلۡدَةٖۖ وَلَا تَأۡخُذۡكُم بِهِمَا رَأۡفَةٞ فِي دِينِ ٱللَّهِ إِن كُنتُمۡ تُؤۡمِنُونَ بِٱللَّهِ وَٱلۡيَوۡمِ ٱلۡأٓخِرِۖ وَلۡيَشۡهَدۡ عَذَابَهُمَا طَآئِفَةٞ

مِنَ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٢﴾

во Денот суден, нека не ве обзеде при казната никакво сожалување. А при казната врз нив нека биде присутна една дружина верници!

ٱلزَّانِى لَا يَنكِحُ إِلَّا زَانِيَةً أَوْ مُشْرِكَةً وَٱلزَّانِيَةُ لَا يَنكِحُهَآ إِلَّا زَانٍ أَوْ مُشْرِكٌ ۚ وَحُرِّمَ ذَٰلِكَ عَلَى ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٣﴾

3. Блудникот нека венча само блудница или многубошка, а блудницата нека ја венча само блудникот или многубожецот! Ете, тоа за верниците, секако, е забрането!

وَٱلَّذِينَ يَرْمُونَ ٱلْمُحْصَنَٰتِ ثُمَّ لَمْ يَأْتُوا۟ بِأَرْبَعَةِ شُهَدَآءَ فَٱجْلِدُوهُمْ ثَمَٰنِينَ جَلْدَةً وَلَا تَقْبَلُوا۟ لَهُمْ شَهَٰدَةً أَبَدًا ۚ وَأُو۟لَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْفَٰسِقُونَ ﴿٤﴾

4. А оние кои ќе фрлаат лага врз чесните жени, а за тоа нема да донесат четири сведоци, удрете им осумдесет корбачи и сведочењето нивно никогаш повеќе не примајте го. Тие се, токму, расипани!

إِلَّا ٱلَّذِينَ تَابُوا۟ مِنۢ بَعْدِ ذَٰلِكَ وَأَصْلَحُوا۟ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥﴾

5. Освен оние кои ќе се покајат по тоа и кои ќе се поправат. Та, Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

وَٱلَّذِينَ يَرْمُونَ أَزْوَٰجَهُمْ وَلَمْ يَكُن لَّهُمْ شُهَدَآءُ إِلَّآ أَنفُسُهُمْ فَشَهَٰدَةُ أَحَدِهِمْ أَرْبَعُ شَهَٰدَٰتٍۭ بِٱللَّهِ ۙ إِنَّهُۥ لَمِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٦﴾

6. А на оние кои ќе фрлаат лага врз жените свои, кои немаат сведоци освен самите тие, сведочењето на еден од нив е да се заколне четирипати во Аллах дека тој, навистина, е меѓу искрените!

وَٱلْخَٰمِسَةُ أَنَّ لَعْنَتَ ٱللَّهِ عَلَيْهِ إِن كَانَ

7. А петтиот пат нека се заколне со тоа дека проклет-

ството Аллахово нека биде врз него, ако е меѓу лашковците!

مِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٧﴾

8. Казната од неа ќе биде отстранета ако таа се заколне четирипати во Аллах дека тој, навистина, е меѓу лашковците!

وَيَدْرَؤُا۟ عَنْهَا ٱلْعَذَابَ أَن تَشْهَدَ أَرْبَعَ شَهَٰدَٰتٍۭ بِٱللَّهِ ۙ إِنَّهُۥ لَمِنَ ٱلْكَٰذِبِينَ ﴿٨﴾

9. А петтиот пат нека се заколне со тоа дека лутината Аллахова да падне врз неа, ако тој е меѓу искрените!

وَٱلْخَٰمِسَةَ أَنَّ غَضَبَ ٱللَّهِ عَلَيْهَآ إِن كَانَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٩﴾

10. Е, кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова...! И Аллах е Простувач и Мудар!

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ وَأَنَّ ٱللَّهَ تَوَّابٌ حَكِيمٌ ﴿١٠﴾

11. За оние здруженици меѓу вас, кои дојдоа со клевета, не мислете ли дека ви донесоа зло? Но, не! Тоа, токму, е добро за вас! Секому од нив му припаѓа дел за гревот што си го спечалил. А на оној меѓу нив кој, меѓутоа, ќе претера во делот свој, најмногу, му припаѓа казна голема!

إِنَّ ٱلَّذِينَ جَآءُو بِٱلْإِفْكِ عُصْبَةٌ مِّنكُمْ ۚ لَا تَحْسَبُوهُ شَرًّا لَّكُم ۖ بَلْ هُوَ خَيْرٌ لَّكُمْ ۚ لِكُلِّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُم مَّا ٱكْتَسَبَ مِنَ ٱلْإِثْمِ ۚ وَٱلَّذِى تَوَلَّىٰ كِبْرَهُۥ مِنْهُمْ لَهُۥ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿١١﴾

12. Па зошто кога тоа го чувте, верниците и верничките помислија за себеси добро, и не рекоа: “Ова е клевета јасна!”

لَّوْلَآ إِذْ سَمِعْتُمُوهُ ظَنَّ ٱلْمُؤْمِنُونَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتُ بِأَنفُسِهِمْ خَيْرًا وَقَالُوا۟ هَٰذَآ إِفْكٌ مُّبِينٌ ﴿١٢﴾

13. Зошто не донесоа за тоа четири сведоци? И бидејќи не донесоа сведоци тие се кај Аллах, токму, лашковци.

لَّوْلَا جَآءُو عَلَيْهِ بِأَرْبَعَةِ شُهَدَآءَ ۚ فَإِذْ لَمْ يَأْتُوا۟ بِٱلشُّهَدَآءِ فَأُو۟لَٰٓئِكَ عِندَ ٱللَّهِ هُمُ ٱلْكَٰذِبُونَ ﴿١٣﴾

14. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова и на овој свет и на Ахирет би ве снашла, во она што западнавте, казна голема.

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْـَٔاخِرَةِ لَمَسَّكُمْ فِى مَآ أَفَضْتُمْ فِيهِ عَذَابٌ عَظِيمٌ ﴿١٤﴾

15. Кога тоа го пренесувавте со јазиците ваши и кога го кажувавте со устите ваши она за што, всушност, ништо не знаевте, сметајќи го тоа незначително, а тоа кај Аллах не е незначително,

إِذْ تَلَقَّوْنَهُۥ بِأَلْسِنَتِكُمْ وَتَقُولُونَ بِأَفْوَاهِكُم مَّا لَيْسَ لَكُم بِهِۦ عِلْمٌ وَتَحْسَبُونَهُۥ هَيِّنًا وَهُوَ عِندَ ٱللَّهِ عَظِيمٌ ﴿١٥﴾

16. кога тоа го чувте, зошто не рековте: “Што да зборуваме за ова? Возвишен си Ти! Ова е клевета голема!”

وَلَوْلَآ إِذْ سَمِعْتُمُوهُ قُلْتُم مَّا يَكُونُ لَنَآ أَن نَّتَكَلَّمَ بِهَٰذَا سُبْحَٰنَكَ هَٰذَا بُهْتَٰنٌ عَظِيمٌ ﴿١٦﴾

17. Аллах ве советува, ако сте верници, никогаш да не повторите такво нешто.

يَعِظُكُمُ ٱللَّهُ أَن تَعُودُوا۟ لِمِثْلِهِۦٓ أَبَدًا إِن كُنتُم مُّؤْمِنِينَ ﴿١٧﴾

18. И Аллах ви ги објаснува ајетите. Аллах е Зналец и Мудар!

وَيُبَيِّنُ ٱللَّهُ لَكُمُ ٱلْـَٔايَٰتِ وَٱللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿١٨﴾

19. Оние кои посакуваат да се прошири срамното дело меѓу оние кои веруваат им припаѓа, навистина, казна болна и на овој свет и на Ахирет. Аллах знае, а вие не знаете.

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُحِبُّونَ أَن تَشِيعَ ٱلْفَٰحِشَةُ فِى ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ فِى ٱلدُّنْيَا وَٱلْـَٔاخِرَةِ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ وَأَنتُمْ لَا تَعْلَمُونَ ﴿١٩﴾

20. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова... Аллах, навистина, е Чувствителен и Сомилосен!

وَلَوْلَا فَضْلُ ٱللَّهِ عَلَيْكُمْ وَرَحْمَتُهُۥ وَأَنَّ ٱللَّهَ رَءُوفٌ رَّحِيمٌ ﴿٢٠﴾

21. О верници, не следете ги стапалките шејтанови! А оној кој ги следи стапалките шејтанови, па, навистина, наредува срамно дело и зло. А кога не би била добрината Аллахова кон вас и милоста Негова никој од вас никогаш не би се очистил. Но, Аллах со посак Свој чисти. Аллах е Слушач и Зналец!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَا تَتَّبِعُواْ خُطُوَٰتِ ٱلشَّيۡطَٰنِۚ
وَمَن يَتَّبِعۡ خُطُوَٰتِ ٱلشَّيۡطَٰنِ فَإِنَّهُۥ يَأۡمُرُ بِٱلۡفَحۡشَآءِ
وَٱلۡمُنكَرِۚ وَلَوۡلَا فَضۡلُ ٱللَّهِ عَلَيۡكُمۡ وَرَحۡمَتُهُۥ مَا زَكَىٰ
مِنكُم مِّنۡ أَحَدٍ أَبَدٗا وَلَٰكِنَّ ٱللَّهَ يُزَكِّي
مَن يَشَآءُۗ وَٱللَّهُ سَمِيعٌ عَلِيمٞ ﴿٢١﴾

22. Добродушните меѓу вас и богатите нека не се колнат дека не ќе им помогнат на роднините, на сиромасите и на мухаџирите на Аллаховиот пат... Нека им простат и нека поминат преку тоа! Не посакувате ли Аллах да ви прости? Аллах е Простувач и Сомилосен!

وَلَا يَأۡتَلِ أُوْلُواْ ٱلۡفَضۡلِ مِنكُمۡ وَٱلسَّعَةِ أَن يُؤۡتُوٓاْ أُوْلِي
ٱلۡقُرۡبَىٰ وَٱلۡمَسَٰكِينَ وَٱلۡمُهَٰجِرِينَ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِۖ
وَلۡيَعۡفُواْ وَلۡيَصۡفَحُوٓاْۗ أَلَا تُحِبُّونَ أَن يَغۡفِرَ ٱللَّهُ لَكُمۡۚ
وَٱللَّهُ غَفُورٞ رَّحِيمٌ ﴿٢٢﴾

23. Оние кои, навистина, фрлаат измислици по чесни жени вернички се проколнети и на овој свет и на Ахирет и ним им припаѓа казна голема

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَرۡمُونَ ٱلۡمُحۡصَنَٰتِ ٱلۡغَٰفِلَٰتِ ٱلۡمُؤۡمِنَٰتِ
لُعِنُواْ فِي ٱلدُّنۡيَا وَٱلۡأٓخِرَةِ وَلَهُمۡ عَذَابٌ عَظِيمٞ ﴿٢٣﴾

24. на Денот кога против нив ќе сведочат и јазиците нивни, и рацете нивни и нозете нивни за она што го работеа,

يَوۡمَ تَشۡهَدُ عَلَيۡهِمۡ أَلۡسِنَتُهُمۡ وَأَيۡدِيهِمۡ وَأَرۡجُلُهُم
بِمَا كَانُواْ يَعۡمَلُونَ ﴿٢٤﴾

25. на Денот кога Аллах ќе го подмири долгот нивни, вистински, и ќе узнаат дека Аллах, навистина, е Вистина јасна!

يَوۡمَئِذٖ يُوَفِّيهِمُ ٱللَّهُ دِينَهُمُ ٱلۡحَقَّ وَيَعۡلَمُونَ
أَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلۡحَقُّ ٱلۡمُبِينُ ﴿٢٥﴾

26. Лоши жени за лоши мажи, а лоши мажи за лоши жени. Добри жени за добри мажи, а добри мажи за добри жени. Тие не се виновни за она што другите за нив го зборуваат. Ним им припаѓа и прошка и ‘рск благороден!

ٱلْخَبِيثَٰتُ لِلْخَبِيثِينَ وَٱلْخَبِيثُونَ لِلْخَبِيثَٰتِ ۖ وَٱلطَّيِّبَٰتُ لِلطَّيِّبِينَ وَٱلطَّيِّبُونَ لِلطَّيِّبَٰتِ ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ مُبَرَّءُونَ مِمَّا يَقُولُونَ ۖ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَرِزْقٌ كَرِيمٌ ٢٦

27. О верници, не влегувајте во други куќи, освен во вашите, сè додека не побарате дозвола и додека не ги поздравите членовите нивни. Ете, тоа е подобро за вас за да се сеќавате.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَدْخُلُوا۟ بُيُوتًا غَيْرَ بُيُوتِكُمْ حَتَّىٰ تَسْتَأْنِسُوا۟ وَتُسَلِّمُوا۟ عَلَىٰٓ أَهْلِهَا ۚ ذَٰلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ لَعَلَّكُمْ تَذَكَّرُونَ ٢٧

28. Па, ако во нив не најдете никого, не влегувајте во нив додека не добиете дозвола. А ако, пак, ви се каже да се вратите, па вратете се! Тоа е почесно за вас. Аллах, навистина, го знае она што го работите!

فَإِن لَّمْ تَجِدُوا۟ فِيهَآ أَحَدًا فَلَا تَدْخُلُوهَا حَتَّىٰ يُؤْذَنَ لَكُمْ ۖ وَإِن قِيلَ لَكُمُ ٱرْجِعُوا۟ فَٱرْجِعُوا۟ ۖ هُوَ أَزْكَىٰ لَكُمْ ۚ وَٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ عَلِيمٌ ٢٨

29. Не ви е грев да влегувате во куќите невселени, а во кои се наоѓаат стварите кои вам ви припаѓаат. Аллах го знае и она што го криете и она што го обелоденувате.

لَّيْسَ عَلَيْكُمْ جُنَاحٌ أَن تَدْخُلُوا۟ بُيُوتًا غَيْرَ مَسْكُونَةٍ فِيهَا مَتَٰعٌ لَّكُمْ ۚ وَٱللَّهُ يَعْلَمُ مَا تُبْدُونَ وَمَا تَكْتُمُونَ ٢٩

30. Кажи им на верниците да го соборат опулот свој и да ги чуваат срамните места свои. Ете, тоа е почесно за нив. Аллах, навистина, е Известен за она што го работат!

قُل لِّلْمُؤْمِنِينَ يَغُضُّوا۟ مِنْ أَبْصَٰرِهِمْ وَيَحْفَظُوا۟ فُرُوجَهُمْ ۚ ذَٰلِكَ أَزْكَىٰ لَهُمْ ۗ إِنَّ ٱللَّهَ خَبِيرٌۢ بِمَا يَصْنَعُونَ ٣٠

31. И кажи им на верничките да ги соборат опулите свои и нека ги чуваат срамните места свои, и убавините свои, освен она што се гледа, и нека не ги покажуваат; превезите свои нека ги спуштат на градите. Убавините свои, исто така, нека не ги кажуваат на други, освен пред мажите свои и бабовците свои, или пред бабовците од мажите свои и синовите свои, или пред синовите од мажите свои, или пред браќата свои, или пред синовите од браќата свои, или пред синовите од сестрите свои, или пред пријателките свои, или пред робинките свои, или пред оние мажи кои немаат желба за жени или пред деца кои не знаат за срамните места на жените. И нека не удираат со нозете свои за да се слушне накитот што го кријат. И сите заедно покајте се, о верници, за да бидете спасени!

وَقُل لِّلْمُؤْمِنَٰتِ يَغْضُضْنَ مِنْ أَبْصَٰرِهِنَّ وَيَحْفَظْنَ فُرُوجَهُنَّ وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا مَا ظَهَرَ مِنْهَا ۖ وَلْيَضْرِبْنَ بِخُمُرِهِنَّ عَلَىٰ جُيُوبِهِنَّ ۖ وَلَا يُبْدِينَ زِينَتَهُنَّ إِلَّا لِبُعُولَتِهِنَّ أَوْ ءَابَآئِهِنَّ أَوْ ءَابَآءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ أَبْنَآئِهِنَّ أَوْ أَبْنَآءِ بُعُولَتِهِنَّ أَوْ إِخْوَٰنِهِنَّ أَوْ بَنِىٓ إِخْوَٰنِهِنَّ أَوْ بَنِىٓ أَخَوَٰتِهِنَّ أَوْ نِسَآئِهِنَّ أَوْ مَا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُهُنَّ أَوِ ٱلتَّٰبِعِينَ غَيْرِ أُو۟لِى ٱلْإِرْبَةِ مِنَ ٱلرِّجَالِ أَوِ ٱلطِّفْلِ ٱلَّذِينَ لَمْ يَظْهَرُوا۟ عَلَىٰ عَوْرَٰتِ ٱلنِّسَآءِ ۖ وَلَا يَضْرِبْنَ بِأَرْجُلِهِنَّ لِيُعْلَمَ مَا يُخْفِينَ مِن زِينَتِهِنَّ ۚ وَتُوبُوٓا۟ إِلَى ٱللَّهِ جَمِيعًا أَيُّهَ ٱلْمُؤْمِنُونَ لَعَلَّكُمْ تُفْلِحُونَ ﴿٣١﴾

32. Венчавајте ги немажените и неженетите. Исто така и добрите робови ваши и робинките ваши. Ако се сиромашни Аллах ќе ги збогати од добрината Своја. Аллах е Неизмерен и Зналец!

وَأَنكِحُوا۟ ٱلْأَيَٰمَىٰ مِنكُمْ وَٱلصَّٰلِحِينَ مِنْ عِبَادِكُمْ وَإِمَآئِكُمْ ۚ إِن يَكُونُوا۟ فُقَرَآءَ يُغْنِهِمُ ٱللَّهُ مِن فَضْلِهِۦ ۗ وَٱللَّهُ وَٰسِعٌ عَلِيمٌ ﴿٣٢﴾

33. Нека се воздржат оние кои немаат можност да се венчаат сè

15. А и на човекот Ние во васиет му оставивме убаво да се однесува кон родителите свои. Мајката негова со мака го носеше и со мака го роди; го носеше и го доеше триесет месеци. А кога ќе сјакне и ќе наполни четириесет години, вели: “Господаре мој, овозможи ми да ти се заблагодарам на благодатот Твој со кој ме опсипа, мене и родителите мои, и да работам добро со што ќе бидеш задоволен и одреди потомството мое да биде добро. Јас, навистина, се кајам и јас сум меѓу муслиманите!”

أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ نَتَقَبَّلُ عَنْهُمْ أَحْسَنَ مَا عَمِلُوا۟ وَنَتَجَاوَزُ عَن سَيِّـَٔاتِهِمْ فِىٓ أَصْحَٰبِ ٱلْجَنَّةِ ۖ وَعْدَ ٱلصِّدْقِ ٱلَّذِى كَانُوا۟ يُوعَدُونَ ﴿١٦﴾

16. Од таквите Ние ќе го примиме она што го работеа, најдоброто, а ќе ги занемариме пропустите нивни, меѓу жителите на Џеннетот - ова е ветување вистинско со што им беше ветено!

17. Оној што ќе им рече на родителите свои"Уф", од вас двајца, ми ветувате ли дека ќе бидам оживеан. Пред мене, секако, пропаднаа поколенија многу, а родителите, барајќи помош од Аллах, велат: "Тешко тебе, верувај! Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина," а тој, пак, вели: "Ова се само приказни одамнешни!"

وَالَّذِي قَالَ لِوَالِدَيْهِ أُفٍّ لَّكُمَا أَتَعِدَانِنِي أَنْ أُخْرَجَ وَقَدْ خَلَتِ الْقُرُونُ مِن قَبْلِي وَهُمَا يَسْتَغِيثَانِ اللَّهَ وَيْلَكَ آمِنْ إِنَّ وَعْدَ اللَّهِ حَقٌّ فَيَقُولُ مَا هَٰذَا إِلَّا أَسَاطِيرُ الْأَوَّلِينَ ﴿١٧﴾

18. Тоа се оние врз кои се овистини Зборот што беше кажан меѓу народите кои веќе поминаа пред нив - и џинови и луѓе - и кои, секако, беа поразени!

أُولَٰئِكَ الَّذِينَ حَقَّ عَلَيْهِمُ الْقَوْلُ فِي أُمَمٍ قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلِهِم مِّنَ الْجِنِّ وَالْإِنسِ إِنَّهُمْ كَانُوا خَاسِرِينَ ﴿١٨﴾

19. И за секого имаат степени за она што го работеа. Аллах луѓето ќе ги награди за делата нивни; неправда не ќе им се направи.

وَلِكُلٍّ دَرَجَاتٌ مِّمَّا عَمِلُوا وَلِيُوَفِّيَهُمْ أَعْمَالَهُمْ وَهُمْ لَا يُظْلَمُونَ ﴿١٩﴾

20. А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот: "Ги потрошивте вашите добра во животот ваш на овој свет и посакувате да уживате во нив. Па, денес ќе се казните со казната понижувачка затоа што се надувте на земјата бесправно и затоа што грешевте."

وَيَوْمَ يُعْرَضُ الَّذِينَ كَفَرُوا عَلَى النَّارِ أَذْهَبْتُمْ طَيِّبَاتِكُمْ فِي حَيَاتِكُمُ الدُّنْيَا وَاسْتَمْتَعْتُم بِهَا فَالْيَوْمَ تُجْزَوْنَ عَذَابَ الْهُونِ بِمَا كُنتُمْ تَسْتَكْبِرُونَ فِي الْأَرْضِ بِغَيْرِ الْحَقِّ وَبِمَا كُنتُمْ تَفْسُقُونَ ﴿٢٠﴾

21. И спомни го братот на Ад, кога го опомена народот свој во Ахкаф. Опоменувачи имаше и пред него и по него: "Обожавајте го само Аллаха. Јас, на-

۞ وَاذْكُرْ أَخَا عَادٍ إِذْ أَنذَرَ قَوْمَهُ بِالْأَحْقَافِ وَقَدْ خَلَتِ النُّذُرُ مِن بَيْنِ يَدَيْهِ وَمِنْ خَلْفِهِ أَلَّا تَعْبُدُوا إِلَّا اللَّهَ إِنِّي أَخَافُ عَلَيْكُمْ

вистина, се плашам од казната на Денот голем!”

عَذَابَ يَوۡمٍ عَظِيمٖ ﴿٢١﴾

22. Зборуваа: “Дојде ли да нѐ одвратиш од божествата наши... па, донеси ни нешто од она што ни го вети ако си меѓу искрените! “

قَالُوٓاْ أَجِئۡتَنَا لِتَأۡفِكَنَا عَنۡ ءَالِهَتِنَا فَأۡتِنَا بِمَا تَعِدُنَآ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ﴿٢٢﴾

23. Рече: “Знаењето за тоа, навистина, е кај Аллах, и ќе ве известам за она со што сум испратен, но ве гледам дека сте луѓе што не знаете.”

قَالَ إِنَّمَا ٱلۡعِلۡمُ عِندَ ٱللَّهِ وَأُبَلِّغُكُم مَّآ أُرۡسِلۡتُ بِهِۦ وَلَٰكِنِّيٓ أَرَىٰكُمۡ قَوۡمٗا تَجۡهَلُونَ ﴿٢٣﴾

24. И бидејќи видоа како се појави еден облак, кој одеше кон нивните долини, рекоа: “Овој облак ќе ни донесе дожд.” Не, тоа е она што вие брзате да дојде: ветар кој носи казна болна,

فَلَمَّا رَأَوۡهُ عَارِضٗا مُّسۡتَقۡبِلَ أَوۡدِيَتِهِمۡ قَالُواْ هَٰذَا عَارِضٞ مُّمۡطِرُنَاۚ بَلۡ هُوَ مَا ٱسۡتَعۡجَلۡتُم بِهِۦۖ رِيحٞ فِيهَا عَذَابٌ أَلِيمٞ ﴿٢٤﴾

25. кој ќе потресе сѐ, со наредбата на Господарот негов, па ќе останат само живеалиштата нивни. Ете, така Ние го казнивме народот насилнички.

تُدَمِّرُ كُلَّ شَيۡءِۭ بِأَمۡرِ رَبِّهَا فَأَصۡبَحُواْ لَا يُرَىٰٓ إِلَّا مَسَٰكِنُهُمۡۚ كَذَٰلِكَ نَجۡزِي ٱلۡقَوۡمَ ٱلۡمُجۡرِمِينَ ﴿٢٥﴾

26. Да, Ние ги населивме во тие места во кои вас не ве населивме, и им дадовме и уши, и очи и срца... А нема да им користат ни ушите нивни, ни очите нивни, ни срцата нивни во ништо! Зашто не ги признаваа знаменијата Аллахови и им се овистини она за што се исмеваа.

وَلَقَدۡ مَكَّنَّٰهُمۡ فِيمَآ إِن مَّكَّنَّٰكُمۡ فِيهِ وَجَعَلۡنَا لَهُمۡ سَمۡعٗا وَأَبۡصَٰرٗا وَأَفۡـِٔدَةٗ فَمَآ أَغۡنَىٰ عَنۡهُمۡ سَمۡعُهُمۡ وَلَآ أَبۡصَٰرُهُمۡ وَلَآ أَفۡـِٔدَتُهُم مِّن شَيۡءٍ إِذۡ كَانُواْ يَجۡحَدُونَ بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ وَحَاقَ بِهِم مَّا كَانُواْ بِهِۦ يَسۡتَهۡزِءُونَ ﴿٢٦﴾

27. И Ние веќе го уништивме, секако, она што беше околу вас - градовите - и ги распоредивме ајетите за да се вратат по Патот.

وَلَقَدْ أَهْلَكْنَا مَا حَوْلَكُم مِّنَ الْقُرَىٰ وَصَرَّفْنَا الْآيَاتِ لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿٢٧﴾

28. Па, зошто не им помогнаа оние кои ги прифатија, освен Аллах, за блиски и богови? Но, скршнаа далеку од нив. Ете, тоа беа лагите нивни и измислиците што ги коваа.

فَلَوْلَا نَصَرَهُمُ الَّذِينَ اتَّخَذُوا مِن دُونِ اللَّهِ قُرْبَانًا آلِهَةً ۖ بَلْ ضَلُّوا عَنْهُمْ ۚ وَذَٰلِكَ إِفْكُهُمْ وَمَا كَانُوا يَفْتَرُونَ ﴿٢٨﴾

29. И кога Ние ти испративме неколку џинови кои го прислушкуваа Кур'анот - а бидејќи беа присутни - рекоа: "Молчете!" И бидејќи заврши кажувањето негово се вратија кај народот свој како опоменувачи!

وَإِذْ صَرَفْنَا إِلَيْكَ نَفَرًا مِّنَ الْجِنِّ يَسْتَمِعُونَ الْقُرْآنَ فَلَمَّا حَضَرُوهُ قَالُوا أَنصِتُوا ۖ فَلَمَّا قُضِيَ وَلَّوْا إِلَىٰ قَوْمِهِم مُّنذِرِينَ ﴿٢٩﴾

30. Рекоа: "О народе наш, ние навистина слушнавме Книга која е објавена по Муса како Потврда за она што е веќе меѓу нив, што упатува кон вистината и кон патот вистински."

قَالُوا يَا قَوْمَنَا إِنَّا سَمِعْنَا كِتَابًا أُنزِلَ مِن بَعْدِ مُوسَىٰ مُصَدِّقًا لِّمَا بَيْنَ يَدَيْهِ يَهْدِي إِلَى الْحَقِّ وَإِلَىٰ طَرِيقٍ مُّسْتَقِيمٍ ﴿٣٠﴾

31. О народе наш, оѕвете му се на повикувачот Аллахов и верувајте му, зашто Он ќе ви прости од гревовите ваши и ќе ве извлече од казната болна.

يَا قَوْمَنَا أَجِيبُوا دَاعِيَ اللَّهِ وَآمِنُوا بِهِ يَغْفِرْ لَكُم مِّن ذُنُوبِكُمْ وَيُجِرْكُم مِّنْ عَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٣١﴾

32. А оној кој не ќе се оѕвие на повикувачот Аллахов не ќе може да се скрие на земјата и ќе нема, освен Него, пријатели. Онаквите се во заблуда очигледна!

وَمَن لَّا يُجِبْ دَاعِيَ اللَّهِ فَلَيْسَ بِمُعْجِزٍ فِي الْأَرْضِ وَلَيْسَ لَهُ مِن دُونِهِ أَوْلِيَاءُ ۚ أُولَٰئِكَ فِي ضَلَالٍ مُّبِينٍ ﴿٣٢﴾

33. Не гледаат ли дека Аллах, навистина, ги создаде небесата и Земјата, кој не се замори со создавањето нивно, дека е Кадар да ги оживи мртвите. Секако! Он,навистина, е Кадар за сè!

أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّ اللَّهَ الَّذِي خَلَقَ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضَ وَلَمْ يَعْيَ بِخَلْقِهِنَّ بِقَادِرٍ عَلَىٰ أَن يُحْيِيَ الْمَوْتَىٰ ۚ بَلَىٰ إِنَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ﴿٣٣﴾


34. А Денот во кој неверниците ќе бидат изложени на огнот - “ Нели е ова вистина?” Ќе речат: “Па, вкусете ја казната затоа што не верувавте.”

وَيَوْمَ يُعْرَضُ الَّذِينَ كَفَرُوا عَلَى النَّارِ أَلَيْسَ هَٰذَا بِالْحَقِّ ۖ قَالُوا بَلَىٰ وَرَبِّنَا ۚ قَالَ فَذُوقُوا الْعَذَابَ بِمَا كُنتُمْ تَكْفُرُونَ ﴿٣٤﴾

35. Па, стрпи се онака како што се стрпија оние меѓу пејгамберите, со дадената им одлучност. И не барај побрзо да им дојде казната! Ним ќе им се причини, на Денот кога ќе го видат ветеното им, дека останаа само еден час од денот - ова е само известување - па, ќе биде уништен само народот расипнички!

فَاصْبِرْ كَمَا صَبَرَ أُولُو الْعَزْمِ مِنَ الرُّسُلِ وَلَا تَسْتَعْجِل لَّهُمْ ۚ كَأَنَّهُمْ يَوْمَ يَرَوْنَ مَا يُوعَدُونَ لَمْ يَلْبَثُوا إِلَّا سَاعَةً مِّن نَّهَارٍ ۚ بَلَاغٌ ۚ فَهَلْ يُهْلَكُ إِلَّا الْقَوْمُ الْفَاسِقُونَ ﴿٣٥﴾

МУХАММЕД (Мухаммед) XLVII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Залудни се делата на оние кои не веруваат и кои оддалечуваат од Аллаховиот пат.

الَّذِينَ كَفَرُوا وَصَدُّوا عَن سَبِيلِ اللَّهِ أَضَلَّ أَعْمَالَهُمْ ﴿١﴾

2. А на оние кои веруваат и кои добри дела работат и кои веруваат во она што му е

وَالَّذِينَ آمَنُوا وَعَمِلُوا الصَّالِحَاتِ وَآمَنُوا بِمَا نُزِّلَ عَلَىٰ مُحَمَّدٍ وَهُوَ الْحَقُّ مِن رَّبِّهِمْ ۙ كَفَّرَ عَنْهُمْ سَيِّئَاتِهِمْ

објавено на Мухаммед - а тоа е вистината од Господарот нивни - ќе им бидат отстранети злоделата нивни, и Он ќе ја подобри состојбата нивна.

وَأَصْلَحَ بَالَهُمْ ﴿٢﴾

3. Ете, тоа е, секако, заради тоа што неверниците ја следат невистината, а верниците, пак, вистината од Господарот свој. Ете, така Аллах им ги донесува примерите на луѓето!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ الَّذِينَ كَفَرُوا اتَّبَعُوا الْبَاطِلَ وَأَنَّ الَّذِينَ آمَنُوا اتَّبَعُوا الْحَقَّ مِن رَّبِّهِمْ ۚ كَذَٰلِكَ يَضْرِبُ اللَّهُ لِلنَّاسِ أَمْثَالَهُمْ ﴿٣﴾

4. Па, кога ќе се сретнете со оние кои не веруваат ... та, удрете ги по вратовите сѐ додека не ги совладате, а штом тоа ќе го направите, тогаш, врзете ги. Потоа или нека следи ослободување без надоместок или, пак, побарајте откупнина, додека војната не ги исцрпи тежините свои. Ете, тоа е! Ако Аллах посака, меѓутоа, Он ќе им се одмазди, но Он посакува само да ги испроба еднисодруги. А оние кои погинаа на Аллаховиот пат... та, никојпат нема да бидат залудни делата нивни!

فَإِذَا لَقِيتُمُ الَّذِينَ كَفَرُوا فَضَرْبَ الرِّقَابِ حَتَّىٰ إِذَا أَثْخَنتُمُوهُمْ فَشُدُّوا الْوَثَاقَ فَإِمَّا مَنًّا بَعْدُ وَإِمَّا فِدَاءً حَتَّىٰ تَضَعَ الْحَرْبُ أَوْزَارَهَا ۚ ذَٰلِكَ وَلَوْ يَشَاءُ اللَّهُ لَانتَصَرَ مِنْهُمْ وَلَٰكِن لِّيَبْلُوَ بَعْضَكُم بِبَعْضٍ ۗ وَالَّذِينَ قُتِلُوا فِي سَبِيلِ اللَّهِ فَلَن يُضِلَّ أَعْمَالَهُمْ ﴿٤﴾

5. Он ќе ги упати и не ќе им ја подобри состојбата нивна;

سَيَهْدِيهِمْ وَيُصْلِحُ بَالَهُمْ ﴿٥﴾

6. ќе ги воведе во Џеннетот со што, токму, Он ги запозна!

وَيُدْخِلُهُمُ الْجَنَّةَ عَرَّفَهَا لَهُمْ ﴿٦﴾

7. О верници, ако Аллаха го поддржувате и Он вас ќе ве поддржува и ќе ги зацврсти стапалките ваши.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِن تَنصُرُوا۟ ٱللَّهَ يَنصُرْكُمْ وَيُثَبِّتْ أَقْدَامَكُمْ ﴿٧﴾

8. А оние кои не веруваат... та, тоа е пропаст за нив. И залудни се делата нивни!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فَتَعْسًا لَّهُمْ وَأَضَلَّ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٨﴾

9. Ете, тоа е поради тоа што го презираат она што го објави Аллах... та, ќе пропаднат делата нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمْ كَرِهُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ فَأَحْبَطَ أَعْمَٰلَهُمْ ﴿٩﴾

10. Не патуваат ли по земјата па да видат каква беше казната на оние пред нив. Аллах ги поништи! И за неверниците има таков пример.

۞ أَفَلَمْ يَسِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَيَنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ ٱلَّذِينَ مِن قَبْلِهِمْ ۖ دَمَّرَ ٱللَّهُ عَلَيْهِمْ ۖ وَلِلْكَٰفِرِينَ أَمْثَٰلُهَا ﴿١٠﴾

11. Ете, тоа е поради тоа што Аллах, навистина, е пријател на оние кои веруваат и поради што неверниците, навистина, немаат заштитници!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ مَوْلَى ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَأَنَّ ٱلْكَٰفِرِينَ لَا مَوْلَىٰ لَهُمْ ﴿١١﴾

12. А оние кои, секако, веруваат и кои добри дела работат... Аллах ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат. А оние кои не веруваат и кои уживаат и кои јадат како што јаде добитокот... па, огнот е престојувалиштето нивно!

إِنَّ ٱللَّهَ يُدْخِلُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۖ وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يَتَمَتَّعُونَ وَيَأْكُلُونَ كَمَا تَأْكُلُ ٱلْأَنْعَٰمُ وَٱلنَّارُ مَثْوًى لَّهُمْ ﴿١٢﴾

13. И колку градови - посилни и помоќни од градот твој од кој си прогонет - Ние уништивме; па, немаше никаков поддржник за нив.

وَكَأَيِّن مِّن قَرْيَةٍ هِىَ أَشَدُّ قُوَّةً مِّن قَرْيَتِكَ ٱلَّتِىٓ أَخْرَجَتْكَ أَهْلَكْنَٰهُمْ فَلَا نَاصِرَ لَهُمْ ﴿١٣﴾

14. Еднаков ли е оној кој има јасна претстава за Господарот свој со оној кому му се разубавува пакоста на делата негови... и кои ги следат страстите свои?

أَفَمَن كَانَ عَلَىٰ بَيِّنَةٍ مِّن رَّبِّهِۦ كَمَن زُيِّنَ لَهُۥ سُوٓءُ عَمَلِهِۦ وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُم ١٤

15. Сличен ли е оној во Џеннетот - кој е ветен за богобојазливите - во кој реки течат непрестано, во кој има и реки со млеко, со вкус непроменет, и реки со вино вкусно за оние што го пијат, и реки со мед исцеден... за нив во Џеннетот има секакви видови овошје и прошка од Господарот нивни... со оној кој е за навек во огнот, и кој пие вода што врие, која цревата ќе им ги попари?

مَّثَلُ ٱلْجَنَّةِ ٱلَّتِى وُعِدَ ٱلْمُتَّقُونَ ۖ فِيهَآ أَنْهَٰرٌ مِّن مَّآءٍ غَيْرِ ءَاسِنٍ وَأَنْهَٰرٌ مِّن لَّبَنٍ لَّمْ يَتَغَيَّرْ طَعْمُهُۥ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ خَمْرٍ لَّذَّةٍ لِّلشَّٰرِبِينَ وَأَنْهَٰرٌ مِّنْ عَسَلٍ مُّصَفًّى ۖ وَلَهُمْ فِيهَا مِن كُلِّ ٱلثَّمَرَٰتِ وَمَغْفِرَةٌ مِّن رَّبِّهِمْ ۖ كَمَنْ هُوَ خَٰلِدٌ فِى ٱلنَّارِ وَسُقُوا۟ مَآءً حَمِيمًا فَقَطَّعَ أَمْعَآءَهُمْ ١٥

16. Од нив доаѓаат кои те слушаат, и штом ќе излезат од тебе, им зборуваат на оние со даденото им знаење: "Што ли рече оној пред малку?" Тоа се оние чии срца Аллах ги запечати и кои ги следат страстите свои.

وَمِنْهُم مَّن يَسْتَمِعُ إِلَيْكَ حَتَّىٰٓ إِذَا خَرَجُوا۟ مِنْ عِندِكَ قَالُوا۟ لِلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْعِلْمَ مَاذَا قَالَ ءَانِفًا ۚ أُو۟لَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ طَبَعَ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِهِمْ وَٱتَّبَعُوٓا۟ أَهْوَآءَهُمْ ١٦

17. А оние кои се упатуваат... Он им го зголемува Патоказот и им ја сјакнува нивната богобојазливост.

وَٱلَّذِينَ ٱهْتَدَوْا۟ زَادَهُمْ هُدًى وَءَاتَىٰهُمْ تَقْوَىٰهُمْ ١٧

18. Очекуваат ли, тогаш, да им дојде Часот одненадеж? Им дојдоа, секако, предзнаците не-

فَهَلْ يَنظُرُونَ إِلَّا ٱلسَّاعَةَ أَن تَأْتِيَهُم بَغْتَةً ۖ فَقَدْ جَآءَ أَشْرَاطُهَا ۚ فَأَنَّىٰ لَهُمْ إِذَا جَآءَتْهُمْ ذِكْرَىٰهُمْ ١٨

гови. Па, зошто за нив опомена кога веќе тие им дојдоа?

19. Тогаш знај дека, навистина, нема друг бог освен Него, и барај прошка за гревовите твои: за верниците и за верничките. Аллах ги знае каде се прибежиштата ваши и престојувалиштата ваши.

فَٱعۡلَمۡ أَنَّهُۥ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا ٱللَّهُ وَٱسۡتَغۡفِرۡ لِذَنۢبِكَ وَلِلۡمُؤۡمِنِينَ وَٱلۡمُؤۡمِنَٰتِۗ وَٱللَّهُ يَعۡلَمُ مُتَقَلَّبَكُمۡ وَمَثۡوَىٰكُمۡ ١٩

20. Верниците зборуваат: “Зошто не е објавена сура?” Па, кога ќе им се објави една сура потсилена и кога во неа ќе се спомене борба ќе ги здогледаш оние во чии срца има болештина како во тебе гледаат со опул, како пред смрт соборен. А за нив е подобра

وَيَقُولُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ لَوۡلَا نُزِّلَتۡ سُورَةٞۖ فَإِذَآ أُنزِلَتۡ سُورَةٞ مُّحۡكَمَةٞ وَذُكِرَ فِيهَا ٱلۡقِتَالُ رَأَيۡتَ ٱلَّذِينَ فِي قُلُوبِهِم مَّرَضٞ يَنظُرُونَ إِلَيۡكَ نَظَرَ ٱلۡمَغۡشِيِّ عَلَيۡهِ مِنَ ٱلۡمَوۡتِۖ فَأَوۡلَىٰ لَهُمۡ ٢٠

21. послушноста и говорот познат. Па, кога веќе наредбата е донесена за нив ќе биде подобро, навистина, да се искрени кон Аллах.

طَاعَةٞ وَقَوۡلٞ مَّعۡرُوفٞۚ فَإِذَا عَزَمَ ٱلۡأَمۡرُ فَلَوۡ صَدَقُواْ ٱللَّهَ لَكَانَ خَيۡرٗا لَّهُمۡ ٢١

22. Ако вие, според тоа, ја дофатите моќта, нема ли да сеете безредие по земјата и нема ли да ги прекинете роднинските врски ваши?

فَهَلۡ عَسَيۡتُمۡ إِن تَوَلَّيۡتُمۡ أَن تُفۡسِدُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ وَتُقَطِّعُوٓاْ أَرۡحَامَكُمۡ ٢٢

23. Тоа се оние кои Аллах ги проколна, и ги оглувна, и ги онеми и ги ослепи.

أُوْلَٰٓئِكَ ٱلَّذِينَ لَعَنَهُمُ ٱللَّهُ فَأَصَمَّهُمۡ وَأَعۡمَىٰٓ أَبۡصَٰرَهُمۡ ٢٣

24. Не размислуваат ли за Кур’анот или, пак, има катанци врз срцата?

أَفَلَا يَتَدَبَّرُونَ ٱلۡقُرۡءَانَ أَمۡ عَلَىٰ قُلُوبٍ أَقۡفَالُهَآ ٢٤

25. Оние кои, навистина, ги свртија плеќите свои од Патоказот, што им беше објаснет, Шејтанот ги обезличуваше и ги обезнадуваше.

إِنَّ ٱلَّذِينَ ٱرۡتَدُّواْ عَلَىٰٓ أَدۡبَٰرِهِم
مِّنۢ بَعۡدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلۡهُدَى
ٱلشَّيۡطَٰنُ سَوَّلَ لَهُمۡ وَأَمۡلَىٰ لَهُمۡ ٢٥

26. Ете, тоа, секако, е заради она што им го зборуваа на оние кои го презираа она што Аллах го објави: “Ќе бидеме послушни кон некои наредби ваши!” Аллах ги знае тајните нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمۡ قَالُواْ لِلَّذِينَ كَرِهُواْ مَا نَزَّلَ
ٱللَّهُ سَنُطِيعُكُمۡ فِي بَعۡضِ ٱلۡأَمۡرِۖ وَٱللَّهُ
يَعۡلَمُ إِسۡرَارَهُمۡ ٢٦

27. Па, што ќе биде кога мелеките ќе ги усмртуваат, мавајќи ги по лицата нивни и по плеќите нивни?

فَكَيۡفَ إِذَا تَوَفَّتۡهُمُ ٱلۡمَلَٰٓئِكَةُ يَضۡرِبُونَ
وُجُوهَهُمۡ وَأَدۡبَٰرَهُمۡ ٢٧

28. Ете, тоа е поради тоа што го следеа она што ја предизвикува лутината Аллахова, и поради тоа што го презираа задоволството Негово. Па, ете пропаднаа делата нивни!

ذَٰلِكَ بِأَنَّهُمُ ٱتَّبَعُواْ مَآ أَسۡخَطَ ٱللَّهَ
وَكَرِهُواْ رِضۡوَٰنَهُۥ فَأَحۡبَطَ أَعۡمَٰلَهُمۡ ٢٨

29. Или: мислат ли оние кои имаат болештина во срцата свои дека Аллах никогаш не ќе ги изнесе одвратностите нивни?

أَمۡ حَسِبَ ٱلَّذِينَ فِي قُلُوبِهِم مَّرَضٌ
أَن لَّن يُخۡرِجَ ٱللَّهُ أَضۡغَٰنَهُمۡ ٢٩

30. А да посакавме Ние сигурно ќе ги понижевме, па ќе ги препознаевте по изгледите нивни, и ќе ги препознаевте, сигурно, по гласот на говорот. А Аллах ги знае делата ваши!

وَلَوۡ نَشَآءُ لَأَرَيۡنَٰكَهُمۡ فَلَعَرَفۡتَهُم بِسِيمَٰهُمۡۚ
وَلَتَعۡرِفَنَّهُمۡ فِي لَحۡنِ ٱلۡقَوۡلِۚ وَٱللَّهُ يَعۡلَمُ أَعۡمَٰلَكُمۡ ٣٠

31. Ќе ве испробаме, сигурно, сè додека ги препознаеме бор-

وَلَنَبۡلُوَنَّكُمۡ حَتَّىٰ نَعۡلَمَ ٱلۡمُجَٰهِدِينَ مِنكُمۡ وَٱلصَّٰبِرِينَ

ците меѓу вас, и трпеливите, и ќе ги провериме вестите за вас!

وَنَبۡلُوَاْ أَخۡبَارَكُمۡ ٣١

32. Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат, и кои се оддалечуваат од пејгамберот, за нив, по објаснетиот Патоказ... не ќе му наштетат на Аллах во ништо и Он ќе ги поништи делата нивни!

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَصَدُّواْ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ وَشَآقُّواْ ٱلرَّسُولَ مِنۢ بَعۡدِ مَا تَبَيَّنَ لَهُمُ ٱلۡهُدَىٰ لَن يَضُرُّواْ ٱللَّهَ شَيۡـٔٗا وَسَيُحۡبِطُ أَعۡمَٰلَهُمۡ ٣٢

33. О верници, бидете послушни и на Аллах и на пејгамберот Негов и не обезвреднувајте ги делата ваши!

۞ يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓاْ أَطِيعُواْ ٱللَّهَ وَأَطِيعُواْ ٱلرَّسُولَ وَلَا تُبۡطِلُوٓاْ أَعۡمَٰلَكُمۡ ٣٣

34. Да, оние кои не веруваат и кои одвраќаат од Аллаховиот пат а потоа ќе умрат, и уште се неверници... Аллах никогаш нема да им прости.

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ وَصَدُّواْ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ ثُمَّ مَاتُواْ وَهُمۡ كُفَّارٞ فَلَن يَغۡفِرَ ٱللَّهُ لَهُمۡ ٣٤

35. И не попуштајте, и кон примирје не повикувајте! Па, вие сте посилни: Аллах е со вас; Он не ќе ви наштети за делата ваши!

فَلَا تَهِنُواْ وَتَدۡعُوٓاْ إِلَى ٱلسَّلۡمِ وَأَنتُمُ ٱلۡأَعۡلَوۡنَ وَٱللَّهُ مَعَكُمۡ وَلَن يَتِرَكُمۡ أَعۡمَٰلَكُمۡ ٣٥

36. Животот на овој свет, навистина, е само игра и забава. Ако верувате и ако сте богобојазливи ќе ви дојде наградата ваша и не ќе бидете прашани за имотот ваш.

إِنَّمَا ٱلۡحَيَوٰةُ ٱلدُّنۡيَا لَعِبٞ وَلَهۡوٞۚ وَإِن تُؤۡمِنُواْ وَتَتَّقُواْ يُؤۡتِكُمۡ أُجُورَكُمۡ وَلَا يَسۡـَٔلۡكُمۡ أَمۡوَٰلَكُمۡ ٣٦

37. А ако, пак, Он од вас ги бара и ако е кон вас настојчив,

إِن يَسۡـَٔلۡكُمُوهَا فَيُحۡفِكُمۡ

ќе станете шкржави и Он ќе ги изнесе омразите ваши.

تَبْخَلُوا وَيُخْرِجْ أَضْغَانَكُمْ ﴿٣٧﴾

38. Ете, вие сте тие кои се повикувате да трошите на Аллаховиот пат. А меѓу вас има и кои скржават. А оној кој скржави... та, против себеси скржави. Аллах е Богат а вие сте сиромашни. А ако ги свртите плеќите Он ќе ве замени со друг народ кој не ќе биде вам сличен!

هَا أَنتُمْ هَٰؤُلَاءِ تُدْعَوْنَ لِتُنفِقُوا فِي سَبِيلِ اللَّهِ فَمِنكُم مَّن يَبْخَلُ ۖ وَمَن يَبْخَلْ فَإِنَّمَا يَبْخَلُ عَن نَّفْسِهِ ۚ وَاللَّهُ الْغَنِيُّ وَأَنتُمُ الْفُقَرَاءُ ۚ وَإِن تَتَوَلَّوْا يَسْتَبْدِلْ قَوْمًا غَيْرَكُمْ ثُمَّ لَا يَكُونُوا أَمْثَالَكُم ﴿٣٨﴾

ЕЛ-ФЕТХ (Победа) XLVIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Ние, навистина, ќе ти дадеме за да извојуваш победа јасна,

إِنَّا فَتَحْنَا لَكَ فَتْحًا مُّبِينًا ﴿١﴾

2. за Аллах да ти ги прости оние гревови што ги направи и оние што ќе ги направиш, и за да го надополни благодатот негов кон тебе, и за да те упати по патот вистински.

لِّيَغْفِرَ لَكَ اللَّهُ مَا تَقَدَّمَ مِن ذَنبِكَ وَمَا تَأَخَّرَ وَيُتِمَّ نِعْمَتَهُ عَلَيْكَ وَيَهْدِيَكَ صِرَاطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿٢﴾

3. И Аллах ќе те потпомогне со помошта силна.

وَيَنصُرَكَ اللَّهُ نَصْرًا عَزِيزًا ﴿٣﴾

4. Он е Оној кој спушта смирна во срцата на верниците за да го зголемат верувањето со верувањето свое. Војските на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, секако, е Зналец и Мудар!

هُوَ الَّذِي أَنزَلَ السَّكِينَةَ فِي قُلُوبِ الْمُؤْمِنِينَ لِيَزْدَادُوا إِيمَانًا مَّعَ إِيمَانِهِمْ ۗ وَلِلَّهِ جُنُودُ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضِ ۚ وَكَانَ اللَّهُ عَلِيمًا حَكِيمًا ﴿٤﴾

5. И за Он да ги воведе верниците и верничките во бавчите џеннетски низ кои реки течат, и во нив за навек да останат, и за да ги отстрани од нив грешките нивни. Тоа кај Аллах, секако, е победа голема!

لِّيُدۡخِلَ ٱلۡمُؤۡمِنِينَ وَٱلۡمُؤۡمِنَٰتِ جَنَّٰتٖ تَجۡرِي مِن تَحۡتِهَا ٱلۡأَنۡهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَا وَيُكَفِّرَ عَنۡهُمۡ سَيِّـَٔاتِهِمۡۚ وَكَانَ ذَٰلِكَ عِندَ ٱللَّهِ فَوۡزًا عَظِيمٗا ﴿٥﴾

6. И за Он да ги казни дволичните, било мажи било жени, многубошците и многубошките, кои за Аллах лошо мислат... Нека им се врати злото! Аллах се налути на нив, ги проколна и им го подготви Џехеннемот. Е, само колку лошо свратилиште е тоа!

وَيُعَذِّبَ ٱلۡمُنَٰفِقِينَ وَٱلۡمُنَٰفِقَٰتِ وَٱلۡمُشۡرِكِينَ وَٱلۡمُشۡرِكَٰتِ ٱلظَّآنِّينَ بِٱللَّهِ ظَنَّ ٱلسَّوۡءِۚ عَلَيۡهِمۡ دَآئِرَةُ ٱلسَّوۡءِۖ وَغَضِبَ ٱللَّهُ عَلَيۡهِمۡ وَلَعَنَهُمۡ وَأَعَدَّ لَهُمۡ جَهَنَّمَۖ وَسَآءَتۡ مَصِيرٗا ﴿٦﴾

7. Војските и на небесата и на Земјата се - Аллахови! Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَلِلَّهِ جُنُودُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿٧﴾

8. Ние те испративме, навистина, да бидеш и сведок, и радосник и опоменувач,

إِنَّآ أَرۡسَلۡنَٰكَ شَٰهِدٗا وَمُبَشِّرٗا وَنَذِيرٗا ﴿٨﴾

9. за да веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов, за да го помогнете, за да Го осознаете достоинството Негово, и за да Го величате и наутро и навечер!

لِّتُؤۡمِنُواْ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ وَتُعَزِّرُوهُ وَتُوَقِّرُوهُ وَتُسَبِّحُوهُ بُكۡرَةٗ وَأَصِيلًا ﴿٩﴾

10. Оние кои, секако, ти полагаат заклетва, полагаат заклетва и на Аллах: Раката Аллахова е над рацете нивни. Па, оној кој ќе ја прекрши заклетвата, за себеси ја прекршува. А оној што ќе го исполни она што Му го ветил на

إِنَّ ٱلَّذِينَ يُبَايِعُونَكَ إِنَّمَا يُبَايِعُونَ ٱللَّهَ يَدُ ٱللَّهِ فَوۡقَ أَيۡدِيهِمۡۚ فَمَن نَّكَثَ فَإِنَّمَا يَنكُثُ عَلَىٰ نَفۡسِهِۦۖ وَمَنۡ أَوۡفَىٰ بِمَا عَٰهَدَ عَلَيۡهُ ٱللَّهَ فَسَيُؤۡتِيهِ أَجۡرًا عَظِيمٗا ﴿١٠﴾

Аллах... па, ќе му се даде награда голема!

سَيَقُولُ لَكَ ٱلْمُخَلَّفُونَ مِنَ ٱلْأَعْرَابِ شَغَلَتْنَآ أَمْوَٰلُنَا وَأَهْلُونَا فَٱسْتَغْفِرْ لَنَا ۚ يَقُولُونَ بِأَلْسِنَتِهِم مَّا لَيْسَ فِى قُلُوبِهِمْ ۚ قُلْ فَمَن يَمْلِكُ لَكُم مِّنَ ٱللَّهِ شَيْـًٔا إِنْ أَرَادَ بِكُمْ ضَرًّا أَوْ أَرَادَ بِكُمْ نَفْعًۢا ۚ بَلْ كَانَ ٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ خَبِيرًا ﴿١١﴾

11. Бедуините кои изостанаа ќе ти зборуваат: “И имотот наш, и семејствата наши, не обзедоа... па, затоа побарај прошка за нас!” Со јазиците свои го зборуваат она што не е во срцата нивни. Кажи: “Па, кој во нешто ќе ве заштити од Аллах ако Он ви посака штета или ако ви посака корист? Но, Аллах е Известен за она што го работите!

بَلْ ظَنَنتُمْ أَن لَّن يَنقَلِبَ ٱلرَّسُولُ وَٱلْمُؤْمِنُونَ إِلَىٰٓ أَهْلِيهِمْ أَبَدًا وَزُيِّنَ ذَٰلِكَ فِى قُلُوبِكُمْ وَظَنَنتُمْ ظَنَّ ٱلسَّوْءِ وَكُنتُمْ قَوْمًۢا بُورًا ﴿١٢﴾

12. Но, не! Вие помислувате дека пејгамберот и верниците никогаш не ќе им се вратат на семејствата свои и ете, тоа, ви се разубавуваше во срцата ваши. И замислувавте зли мисли и бевте народ расипнички!

وَمَن لَّمْ يُؤْمِنۢ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ فَإِنَّآ أَعْتَدْنَا لِلْكَٰفِرِينَ سَعِيرًا ﴿١٣﴾

13. Оној кој не верува во Аллах и во пејгамберот Негов... па, Ние, навистина, за неверниците оган подготвивме!

وَلِلَّهِ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ يَغْفِرُ لِمَن يَشَآءُ وَيُعَذِّبُ مَن يَشَآءُ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ غَفُورًا رَّحِيمًا ﴿١٤﴾

14. Власта и на небсата и на Земјата е - Аллахова! Он проштува кому сака и Он казнува кого сака. Аллах, секако, е Простувач и Сомилосен!

سَيَقُولُ ٱلْمُخَلَّفُونَ إِذَا ٱنطَلَقْتُمْ إِلَىٰ مَغَانِمَ لِتَأْخُذُوهَا ذَرُونَا نَتَّبِعْكُمْ ۖ يُرِيدُونَ أَن يُبَدِّلُوا۟ كَلَٰمَ ٱللَّهِ ۚ قُل لَّن تَتَّبِعُونَا كَذَٰلِكُمْ

15. Оние што заостанаа, кога ќе тргнете по пленот за да го грабнете, ќе речат: “Оставете нè да ве следиме.” Сакаат да го изменат Говорот Аллахов. Кажи:

“Никогаш не ќе не следите: тоа порано Аллах ви го кажуваше!” Па, тие ќе речат: “Но, вие ни завидувате.” Но, само малкумина сфаќаат!

قَالَ ٱللَّهُ مِن قَبْلُ فَسَيَقُولُونَ بَلْ تَحْسُدُونَنَا بَلْ كَانُوا۟ لَا يَفْقَهُونَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿١٥﴾

16. Кажи им на бедуините што заостанаа: “Ќе бидете повикани против народот кој поседува моќ и сила; ќе се борите ли против нив или, пак, ќе ги потчините? Па, ако бидете послушни... Аллах ќе ви даде награда убава, а ако,пак, ги вртат плеќите, како што вие ги вртевте плеќите порано, Он ќе ве казни со казна болна.

قُل لِّلْمُخَلَّفِينَ مِنَ ٱلْأَعْرَابِ سَتُدْعَوْنَ إِلَىٰ قَوْمٍ أُو۟لِى بَأْسٍ شَدِيدٍ تُقَٰتِلُونَهُمْ أَوْ يُسْلِمُونَ فَإِن تُطِيعُوا۟ يُؤْتِكُمُ ٱللَّهُ أَجْرًا حَسَنًا وَإِن تَتَوَلَّوْا۟ كَمَا تَوَلَّيْتُم مِّن قَبْلُ يُعَذِّبْكُمْ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٦﴾

17. Нема грев за слепиот, нема грев ни за бушавиот, нема грев ни за болниот... Оној кој е послушен и на Аллах и на пејгамберот Негов... Он ќе ги воведе во бавчите џеннетски низ кои реки течат... А оној кој ќе ги сврти плеќите... Он ќе го казни со казна болна.

لَّيْسَ عَلَى ٱلْأَعْمَىٰ حَرَجٌ وَلَا عَلَى ٱلْأَعْرَجِ حَرَجٌ وَلَا عَلَى ٱلْمَرِيضِ حَرَجٌ وَمَن يُطِعِ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ يُدْخِلْهُ جَنَّٰتٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ وَمَن يَتَوَلَّ يُعَذِّبْهُ عَذَابًا أَلِيمًا ﴿١٧﴾

18. Аллах, секако, беше задоволен од верниците кога ти положија заклетва под стеблото, и тогаш Он знаеше што е во срцата нивни и им спушти смирна, и Он ги награди со победа блиска,

۞ لَّقَدْ رَضِىَ ٱللَّهُ عَنِ ٱلْمُؤْمِنِينَ إِذْ يُبَايِعُونَكَ تَحْتَ ٱلشَّجَرَةِ فَعَلِمَ مَا فِى قُلُوبِهِمْ فَأَنزَلَ ٱلسَّكِينَةَ عَلَيْهِمْ وَأَثَٰبَهُمْ فَتْحًا قَرِيبًا ﴿١٨﴾

19. и со разновиден плен што го заробија. Аллах, секако, е Силен и Мудар!

وَمَغَانِمَ كَثِيرَةً يَأْخُذُونَهَا وَكَانَ ٱللَّهُ عَزِيزًا حَكِيمًا ﴿١٩﴾

20. Аллах ви вети разновиден плен што го заробивте. Но, Он побрза со тоа за вас, а рацете на луѓето ги допре во врска со вас, за тоа да биде знамение за верниците и за да ве упати по патот вистински,

وَعَدَكُمُ ٱللَّهُ مَغَانِمَ كَثِيرَةً تَأْخُذُونَهَا فَعَجَّلَ لَكُمْ هَٰذِهِۦ وَكَفَّ أَيْدِيَ ٱلنَّاسِ عَنكُمْ وَلِتَكُونَ ءَايَةً لِّلْمُؤْمِنِينَ وَيَهْدِيَكُمْ صِرَٰطًا مُّسْتَقِيمًا ﴿٢٠﴾

21. и други, кои не бевте кадри да го заробете, но, Аллах, секако, го опфати. Аллах, навистина, е Кадар за сѐ!

وَأُخْرَىٰ لَمْ تَقْدِرُوا۟ عَلَيْهَا قَدْ أَحَاطَ ٱللَّهُ بِهَا ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرًا ﴿٢١﴾

22. А да се бореа против вас неверниците ќе ги свртеа плеќите, сигурно! Потоа не ќе најдеа ни пријател ни поддржник![1]

وَلَوْ قَٰتَلَكُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لَوَلَّوُا۟ ٱلْأَدْبَٰرَ ثُمَّ لَا يَجِدُونَ وَلِيًّا وَلَا نَصِيرًا ﴿٢٢﴾

23. Праксата Аллахова беше и порано... И ти никогаш не ќе најдеш во праксата Аллахова измена.

سُنَّةَ ٱللَّهِ ٱلَّتِى قَدْ خَلَتْ مِن قَبْلُ ۖ وَلَن تَجِدَ لِسُنَّةِ ٱللَّهِ تَبْدِيلًا ﴿٢٣﴾

24. Он е Оној кој ги задржа рацете нивни во врска со вас, и рацете ваши во врска со нив, во срцето на Мекка, по победата ваша врз нив која Он ви ја даде. Аллах, навистина, го гледа она што го работите!

وَهُوَ ٱلَّذِى كَفَّ أَيْدِيَهُمْ عَنكُمْ وَأَيْدِيَكُمْ عَنْهُم بِبَطْنِ مَكَّةَ مِنۢ بَعْدِ أَنْ أَظْفَرَكُمْ عَلَيْهِمْ ۚ وَكَانَ ٱللَّهُ بِمَا تَعْمَلُونَ بَصِيرًا ﴿٢٤﴾

25. Оние се, токму, неверниците, и оние кои ве одвраќаа од Месџидул Харам, и ги одвраќаат курбаните жртвувани да стигнат до местата нивни. А да не беа мажи верници и жени вернички,

هُمُ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ وَصَدُّوكُمْ عَنِ ٱلْمَسْجِدِ ٱلْحَرَامِ وَٱلْهَدْىَ مَعْكُوفًا أَن يَبْلُغَ مَحِلَّهُۥ ۚ وَلَوْلَا رِجَالٌ مُّؤْمِنُونَ وَنِسَآءٌ مُّؤْمِنَٰتٌ لَّمْ تَعْلَمُوهُمْ أَن تَطَـُٔوهُمْ فَتُصِيبَكُم مِّنْهُم مَّعَرَّةٌۢ بِغَيْرِ عِلْمٍ ۖ لِّيُدْخِلَ ٱللَّهُ

кои вие не ги познававте... ќе ги потисневте и ќе ви се случеше од нив, без да знаете, злосторство - ете, за Аллах да воведе во милоста Своја кого сака. А тие луѓе да се одделеа Ние сигурно ќе ги казневне со казна болна... оние кои не веруваа.

فِي رَحۡمَتِهِۦ مَن يَشَآءُۚ لَوۡ تَزَيَّلُواْ لَعَذَّبۡنَا ٱلَّذِينَ
كَفَرُواْ مِنۡهُمۡ عَذَابًا أَلِيمًا ٢٥

26. Кога неверниците ги исполнија срцата свои со ревност, ревност џахилиетска, Аллах, тогаш, ја спушти смирната Своја врз пејгамберот Свој и врз верниците. И го обврза зборот на богобојазливоста, и беа подостојни и поблиски до Зборот Негов. Аллах, секако, знае сѐ!

إِذۡ جَعَلَ ٱلَّذِينَ كَفَرُواْ فِي قُلُوبِهِمُ ٱلۡحَمِيَّةَ حَمِيَّةَ
ٱلۡجَٰهِلِيَّةِ فَأَنزَلَ ٱللَّهُ سَكِينَتَهُۥ عَلَىٰ رَسُولِهِۦ
وَعَلَى ٱلۡمُؤۡمِنِينَ وَأَلۡزَمَهُمۡ كَلِمَةَ ٱلتَّقۡوَىٰ
وَكَانُوٓاْ أَحَقَّ بِهَا وَأَهۡلَهَاۚ وَكَانَ ٱللَّهُ
بِكُلِّ شَيۡءٍ عَلِيمٗا ٢٦

27. Аллах, навистина, ќе го оствари вистински сонот на пејгамберот Свој, за да влезете во Месџидул Харам, ако Аллах посака, безбедни, со потстрижени коси и избричани, не плашејќи се . Па, Он го знаеше она што не го знаевте и, освен тоа, одреди победа блиска.

لَّقَدۡ صَدَقَ ٱللَّهُ رَسُولَهُ ٱلرُّءۡيَا بِٱلۡحَقِّۖ لَتَدۡخُلُنَّ
ٱلۡمَسۡجِدَ ٱلۡحَرَامَ إِن شَآءَ ٱللَّهُ ءَامِنِينَ مُحَلِّقِينَ
رُءُوسَكُمۡ وَمُقَصِّرِينَ لَا تَخَافُونَۖ فَعَلِمَ مَا لَمۡ
تَعۡلَمُواْ فَجَعَلَ مِن دُونِ ذَٰلِكَ
فَتۡحٗا قَرِيبًا ٢٧

28. Он е Оној кој го испрати пејгамберот Свој со Патоказ, и со вера вистинска за да ја изрази над сите вери. Аллах е Доволен за̀ Сведок!

هُوَ ٱلَّذِيٓ أَرۡسَلَ رَسُولَهُۥ بِٱلۡهُدَىٰ وَدِينِ ٱلۡحَقِّ
لِيُظۡهِرَهُۥ عَلَى ٱلدِّينِ كُلِّهِۦۚ وَكَفَىٰ بِٱللَّهِ
شَهِيدٗا ٢٨

29. Мухаммед е Аллахов пејгамбер. А оние кои се со него се строги кон неверниците, а

مُّحَمَّدٞ رَّسُولُ ٱللَّهِۚ وَٱلَّذِينَ مَعَهُۥٓ أَشِدَّآءُ عَلَى ٱلۡكُفَّارِ
رُحَمَآءُ بَيۡنَهُمۡۖ تَرَىٰهُمۡ رُكَّعٗا سُجَّدٗا يَبۡتَغُونَ فَضۡلٗا

милостиви еднисодруги. Ги гледаш и на руку' и на сеџде, како ја бараат добрината и задоволството Аллахово. Има белези на лицата нивни од трагите на сеџдето. Ете, таков беше примерот нивни во Теврат и таков беше примерот нивни во Инџил: како семе што ќе ја исфрли кората негова, ќе се зајакне, а потоа ќе се затврди врз стеблото, вчудоневидувајќи го сејачот за да се разлутат со тоа неверниците. А Аллах им вети на оние кои веруваат и кои добри дела работат прошка и награда голема!

مِّنَ ٱللَّهِ وَرِضْوَٰنًا سِيمَاهُمْ فِى وُجُوهِهِم مِّنْ أَثَرِ ٱلسُّجُودِ ذَٰلِكَ مَثَلُهُمْ فِى ٱلتَّوْرَىٰةِ وَمَثَلُهُمْ فِى ٱلْإِنجِيلِ كَزَرْعٍ أَخْرَجَ شَطْـَٔهُۥ فَـَٔازَرَهُۥ فَٱسْتَغْلَظَ فَٱسْتَوَىٰ عَلَىٰ سُوقِهِۦ يُعْجِبُ ٱلزُّرَّاعَ لِيَغِيظَ بِهِمُ ٱلْكُفَّارَ وَعَدَ ٱللَّهُ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ مِنْهُم مَّغْفِرَةً وَأَجْرًا عَظِيمًۢا ﴿٢٩﴾

ЕЛ-ХУЏУРААТ (Соби) XLIX



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. О верници, не брзајте пред Аллах и пред пејгамберот Негов. Плашете се од Аллах. Аллах, навистина, е Слушач и Залец!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تُقَدِّمُوا۟ بَيْنَ يَدَىِ ٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ ۖ وَٱتَّقُوا۟ ٱللَّهَ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ سَمِيعٌ عَلِيمٌ ﴿١﴾

2. О верници, не дигајте ги гласовите ваши пред гласот на пејгамберот и не разговарајте на висок глас пред него како што зборувате на висок глас едни - содруги - зашто ќе се поништат делата ваши а тоа да не го усетите.

يَٰٓأَيُّهَا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ لَا تَرْفَعُوٓا۟ أَصْوَٰتَكُمْ فَوْقَ صَوْتِ ٱلنَّبِىِّ وَلَا تَجْهَرُوا۟ لَهُۥ بِٱلْقَوْلِ كَجَهْرِ بَعْضِكُمْ لِبَعْضٍ أَن تَحْبَطَ أَعْمَٰلُكُمْ وَأَنتُمْ لَا تَشْعُرُونَ ﴿٢﴾

3. Оние кои, навистина, го смалуваат гласот свој кај пе-

إِنَّ ٱلَّذِينَ يَغُضُّونَ أَصْوَٰتَهُمْ عِندَ رَسُولِ ٱللَّهِ

јгамберот Аллахов... оние се чии срца Аллах ги очисти за богобојазливост: за нив има прошка и награда голема.

أُولَٰئِكَ الَّذِينَ امْتَحَنَ اللَّهُ قُلُوبَهُمْ لِلتَّقْوَىٰ ۚ لَهُم مَّغْفِرَةٌ وَأَجْرٌ عَظِيمٌ ﴿٣﴾

4. Оние кои, навистина, те повикуваат зад одаите... мнозинството од нив не сфаќаат.

إِنَّ الَّذِينَ يُنَادُونَكَ مِن وَرَاءِ الْحُجُرَاتِ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْقِلُونَ ﴿٤﴾

5. А да се стрпат, навистина, сè додека не излезеш пред нив, тоа ќе им биде подобро. Аллах е Простувач и Сомилосен!

وَلَوْ أَنَّهُمْ صَبَرُوا حَتَّىٰ تَخْرُجَ إِلَيْهِمْ لَكَانَ خَيْرًا لَّهُمْ ۚ وَاللَّهُ غَفُورٌ رَّحِيمٌ ﴿٥﴾

6. О верници, ако ви дојде несовесен со вест некаква, па разјаснете ја работата, за да не им нанесете зло на луѓето, незнаејќи, за да не се попишманите за она што го направивте.

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا إِن جَاءَكُمْ فَاسِقٌ بِنَبَإٍ فَتَبَيَّنُوا أَن تُصِيبُوا قَوْمًا بِجَهَالَةٍ فَتُصْبِحُوا عَلَىٰ مَا فَعَلْتُمْ نَادِمِينَ ﴿٦﴾

7.Знајте дека меѓу вас, навистина, е Аллаховиот пејгамбер. Кога би ве послушал во многу работи, ќе паднeвте во пропаст. Но, Аллах ја поттикна љубовта кон верувањето ваше и ви го разубави во срцата ваши, а ви го направи презирно неверувањето, расипасноста и заборавот. Ете, такви се упатените!

وَاعْلَمُوا أَنَّ فِيكُمْ رَسُولَ اللَّهِ ۚ لَوْ يُطِيعُكُمْ فِي كَثِيرٍ مِّنَ الْأَمْرِ لَعَنِتُّمْ وَلَٰكِنَّ اللَّهَ حَبَّبَ إِلَيْكُمُ الْإِيمَانَ وَزَيَّنَهُ فِي قُلُوبِكُمْ وَكَرَّهَ إِلَيْكُمُ الْكُفْرَ وَالْفُسُوقَ وَالْعِصْيَانَ ۚ أُولَٰئِكَ هُمُ الرَّاشِدُونَ ﴿٧﴾

8. Благодат и добрина Аллахова! Аллах е Зналец и Мудар!

فَضْلًا مِّنَ اللَّهِ وَنِعْمَةً ۚ وَاللَّهُ عَلِيمٌ حَكِيمٌ ﴿٨﴾

9. Ако две дружини на верници се судрат, помирете ги ед-

وَإِن طَائِفَتَانِ مِنَ الْمُؤْمِنِينَ اقْتَتَلُوا فَأَصْلِحُوا

بَيْنَهُمَا ۖ فَإِن بَغَتْ إِحْدَاهُمَا عَلَى الْأُخْرَىٰ فَقَاتِلُوا
الَّتِي تَبْغِي حَتَّىٰ تَفِيءَ إِلَىٰ أَمْرِ اللَّهِ ۚ فَإِن فَاءَتْ
فَأَصْلِحُوا بَيْنَهُمَا بِالْعَدْلِ وَأَقْسِطُوا ۖ إِنَّ اللَّهَ
يُحِبُّ الْمُقْسِطِينَ ﴿٩﴾

еднисодруги. Ако едната од нив ѝ направи насилство на другата, па борете се против онаа која направи насилство сè додека не пристигне наредбата Аллахова. Па, ако пристане, помирете ги еднисодруги, праведно, и држете ја рамнотежата! Аллах, навистина, ги љуби оние кои судат праведно!

إِنَّمَا الْمُؤْمِنُونَ إِخْوَةٌ فَأَصْلِحُوا بَيْنَ أَخَوَيْكُمْ ۚ
وَاتَّقُوا اللَّهَ لَعَلَّكُمْ تُرْحَمُونَ ﴿١٠﴾

10. Верниците, навистина, се браќа... па, тогаш, помирете ги браќата ваши. Плашете се од Аллах за да ви се смилува!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا لَا يَسْخَرْ قَوْمٌ مِّن قَوْمٍ عَسَىٰ
أَن يَكُونُوا خَيْرًا مِّنْهُمْ وَلَا نِسَاءٌ مِّن نِّسَاءٍ عَسَىٰ
أَن يَكُنَّ خَيْرًا مِّنْهُنَّ ۖ وَلَا تَلْمِزُوا أَنفُسَكُمْ وَلَا تَنَابَزُوا
بِالْأَلْقَابِ ۖ بِئْسَ الِاسْمُ الْفُسُوقُ بَعْدَ الْإِيمَانِ ۚ
وَمَن لَّمْ يَتُبْ فَأُولَٰئِكَ هُمُ الظَّالِمُونَ ﴿١١﴾

11. О верници, мажите еднисодруги нека не се потценуваат, можеби едните се подобри од другите, а и жените нека не се потценуваат еднисодруги, можеби едните се подобри од другите. Не грдете се самите себеси и не надевајте надимоци лоши еднинадруги. Е, само колку е лоша расипаноста по верувањето! А оние кои не ќе се покајат - та, зулумќари се!

يَا أَيُّهَا الَّذِينَ آمَنُوا اجْتَنِبُوا كَثِيرًا مِّنَ الظَّنِّ إِنَّ بَعْضَ
الظَّنِّ إِثْمٌ ۖ وَلَا تَجَسَّسُوا وَلَا يَغْتَب بَّعْضُكُم بَعْضًا ۚ
أَيُحِبُّ أَحَدُكُمْ أَن يَأْكُلَ لَحْمَ أَخِيهِ مَيْتًا
فَكَرِهْتُمُوهُ ۚ وَاتَّقُوا اللَّهَ ۚ إِنَّ اللَّهَ تَوَّابٌ رَّحِيمٌ ﴿١٢﴾

12. О верници, избегнувајте ги сомневањата многу; некои сомневања, навистина, се грев. Не испитувајте се и не озборувајте се еднисодруги. Посакува ли некој од вас да го јаде месото од брат му, мртов! Е, само колку е одбојно тоа! Плашете се од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

13. О луѓе, Ние ве создадовме, навистина, од еден маж и од една жена, и Ние одредивме да бидете народи и племиња за да се запознавате. Најблагородниот кај Аллах, секако, е најбогобојазливиот. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ إِنَّا خَلَقۡنَٰكُم مِّن ذَكَرٖ وَأُنثَىٰ وَجَعَلۡنَٰكُمۡ شُعُوبٗا وَقَبَآئِلَ لِتَعَارَفُوٓاْۚ إِنَّ أَكۡرَمَكُمۡ عِندَ ٱللَّهِ أَتۡقَىٰكُمۡۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ خَبِيرٞ ١٣

14. Бедуините велат: “Веруваме!” Кажи: “ Не верувате!” Но, кажете: “Ние сме послушни”, бидејќи иманот не е влезен во срцата ваши. А ако сте послушни и на Аллах и на пејгамберот, Он не ќе ви скрати ништо од делата ваши. Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

۞قَالَتِ ٱلۡأَعۡرَابُ ءَامَنَّاۖ قُل لَّمۡ تُؤۡمِنُواْ وَلَٰكِن قُولُوٓاْ أَسۡلَمۡنَا وَلَمَّا يَدۡخُلِ ٱلۡإِيمَٰنُ فِي قُلُوبِكُمۡۖ وَإِن تُطِيعُواْ ٱللَّهَ وَرَسُولَهُۥ لَا يَلِتۡكُم مِّنۡ أَعۡمَٰلِكُمۡ شَيۡـًٔاۚ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٞ رَّحِيمٌ ١٤

15. Верници се, навистина, оние кои веруваат во Аллах и во пејгамберот Негов и кои, потоа, не се сомневаат, и кои се борат на Аллаховиот пат, и со имотите свои, и со животите свои. Оние, токму, се искрените!

إِنَّمَا ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ بِٱللَّهِ وَرَسُولِهِۦ ثُمَّ لَمۡ يَرۡتَابُواْ وَجَٰهَدُواْ بِأَمۡوَٰلِهِمۡ وَأَنفُسِهِمۡ فِي سَبِيلِ ٱللَّهِۚ أُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلصَّٰدِقُونَ ١٥

16. Кажи: “Вие ли ќе го запознавате Аллаха со верата ваша, а Аллах го знае она што е на небесата и на Земјата. Аллах знае сѐ!”

قُلۡ أَتُعَلِّمُونَ ٱللَّهَ بِدِينِكُمۡ وَٱللَّهُ يَعۡلَمُ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَمَا فِي ٱلۡأَرۡضِۚ وَٱللَّهُ بِكُلِّ شَيۡءٍ عَلِيمٞ ١٦

17. Покажуваат наклоност кон тебе затоа што станаа муслимани. Кажи: “Не покажувајте наклоност кон мене заради тоа


يَمُنُّونَ عَلَيۡكَ أَنۡ أَسۡلَمُواْۖ قُل لَّا تَمُنُّواْ عَلَيَّ إِسۡلَٰمَكُمۖ بَلِ ٱللَّهُ يَمُنُّ عَلَيۡكُمۡ أَنۡ هَدَىٰكُمۡ لِلۡإِيمَٰنِ إِن كُنتُمۡ صَٰدِقِينَ ١٧

што го примивте Исламот. Аллах покажува наклоност кон вас - зашто, ако сте искрени, - ве упати кон иманот.

18. Аллах, секако, ја знае тајната на небесата и на Земјата. Аллах го гледа она што го работите!

إِنَّ ٱللَّهَ يَعۡلَمُ غَيۡبَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِۚ وَٱللَّهُ بَصِيرُۢ بِمَا تَعۡمَلُونَ ١٨

КАФ (Каф) L



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Каф! Се колнам во Кур'анот славен.

قٓۚ وَٱلۡقُرۡءَانِ ٱلۡمَجِيدِ ١

2. Но, ете се чудат затоа што им дојде еден опоменувач меѓу нив... па, неверниците велат: "Ова е чудна работа!

بَلۡ عَجِبُوٓاْ أَن جَآءَهُم مُّنذِرٞ مِّنۡهُمۡ فَقَالَ ٱلۡكَٰفِرُونَ هَٰذَا شَيۡءٌ عَجِيبٌ ٢

3. Зарем кога ќе умреме и кога ќе станеме земја? Ете, тоа враќање е невозможно."

أَءِذَا مِتۡنَا وَكُنَّا تُرَابٗاۖ ذَٰلِكَ رَجۡعُۢ بَعِيدٞ ٣

4. Ние знаеме, секако, што ќе им одземе земјата. Кај нас е Книгата што се чува!

قَدۡ عَلِمۡنَا مَا تَنقُصُ ٱلۡأَرۡضُ مِنۡهُمۡۖ وَعِندَنَا كِتَٰبٌ حَفِيظُۢ ٤

5. Но, не! Тие лажат за вистината, бидејќи таа веќе им дојде: токму, сметени се!

بَلۡ كَذَّبُواْ بِٱلۡحَقِّ لَمَّا جَآءَهُمۡ فَهُمۡ فِيٓ أَمۡرٖ مَّرِيجٍ ٥

6. Зошто не гледаат кон небото над нив? Како Ние го подигнавме и како го накитивме и како е без недостаток?

أَفَلَمۡ يَنظُرُوٓاْ إِلَى ٱلسَّمَآءِ فَوۡقَهُمۡ كَيۡفَ بَنَيۡنَٰهَا وَزَيَّنَّٰهَا وَمَا لَهَا مِن فُرُوجٖ ٦

7. И Земјата како Ние ја раширивме и како по неа брда расфрлавме, и од неа како да никнат секакви плодови убави,

وَٱلْأَرْضَ مَدَدْنَٰهَا وَأَلْقَيْنَا فِيهَا رَوَٰسِىَ وَأَنۢبَتْنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوْجٍۭ بَهِيجٍ ٧

8. како очигледност и опомена за секој роб кој се обраќа.

تَبْصِرَةً وَذِكْرَىٰ لِكُلِّ عَبْدٍ مُّنِيبٍ ٨

9. И од небото Ние спуштивме вода благородна, па со неа даваме да никнат и зеленчуци и жито што се жнее,

وَنَزَّلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً مُّبَٰرَكًا فَأَنۢبَتْنَا بِهِۦ جَنَّٰتٍ وَحَبَّ ٱلْحَصِيدِ ٩

10. и урми високи, во листовите збрани,

وَٱلنَّخْلَ بَاسِقَٰتٍ لَّهَا طَلْعٌ نَّضِيدٌ ١٠

11. како ‘рск за робовите, и со водата, исто така, Ние го оживуваме мртвиот предел. Ете, такво ќе биде проживувањето!

رِّزْقًا لِّلْعِبَادِ ۖ وَأَحْيَيْنَا بِهِۦ بَلْدَةً مَّيْتًا ۚ كَذَٰلِكَ ٱلْخُرُوجُ ١١

12. И пред нив лажеа: и народот на Нух, и жителите на Рес, и на Семуд,

كَذَّبَتْ قَبْلَهُمْ قَوْمُ نُوحٍ وَأَصْحَٰبُ ٱلرَّسِّ وَثَمُودُ ١٢

13. и на Ад, и фараонот и браќата на Лут,

وَعَادٌ وَفِرْعَوْنُ وَإِخْوَٰنُ لُوطٍ ١٣

14. и жителите на Ајка и народот на Туб. Сите тие ги сметаа за лажни пејгамберите... па се овистини ветувањето!

وَأَصْحَٰبُ ٱلْأَيْكَةِ وَقَوْمُ تُبَّعٍ ۚ كُلٌّ كَذَّبَ ٱلرُّسُلَ فَحَقَّ وَعِيدِ ١٤

15. Па, се уморивме ли со творењето прво? Но, тоа се оние кои не се начисто со новото создавање!

أَفَعَيِينَا بِٱلْخَلْقِ ٱلْأَوَّلِ ۚ بَلْ هُمْ فِى لَبْسٍ مِّنْ خَلْقٍ جَدِيدٍ ١٥

16. Ние, секако, го создадовме човекот и знаеме што му

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلْإِنسَٰنَ وَنَعْلَمُ مَا تُوَسْوِسُ بِهِۦ نَفْسُهُۥ

шепоти душата. Ние сме му, меѓутоа, поблиску од жилата во гркланот.

وَنَحْنُ أَقْرَبُ إِلَيْهِ مِنْ حَبْلِ الْوَرِيدِ ﴿١٦﴾

17. Кога ќе се сретнат двајца, еден од левата а еден од десната страна, и кога ќе седнат,

إِذْ يَتَلَقَّى الْمُتَلَقِّيَانِ عَنِ الْيَمِينِ وَعَنِ الشِّمَالِ قَعِيدٌ ﴿١٧﴾

18. не ќе прозборат ниеден збор а да при себе нема бдеец, спремен!

مَا يَلْفِظُ مِنْ قَوْلٍ إِلَّا لَدَيْهِ رَقِيبٌ عَتِيدٌ ﴿١٨﴾

19. Маките смртни ќе дојдат, навистина! Од тоа, ете, не можеш да побегнеш!

وَجَاءَتْ سَكْرَةُ الْمَوْتِ بِالْحَقِّ ذَٰلِكَ مَا كُنْتَ مِنْهُ تَحِيدُ ﴿١٩﴾

20. И ќе се дувне во Сурлата! Ете, тоа е Денот ветен!

وَنُفِخَ فِي الصُّورِ ذَٰلِكَ يَوْمُ الْوَعِيدِ ﴿٢٠﴾

21. И секоја душа ќе дојде со нејзин надзорник и сведок!

وَجَاءَتْ كُلُّ نَفْسٍ مَعَهَا سَائِقٌ وَشَهِيدٌ ﴿٢١﴾

22. Ти беше, секако, невнимателен кон ова, па Ние ја подигнавме завесата пред тебе и опулот твој денес е остар.

لَقَدْ كُنْتَ فِي غَفْلَةٍ مِنْ هَٰذَا فَكَشَفْنَا عَنْكَ غِطَاءَكَ فَبَصَرُكَ الْيَوْمَ حَدِيدٌ ﴿٢٢﴾

23. Другарот негов ќе рече: " Овој до мене е спремен.

وَقَالَ قَرِينُهُ هَٰذَا مَا لَدَيَّ عَتِيدٌ ﴿٢٣﴾

24. Фрли го во Џехеннемот секој неверник, инаетчија!

أَلْقِيَا فِي جَهَنَّمَ كُلَّ كَفَّارٍ عَنِيدٍ ﴿٢٤﴾

25. Кој добро забрануваше, престапник, сомнителен!

مَنَّاعٍ لِلْخَيْرِ مُعْتَدٍ مُرِيبٍ ﴿٢٥﴾

26. Кој, покрај Аллах, друг бог прифаќаше, - та, фрли го во казната жестока!"

الَّذِي جَعَلَ مَعَ اللَّهِ إِلَٰهًا آخَرَ فَأَلْقِيَاهُ فِي الْعَذَابِ الشَّدِيدِ ﴿٢٦﴾

27. Другарот негов ќе рече: “Господаре наш, не е мое да го присилувам, но тој, секако, беше скршнат во заблуда далечна.”

قَالَ قَرِينُهُۥ رَبَّنَا مَآ أَطْغَيْتُهُۥ وَلَٰكِن كَانَ فِى ضَلَٰلٍۭ بَعِيدٍ ٢٧

28. Аллах ќе рече: “Не расправајте се при Мене. Јас ве опоменав, секако, уште од порано,

قَالَ لَا تَخْتَصِمُوا۟ لَدَىَّ وَقَدْ قَدَّمْتُ إِلَيْكُم بِٱلْوَعِيدِ ٢٨

29. кај Мене зборот не се менува и Јас не сум неправеден кон робовите.”

مَا يُبَدَّلُ ٱلْقَوْلُ لَدَىَّ وَمَآ أَنَا۠ بِظَلَّٰمٍ لِّلْعَبِيدِ ٢٩

30. Ден во кој ќе му речеме на Џехеннемот: “Се наполни ли?” - а тој ќе рече: “Има ли уште?”

يَوْمَ نَقُولُ لِجَهَنَّمَ هَلِ ٱمْتَلَأْتِ وَتَقُولُ هَلْ مِن مَّزِيدٍ ٣٠

31. И ќе се приближи Џеннетот за богобојазливите, сосем, блиску.

وَأُزْلِفَتِ ٱلْجَنَّةُ لِلْمُتَّقِينَ غَيْرَ بَعِيدٍ ٣١

32. “Ова е, токму, она што ви се ветуваше: за секој покајник и заштитник,

هَٰذَا مَا تُوعَدُونَ لِكُلِّ أَوَّابٍ حَفِيظٍ ٣٢

33. кој се плаши од Милостивиот и во тајност, и кој ќе дојде со срце оддадено.

مَّنْ خَشِىَ ٱلرَّحْمَٰنَ بِٱلْغَيْبِ وَجَآءَ بِقَلْبٍ مُّنِيبٍ ٣٣

34. Влезете во него со селам! Ете, ова е Денот на вечноста!”

ٱدْخُلُوهَا بِسَلَٰمٍ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُلُودِ ٣٤

35. Во него за нив ќе има сè што ќе посакаат. А кај Нас има и повеќе од тоа!

لَهُم مَّا يَشَآءُونَ فِيهَا وَلَدَيْنَا مَزِيدٌ ٣٥

36. И колку поколенија Ние пред нив уништивме, кои беа посилни од нив, и кои талкаа по

وَكَمْ أَهْلَكْنَا قَبْلَهُم مِّن قَرْنٍ هُمْ أَشَدُّ مِنْهُم بَطْشًا فَنَقَّبُوا۟ فِى ٱلْبِلَٰدِ هَلْ مِن مَّحِيصٍ ٣٦

земјите! Има ли каде да се скријат?

37. Во тоа, навистина, има опомена за оној кој има срце, или кој слуша или кој е присутен!

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَذِكْرَىٰ لِمَن كَانَ لَهُۥ قَلْبٌ أَوْ أَلْقَى ٱلسَّمْعَ وَهُوَ شَهِيدٌ ﴿٣٧﴾

38. Ние ги создадовме, секако, и небесата и Земјата и она што е меѓу нив за шест дена без да нè обзеде замор!

وَلَقَدْ خَلَقْنَا ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا فِي سِتَّةِ أَيَّامٍ وَمَا مَسَّنَا مِن لُّغُوبٍ ﴿٣٨﴾

39. Па, стрпи се за она што го зборуваат и слави Го, заблагодарувајќи се, Господарот твој и пред изгрејсонце и пред зајдисонце.

فَٱصْبِرْ عَلَىٰ مَا يَقُولُونَ وَسَبِّحْ بِحَمْدِ رَبِّكَ قَبْلَ طُلُوعِ ٱلشَّمْسِ وَقَبْلَ ٱلْغُرُوبِ ﴿٣٩﴾

40. И во ноќта величај Го, по паѓањето на сеџде!

وَمِنَ ٱلَّيْلِ فَسَبِّحْهُ وَأَدْبَٰرَ ٱلسُّجُودِ ﴿٤٠﴾

41. И слушни, Денот во кој викачот ќе вика од место ближно;

وَٱسْتَمِعْ يَوْمَ يُنَادِ ٱلْمُنَادِ مِن مَّكَانٍ قَرِيبٍ ﴿٤١﴾

42. Ден во кој ќе го слушаат страшниот глас, вистински! Ете, тоа е Денот на проживувањето!

يَوْمَ يَسْمَعُونَ ٱلصَّيْحَةَ بِٱلْحَقِّ ذَٰلِكَ يَوْمُ ٱلْخُرُوجِ ﴿٤٢﴾

43. Ние, навистина, оживуваме и Ние, навистина, усмртуваме! Свратилиштето е - кон Нас!

إِنَّا نَحْنُ نُحْيِۦ وَنُمِيتُ وَإِلَيْنَا ٱلْمَصِيرُ ﴿٤٣﴾

44. Ден во кој земјата ќе испука и оние ќе излезат, брзајќи. Ете, тоа збирање за Нас е лесно.

يَوْمَ تَشَقَّقُ ٱلْأَرْضُ عَنْهُمْ سِرَاعًا ذَٰلِكَ حَشْرٌ عَلَيْنَا يَسِيرٌ ﴿٤٤﴾

45. Ние најдобро го знаеме она што го зборуваат. Не е твое да

نَّحْنُ أَعْلَمُ بِمَا يَقُولُونَ وَمَا أَنتَ عَلَيْهِم بِجَبَّارٍ

фَذَكِّرْ بِالْقُرْءَانِ مَن يَخَافُ وَعِيدِ ﴿٤٥﴾

ги присилуваш. Па, присети го со Кур'анот оној што стравува од ветувањето Мое!

ЕЗ-ЗАРИЈАТ (Дувачи) LI



بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

وَالذَّارِيَاتِ ذَرْوًا ﴿١﴾

1. Се колнам во дувачите кои дуваат,

فَالْحَامِلَاتِ وِقْرًا ﴿٢﴾

2. и во носачите кои носат тешко,

فَالْجَارِيَاتِ يُسْرًا ﴿٣﴾

3. и во пливачите кои пливаат лесно,

فَالْمُقَسِّمَاتِ أَمْرًا ﴿٤﴾

4. и во споделувачите на наредбата дека

إِنَّمَا تُوعَدُونَ لَصَادِقٌ ﴿٥﴾

5. она што ти се ветува е - вистина,

وَإِنَّ الدِّينَ لَوَاقِعٌ ﴿٦﴾

6. дека ветувањето, секако, ќе се случи!

وَالسَّمَاءِ ذَاتِ الْحُبُكِ ﴿٧﴾

7.Се колнам во небото, испресечено со покази,

إِنَّكُمْ لَفِي قَوْلٍ مُّخْتَلِفٍ ﴿٨﴾

8. дека вие, навистина, различно зборувате,

يُؤْفَكُ عَنْهُ مَنْ أُفِكَ ﴿٩﴾

9. и од него се одвраќа оној кој веќе се одвратил!

قُتِلَ الْخَرَّاصُونَ ﴿١٠﴾

10. Нека пропаднат лашковците,

11. кои се вглавени во незнаење, и уште рамнодушни!

ٱلَّذِينَ هُمْ فِي غَمْرَةٍ سَاهُونَ ١١

12. Велат: “Кога ќе биде Денот суден?”

يَسْـَٔلُونَ أَيَّانَ يَوْمُ ٱلدِّينِ ١٢

13. Оној Ден кога во огнот ќе се пржат.

يَوْمَ هُمْ عَلَى ٱلنَّارِ يُفْتَنُونَ ١٣

14. Вкусете го сплеткарењето ваше. Па, кон ова вие, токму, брзавте да дојдете.

ذُوقُوا۟ فِتْنَتَكُمْ هَٰذَا ٱلَّذِي كُنتُم بِهِۦ تَسْتَعْجِلُونَ ١٤

15. Богобојазливите, навистина, ќе бидат во бавчите џеннетски, меѓу изворите,

إِنَّ ٱلْمُتَّقِينَ فِي جَنَّٰتٍ وَعُيُونٍ ١٥

16. и ќе го земаат она што ќе им го рече Господарот нивни. Оние пред тоа беа, навистина, доброчинители,

ءَاخِذِينَ مَآ ءَاتَىٰهُمْ رَبُّهُمْ ۚ إِنَّهُمْ كَانُوا۟ قَبْلَ ذَٰلِكَ مُحْسِنِينَ ١٦

17. само малку во ноќта спиеја,

كَانُوا۟ قَلِيلًا مِّنَ ٱلَّيْلِ مَا يَهْجَعُونَ ١٧

18. и во мугрите, токму, прошка бараа,

وَبِٱلْأَسْحَارِ هُمْ يَسْتَغْفِرُونَ ١٨

19. а во имотите свои, пак, имаше дел и за питачите и за непитачите.

وَفِيٓ أَمْوَٰلِهِمْ حَقٌّ لِّلسَّآئِلِ وَٱلْمَحْرُومِ ١٩

20. А на земјата има знаменија за верниците,

وَفِي ٱلْأَرْضِ ءَايَٰتٌ لِّلْمُوقِنِينَ ٢٠

21. а и во вас самите - не гледате ли?

وَفِيٓ أَنفُسِكُمْ ۚ أَفَلَا تُبْصِرُونَ ٢١

22. И на небото е ‘рскот ваш и она што ви се ветува.

وَفِي ٱلسَّمَآءِ رِزْقُكُمْ وَمَا تُوعَدُونَ ٢٢

23. Па, се колнам во Господарот на небесата и на Земјата дека тоа, сигурно, е вистина слична на она што вие, токму, го зборувате!

فَوَرَبِّ ٱلسَّمَآءِ وَٱلۡأَرۡضِ إِنَّهُۥ لَحَقّٞ مِّثۡلَ مَآ أَنَّكُمۡ تَنطِقُونَ ٢٣

24. Ти дојде ли кажувањето за почитуваните гости на Ибрахим,

هَلۡ أَتَىٰكَ حَدِيثُ ضَيۡفِ إِبۡرَٰهِيمَ ٱلۡمُكۡرَمِينَ ٢٤

25. кога влегоа кај него и рекоа: “Селам!” - а тој одговори: “Селам! О луѓе, непознати!”

إِذۡ دَخَلُواْ عَلَيۡهِ فَقَالُواْ سَلَٰمٗاۖ قَالَ سَلَٰمٞ قَوۡمٞ مُّنكَرُونَ ٢٥

26. Па, скришно појде кај семејството свое и, ете, дојде со теле здебелено;

فَرَاغَ إِلَىٰٓ أَهۡلِهِۦ فَجَآءَ بِعِجۡلٖ سَمِينٖ ٢٦

27. и тогаш го приближи до нив, и рече: “Нема ли да јадете?”

فَقَرَّبَهُۥٓ إِلَيۡهِمۡ قَالَ أَلَا تَأۡكُلُونَ ٢٧

يَٰٓأَيُّهَا ٱلْمُزَّمِّلُ ﴿١﴾

2. Само малку стани во ноќта, во еден дел нејзин,

قُمِ ٱلَّيْلَ إِلَّا قَلِيلًا ﴿٢﴾

3. половина од ноќта или, пак, помалку од тоа,

نِّصْفَهُۥٓ أَوِ ٱنقُصْ مِنْهُ قَلِيلًا ﴿٣﴾

4. или, пак, зголеми малку во тоа и читај Кур’ан по правило!

أَوْ زِدْ عَلَيْهِ وَرَتِّلِ ٱلْقُرْءَانَ تَرْتِيلًا ﴿٤﴾

5. Ние, навистина, ќе ти објавиме тежок говор;

إِنَّا سَنُلْقِى عَلَيْكَ قَوْلًا ثَقِيلًا ﴿٥﴾

6. станувањето ноќе поис - право делува, секако, врз работата, и поисправно во зборувањето,

إِنَّ نَاشِئَةَ ٱلَّيۡلِ هِيَ أَشَدُّ وَطۡـٔٗا وَأَقۡوَمُ قِيلًا ٦

7. а и дење, исто така, подолго си зафатен.

إِنَّ لَكَ فِي ٱلنَّهَارِ سَبۡحٗا طَوِيلٗا ٧

8. И споменувај Го името на Господарот твој и посвети се, посветувајќи се, кон Него:

وَٱذۡكُرِ ٱسۡمَ رَبِّكَ وَتَبَتَّلۡ إِلَيۡهِ تَبۡتِيلٗا ٨

9. Господарот на Исток и на Запад; нема друг бог освен Него, и прифатете Го,тогаш, како Закрилник!

رَّبُّ ٱلۡمَشۡرِقِ وَٱلۡمَغۡرِبِ لَآ إِلَٰهَ إِلَّا هُوَ فَٱتَّخِذۡهُ وَكِيلٗا ٩

10. И стрпи се за она што го зборуваат и оддалечи се од нив, со расчекор пристоен!

وَٱصۡبِرۡ عَلَىٰ مَا يَقُولُونَ وَٱهۡجُرۡهُمۡ هَجۡرٗا جَمِيلٗا ١٠

11. И остави Ме Мене со лашковците кои поседуваат богатство, и остави ги извесно време!

وَذَرۡنِي وَٱلۡمُكَذِّبِينَ أُوْلِي ٱلنَّعۡمَةِ وَمَهِّلۡهُمۡ قَلِيلًا ١١

12. Кај Нас ќе има, навистина, и пранги и Џехеннем!

إِنَّ لَدَيۡنَآ أَنكَالٗا وَجَحِيمٗا ١٢

13. и храна што не се голта, и казна болна!

وَطَعَامٗا ذَا غُصَّةٖ وَعَذَابًا أَلِيمٗا ١٣

14. Ден во кој ќе се потресат Земјата и брдата, а брдата ќе бидат расфрлани како од песок тумбиња.

يَوۡمَ تَرۡجُفُ ٱلۡأَرۡضُ وَٱلۡجِبَالُ وَكَانَتِ ٱلۡجِبَالُ
كَثِيبٗا مَّهِيلًا ١٤

15. Да, Ние ви испративме пејгамбер кој ќе сведочи против вас исто онака како што на

إِنَّآ أَرۡسَلۡنَآ إِلَيۡكُمۡ رَسُولٗا شَٰهِدًا عَلَيۡكُمۡ كَمَآ أَرۡسَلۡنَآ
إِلَىٰ فِرۡعَوۡنَ رَسُولٗا ١٥

фараонот му испративме пе-јгамбер.

16. И фараонот, тогаш, не го послуша пејгамберот и Ние, заради тоа, го зграбивме со еден грабеж груб.

فَعَصَىٰ فِرْعَوْنُ ٱلرَّسُولَ فَأَخَذْنَٰهُ أَخْذًا وَبِيلًا ﴿١٦﴾

17. Па, како не се плашите од Денот во кој не верувате... кога на децата ќе им побели косата.

فَكَيْفَ تَتَّقُونَ إِن كَفَرْتُمْ يَوْمًا يَجْعَلُ ٱلْوِلْدَٰنَ شِيبًا ﴿١٧﴾

18. Небото тогаш ќе испука и ветувањето Негово ќе се оствари.

ٱلسَّمَآءُ مُنفَطِرٌۢ بِهِۦ ۚ كَانَ وَعْدُهُۥ مَفْعُولًا ﴿١٨﴾

19. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој ќе посака ќе го прифати патот кон Господарот свој.

إِنَّ هَٰذِهِۦ تَذْكِرَةٌ ۖ فَمَن شَآءَ ٱتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ سَبِيلًا ﴿١٩﴾

20. Господарот твој, секако, знае дека ти стануваш ноќе да се молиш помалку од две третини на ноќта, половина или, пак, една третина, а и дружината што е со тебе. Аллах го одредува и ноќта и денот. Он знае дека вие не знаете да го пресметате тоа и Он ви простува. Па, читајте го од Кур'анот она што ви е лесно! Он знае дека меѓу вас ќе има болни, и оние кои ќе шетаат по земјата барајќи ја добрината Аллахова, а други, пак, се борат на Аллаховиот пат. Па, читајте го од Кур'анот она што ви е лесно! И намаз извршувајте и зекат давајте! И позајмете Му на Аллах заем добар! А доброто

۞ إِنَّ رَبَّكَ يَعْلَمُ أَنَّكَ تَقُومُ أَدْنَىٰ مِن ثُلُثَيِ ٱلَّيْلِ وَنِصْفَهُۥ وَثُلُثَهُۥ وَطَآئِفَةٌ مِّنَ ٱلَّذِينَ مَعَكَ ۚ وَٱللَّهُ يُقَدِّرُ ٱلَّيْلَ وَٱلنَّهَارَ ۚ عَلِمَ أَن لَّن تُحْصُوهُ فَتَابَ عَلَيْكُمْ ۖ فَٱقْرَءُوا۟ مَا تَيَسَّرَ مِنَ ٱلْقُرْءَانِ ۚ عَلِمَ أَن سَيَكُونُ مِنكُم مَّرْضَىٰ ۙ وَءَاخَرُونَ يَضْرِبُونَ فِى ٱلْأَرْضِ يَبْتَغُونَ مِن فَضْلِ ٱللَّهِ ۙ وَءَاخَرُونَ يُقَٰتِلُونَ فِى سَبِيلِ ٱللَّهِ ۖ فَٱقْرَءُوا۟ مَا تَيَسَّرَ مِنْهُ ۚ وَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَءَاتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ وَأَقْرِضُوا۟ ٱللَّهَ قَرْضًا حَسَنًا ۚ وَمَا تُقَدِّمُوا۟ لِأَنفُسِكُم مِّنْ خَيْرٍ تَجِدُوهُ عِندَ ٱللَّهِ هُوَ خَيْرًا وَأَعْظَمَ أَجْرًا ۚ وَٱسْتَغْفِرُوا۟ ٱللَّهَ ۖ إِنَّ ٱللَّهَ غَفُورٌ رَّحِيمٌۢ ﴿٢٠﴾

што го давате од себе, ќе го најдете кај Аллах уште подобро, и поголема награда. И барајте прошка од Аллах! Аллах, навистина, е Простувач и Сомилосен!

***ЕЛ-МУДЕССИР*(Покриен)**
LXXIV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Еј ти, покриен!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلۡمُدَّثِّرُ ١

2. Стани и опоменувај!

قُمۡ فَأَنذِرۡ ٢

3. и Господарот твој, величај Го,

وَرَبَّكَ فَكَبِّرۡ ٣

4. и облеката твоја, очисти ја,

وَثِيَابَكَ فَطَهِّرۡ ٤

5. и од нечистото, оддалечи се!

وَٱلرُّجۡزَ فَٱهۡجُرۡ ٥

6. Не мурти се, што ти се причинува многу!

وَلَا تَمۡنُن تَسۡتَكۡثِرُ ٦

7. И заради Господарот твој, стрпи се!

وَلِرَبِّكَ فَٱصۡبِرۡ ٧

8. А кога во Сурлата ќе се дувне,

فَإِذَا نُقِرَ فِي ٱلنَّاقُورِ ٨

9. ете, тогаш, ќе биде Ден тежок:

فَذَٰلِكَ يَوۡمَئِذٖ يَوۡمٌ عَسِيرٌ ٩

10. за неверниците не ќе биде лесен!

عَلَى ٱلۡكَٰفِرِينَ غَيۡرُ يَسِيرٖ ١٠

11. Остави Ме насамо со оној што го создадов осамен,

ذَرۡنِي وَمَنۡ خَلَقۡتُ وَحِيدٗا ١١

12. и му дадов богатство големо,

وَجَعَلْتُ لَهُۥ مَالًا مَّمْدُودًا ﴿١٢﴾

13. и му дадов синови сведоци;

وَبَنِينَ شُهُودًا ﴿١٣﴾

14. Јас за него подготвив и подготовка една.

وَمَهَّدتُّ لَهُۥ تَمْهِيدًا ﴿١٤﴾

15. А потоа сакаше да му дадам повеќе.

ثُمَّ يَطْمَعُ أَنْ أَزِيدَ ﴿١٥﴾

16. Но, не! Беше тврдоглав, навистина, кон знаменијата Наши,

كَلَّآ ۖ إِنَّهُۥ كَانَ لِءَايَٰتِنَا عَنِيدًا ﴿١٦﴾

17. и ќе го свиткам со тешкотии!

سَأُرْهِقُهُۥ صَعُودًا ﴿١٧﴾

18. Тој, навистина, многу размислуваше и многу сметаше!

إِنَّهُۥ فَكَّرَ وَقَدَّرَ ﴿١٨﴾

19. Па, нека биде убиен како така сметаше,

فَقُتِلَ كَيْفَ قَدَّرَ ﴿١٩﴾

20. и пак нека биде убиен како така сметаше!

ثُمَّ قُتِلَ كَيْفَ قَدَّرَ ﴿٢٠﴾

21. Потоа погледна,

ثُمَّ نَظَرَ ﴿٢١﴾

22. потоа се намурти и се стемни,

ثُمَّ عَبَسَ وَبَسَرَ ﴿٢٢﴾

23. потоа ги сврти плеќите и се надува,

ثُمَّ أَدْبَرَ وَٱسْتَكْبَرَ ﴿٢٣﴾

24. па рече: “Ова, навистина, е само волшебништво што се наследува!

فَقَالَ إِنْ هَٰذَآ إِلَّا سِحْرٌ يُؤْثَرُ ﴿٢٤﴾

25. Ова е само говор човечки!”

إِنْ هَٰذَآ إِلَّا قَوْلُ ٱلْبَشَرِ ٢٥

26. Јас ќе го фрлам во огнот Секар.

سَأُصْلِيهِ سَقَرَ ٢٦

27. А од кај знаеш ти што е тоа Секар?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا سَقَرُ ٢٧

28. Во него ништо не останува ни пепел;

لَا تُبْقِى وَلَا تَذَرُ ٢٨

29. пламеник за луѓето;

لَوَّاحَةٌ لِّلْبَشَرِ ٢٩

30. над него бдеат деветнаест - мина:

عَلَيْهَا تِسْعَةَ عَشَرَ ٣٠

31. а мелеките Ние ги одредивме да бидат тие што бдеат врз огнот. Бројот нивни е искушение за оние кои не веруваа, и за да се уверат оние со дадената им Книга, и на верниците верувањето да им се зголеми и за да не се сомневаат оние со дадената им Книга, и верниците, и за да им се рече на оние кои имаат болештина во срцата нивни, и на неверниците - што сака Аллах да покаже со овој пример? Ете, така Аллах го скршнува во заблуда оној кого Он сака, и Он упатува кого сака. Војската Негова ја знае само Он! А тоа е само Опомена за луѓето!

وَمَا جَعَلْنَآ أَصْحَٰبَ ٱلنَّارِ إِلَّا مَلَٰٓئِكَةً وَمَا جَعَلْنَا عِدَّتَهُمْ إِلَّا فِتْنَةً لِّلَّذِينَ كَفَرُوا۟ لِيَسْتَيْقِنَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ وَيَزْدَادَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِيمَٰنًا وَلَا يَرْتَابَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ وَٱلْمُؤْمِنُونَ وَلِيَقُولَ ٱلَّذِينَ فِى قُلُوبِهِم مَّرَضٌ وَٱلْكَٰفِرُونَ مَاذَآ أَرَادَ ٱللَّهُ بِهَٰذَا مَثَلًا كَذَٰلِكَ يُضِلُّ ٱللَّهُ مَن يَشَآءُ وَيَهْدِى مَن يَشَآءُ وَمَا يَعْلَمُ جُنُودَ رَبِّكَ إِلَّا هُوَ وَمَا هِىَ إِلَّا ذِكْرَىٰ لِلْبَشَرِ ٣١

32. Но, не! Се колнам во Месечината,

كَلَّا وَٱلْقَمَرِ ٣٢

33. и во ноќта кога ќе зајде,

وَٱلَّيۡلِ إِذۡ أَدۡبَرَ ٣٣

34. и во муграта кога ќе пукне…

وَٱلصُّبۡحِ إِذَآ أَسۡفَرَ ٣٤

35. тоа ќе биде несреќа голема, навистина,

إِنَّهَا لَإِحۡدَى ٱلۡكُبَرِ ٣٥

36. за луѓето опомена:

نَذِيرٗا لِّلۡبَشَرِ ٣٦

37. за оној меѓу вас кој посакува тоа да го забрза или да го успори!

لِمَن شَآءَ مِنكُمۡ أَن يَتَقَدَّمَ أَوۡ يَتَأَخَّرَ ٣٧

38. И секоја личност е јамец за она што го спечалила,

كُلُّ نَفۡسِۭ بِمَا كَسَبَتۡ رَهِينَةٌ ٣٨

39. освен сретните

إِلَّآ أَصۡحَٰبَ ٱلۡيَمِينِ ٣٩

40. кои во бавчите џеннетски ќе се распрашуваат

فِي جَنَّٰتٖ يَتَسَآءَلُونَ ٤٠

41. за силниците:

عَنِ ٱلۡمُجۡرِمِينَ ٤١

42. “Што ве доведе во огнот Секар?”, -

مَا سَلَكَكُمۡ فِي سَقَرَ ٤٢

43. а овие ќе речат: “Не бевме меѓу оние кои намаз клањаа,

قَالُواْ لَمۡ نَكُ مِنَ ٱلۡمُصَلِّينَ ٤٣

44. и не ги хранeвме сиромашните,

وَلَمۡ نَكُ نُطۡعِمُ ٱلۡمِسۡكِينَ ٤٤

45. и во безработица, со безработниците, се спуштавме,

وَكُنَّا نَخُوضُ مَعَ ٱلۡخَآئِضِينَ ٤٥

46. и Денот ветен за лажен го сметавме,

وَكُنَّا نُكَذِّبُ بِيَوۡمِ ٱلدِّينِ ٤٦

47. сѐ додека не се уверивме!”

حَتَّىٰٓ أَتَىٰنَا ٱلۡيَقِينُ ٤٧

48. Па, не ќе им користи посредувањето на посредниците.

فَمَا تَنفَعُهُمْ شَفَٰعَةُ ٱلشَّٰفِعِينَ ٤٨

49. Па, зошто тогаш се рамнодушни кон Опомената?

فَمَا لَهُمْ عَنِ ٱلتَّذْكِرَةِ مُعْرِضِينَ ٤٩

50. Како да се магариња исплашени,

كَأَنَّهُمْ حُمُرٌ مُّسْتَنفِرَةٌ ٥٠

51. кои бегаат од ловот.

فَرَّتْ مِن قَسْوَرَةٍ ٥١

52. Но секој од нив посакува да му се дадат страници отворени.

بَلْ يُرِيدُ كُلُّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُمْ أَن يُؤْتَىٰ صُحُفًا مُّنَشَّرَةً ٥٢

53. Но, не! Оние не се плашат од Ахирет.

كَلَّا بَل لَّا يَخَافُونَ ٱلْءَاخِرَةَ ٥٣

54. Но, не! Кур'анот е Опомена, навистина!

كَلَّآ إِنَّهُۥ تَذْكِرَةٌ ٥٤

55. И тогаш кој сака го прима за Опомена,

فَمَن شَآءَ ذَكَرَهُۥ ٥٥

56. а тие само со посак Аллахов се опоменуваат. Он е Достоен за богобојазливоста и Он е Достоен за прошката!

وَمَا يَذْكُرُونَ إِلَّآ أَن يَشَآءَ ٱللَّهُ هُوَ أَهْلُ ٱلتَّقْوَىٰ وَأَهْلُ ٱلْمَغْفِرَةِ ٥٦

ЕЛ- КИЈАМЕ (Пропаст на светот) LXXV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Не! Јас се колнам во денот кијаметски!

لَآ أُقْسِمُ بِيَوْمِ ٱلْقِيَٰمَةِ ١

2. Но, не! Јас се колнам во душата која самата себеси се гради!

وَلَآ أُقْسِمُ بِٱلنَّفْسِ ٱللَّوَّامَةِ ٢

3. Мисли ли човекот дека Ние никогаш нема да ги збереме коските негови?

أَيَحْسَبُ ٱلْإِنسَٰنُ أَلَّن نَّجْمَعَ عِظَامَهُۥ ﴿٣﴾

4. Е, уште како! Ние сме Кадри дури и да ги поредиме и јагодиците на прстите негови.

بَلَىٰ قَٰدِرِينَ عَلَىٰٓ أَن نُّسَوِّىَ بَنَانَهُۥ ﴿٤﴾

5. Но, човекот посакува пред него да греши;

بَلْ يُرِيدُ ٱلْإِنسَٰنُ لِيَفْجُرَ أَمَامَهُۥ ﴿٥﴾

6. прашува кога ќе се случи кијаметот.

يَسْـَٔلُ أَيَّانَ يَوْمُ ٱلْقِيَٰمَةِ ﴿٦﴾

7. Кога опулот ќе се закочи, плашејќи се,

فَإِذَا بَرِقَ ٱلْبَصَرُ ﴿٧﴾

8. и кога Месечината ќе потемни,

وَخَسَفَ ٱلْقَمَرُ ﴿٨﴾

9. и кога ќе се соединат Сонцето и Месечината,

وَجُمِعَ ٱلشَّمْسُ وَٱلْقَمَرُ ﴿٩﴾

10. на Денот тој човекот ќе рече: “Каде да се побегне?”

يَقُولُ ٱلْإِنسَٰنُ يَوْمَئِذٍ أَيْنَ ٱلْمَفَرُّ ﴿١٠﴾

11. Нема никаде! Нема засолниште!

كَلَّا لَا وَزَرَ ﴿١١﴾

12. Кон Господарот твој, на Денот тој, ќе се биде насочен!

إِلَىٰ رَبِّكَ يَوْمَئِذٍ ٱلْمُسْتَقَرُّ ﴿١٢﴾

13. Човекот ќе биде известен на Денот тој и за она што го оставил.

يُنَبَّؤُا۟ ٱلْإِنسَٰنُ يَوْمَئِذٍۭ بِمَا قَدَّمَ وَأَخَّرَ ﴿١٣﴾

14. Човекот, меѓутоа, за себеси ќе си сведочи,

بَلِ ٱلْإِنسَٰنُ عَلَىٰ نَفْسِهِۦ بَصِيرَةٌ ﴿١٤﴾

15. и покрај тоа што ќе ги изнесува оправдувањата свои!

16. Не изговарај ги харфовите на Кур'анот со јазикот твој за да брзаш со него:

17. Наша обврска, навистина, е да го збереме и да го читаме.

18. Па, кога ќе го читаме, следи го читањето негово!

19. Потоа неговото објаснување е Наша обврска, навистина!

20. Но, не! Вие ја посакувате мигновеноста,

21. а ја оставате вечноста!

22. На Денот тој некои лица ќе бидат блескотни,

23. со свртен поглед кон Господарот свој,

24. а некои лица, пак, ќе бидат намуртени,

25. и ќе очекуваат да се случи нешто што ќе им ги скрши пршлените.

26. Но, не! Кога душата ќе стигне до клучната коска,

27. и кога ќе се викне: “Кој ќе го излечи?!”

وَلَوْ أَلْقَىٰ مَعَاذِيرَهُۥ ﴿١٥﴾

لَا تُحَرِّكْ بِهِۦ لِسَانَكَ لِتَعْجَلَ بِهِۦٓ ﴿١٦﴾

إِنَّ عَلَيْنَا جَمْعَهُۥ وَقُرْءَانَهُۥ ﴿١٧﴾

فَإِذَا قَرَأْنَٰهُ فَٱتَّبِعْ قُرْءَانَهُۥ ﴿١٨﴾

ثُمَّ إِنَّ عَلَيْنَا بَيَانَهُۥ ﴿١٩﴾

كَلَّا بَلْ تُحِبُّونَ ٱلْعَاجِلَةَ ﴿٢٠﴾

وَتَذَرُونَ ٱلْءَاخِرَةَ ﴿٢١﴾

وُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ نَّاضِرَةٌ ﴿٢٢﴾

إِلَىٰ رَبِّهَا نَاظِرَةٌ ﴿٢٣﴾

وَوُجُوهٌ يَوْمَئِذٍۭ بَاسِرَةٌ ﴿٢٤﴾

تَظُنُّ أَن يُفْعَلَ بِهَا فَاقِرَةٌ ﴿٢٥﴾

كَلَّآ إِذَا بَلَغَتِ ٱلتَّرَاقِىَ ﴿٢٦﴾

وَقِيلَ مَنْ ۜ رَاقٍ ﴿٢٧﴾

28. Ќе се убеди дека тоа е Разделба,

وَظَنَّ أَنَّهُ ٱلْفِرَاقُ ﴿٢٨﴾

29. и ногата околу ногата ќе се свитка,

وَٱلْتَفَّتِ ٱلسَّاقُ بِٱلسَّاقِ ﴿٢٩﴾

30. кон Господарот твој, на Денот тој, ќе се турне,

إِلَىٰ رَبِّكَ يَوْمَئِذٍ ٱلْمَسَاقُ ﴿٣٠﴾

31. па, не веруваше и намаз не клањаше,

فَلَا صَدَّقَ وَلَا صَلَّىٰ ﴿٣١﴾

32. но затоа, пак, лажеше и плеќите ги вртеше,

وَلَٰكِن كَذَّبَ وَتَوَلَّىٰ ﴿٣٢﴾

33. а потоа, кај семејството свое, горделиво одеше.

ثُمَّ ذَهَبَ إِلَىٰٓ أَهْلِهِۦ يَتَمَطَّىٰٓ ﴿٣٣﴾

34. Тешко тебе! Е, па, тешко тебе!

أَوْلَىٰ لَكَ فَأَوْلَىٰ ﴿٣٤﴾

35. И уште еднаш: Тешко тебе! Па, пак, тешко тебе!

ثُمَّ أَوْلَىٰ لَكَ فَأَوْلَىٰٓ ﴿٣٥﴾

36. Мисли ли човекот дека ќе биде оставен тек така?

أَيَحْسَبُ ٱلْإِنسَٰنُ أَن يُتْرَكَ سُدًى ﴿٣٦﴾

37. Не беше ли капка семе, семе што се фрла?

أَلَمْ يَكُ نُطْفَةً مِّن مَّنِيٍّ يُمْنَىٰ ﴿٣٧﴾

38. А по ова угрушок од крв, па го создаде и обличје му даде,

ثُمَّ كَانَ عَلَقَةً فَخَلَقَ فَسَوَّىٰ ﴿٣٨﴾

39. и од него создаде пар: машко и женско.

فَجَعَلَ مِنْهُ ٱلزَّوْجَيْنِ ٱلذَّكَرَ وَٱلْأُنثَىٰٓ ﴿٣٩﴾

40. И нели тогаш Он е Кадар мртвите да ги оживи?

أَلَيْسَ ذَٰلِكَ بِقَٰدِرٍ عَلَىٰٓ أَن يُحْـِۧيَ ٱلْمَوْتَىٰ ﴿٤٠﴾

ЕЛ-ИНСАН (Човек) LXXVI

سُورَةُ الإِنسَانِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Му помина ли на човекот она време кога не беше за ништо спомнат?

هَلۡ أَتَىٰ عَلَى ٱلۡإِنسَٰنِ حِينٞ مِّنَ ٱلدَّهۡرِ لَمۡ يَكُن شَيۡـٔٗا مَّذۡكُورًا ١

2. Ние човекот го создадовме, навистина, од мешавина на семе за да го ставиме во искушение, и му дадовме и слух и вид.

إِنَّا خَلَقۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ مِن نُّطۡفَةٍ أَمۡشَاجٖ نَّبۡتَلِيهِ فَجَعَلۡنَٰهُ سَمِيعَۢا بَصِيرًا ٢

3. Ние, навистина, го упативме по Патот: ќе биде ли благодарен или неверник - негово е!

إِنَّا هَدَيۡنَٰهُ ٱلسَّبِيلَ إِمَّا شَاكِرٗا وَإِمَّا كَفُورًا ٣

4. Да, Ние за неверниците подготвивме и пранги и синџири и Саир.

إِنَّآ أَعۡتَدۡنَا لِلۡكَٰفِرِينَ سَلَٰسِلَاْ وَأَغۡلَٰلٗا وَسَعِيرًا ٤

5. Добротворите, навистина, ќе пијат од чаша чиј напиток ќе биде смеса на камфор

إِنَّ ٱلۡأَبۡرَارَ يَشۡرَبُونَ مِن كَأۡسٖ كَانَ مِزَاجُهَا كَافُورًا ٥

6. од изворот што ќе го разводат, како што сакаат, ќе пијат робовите Аллахови:

عَيۡنٗا يَشۡرَبُ بِهَا عِبَادُ ٱللَّهِ يُفَجِّرُونَهَا تَفۡجِيرٗا ٦

7. оние што го исполнуваа договорот и кои стравуваат од Денот во кој ќе преовладува злото негово,

يُوفُونَ بِٱلنَّذۡرِ وَيَخَافُونَ يَوۡمٗا كَانَ شَرُّهُۥ مُسۡتَطِيرٗا ٧

8. и со храна нахрануваа, и покрај тоа што ја сакаа, и сиромав, и јетим, и затвореник.

وَيُطۡعِمُونَ ٱلطَّعَامَ عَلَىٰ حُبِّهِۦ مِسۡكِينٗا وَيَتِيمٗا وَأَسِيرًا ٨

9. "Ве храниме, навистина, заради лицето Аллахово: од вас не посакуваме ни награда ни благодарност.

إِنَّمَا نُطْعِمُكُمْ لِوَجْهِ ٱللَّهِ لَا نُرِيدُ مِنكُمْ جَزَآءً وَلَا شُكُورًا ﴿٩﴾

10. Ние, навистина, се плашиме од Господарот наш на Денот во кој лицата ќе бидат намуртени и затемнети."

إِنَّا نَخَافُ مِن رَّبِّنَا يَوْمًا عَبُوسًا قَمْطَرِيرًا ﴿١٠﴾

11. На Денот тој Аллах ќе ги сочува од злото и ќе им даде радост и среќа,

فَوَقَىٰهُمُ ٱللَّهُ شَرَّ ذَٰلِكَ ٱلْيَوْمِ وَلَقَّىٰهُمْ نَضْرَةً وَسُرُورًا ﴿١١﴾

12. и ќе ги награди, затоа што беа трпеливи, со Џеннет и свила;

وَجَزَىٰهُم بِمَا صَبَرُوا۟ جَنَّةً وَحَرِيرًا ﴿١٢﴾

13. ќе бидат потпрени на дивани и тука ни жед ни студен не ќе усетат;

مُّتَّكِـِٔينَ فِيهَا عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ لَا يَرَوْنَ فِيهَا شَمْسًا وَلَا زَمْهَرِيرًا ﴿١٣﴾

14. сенките негови во непосредна близина ќе им бидат, и плодовите негови ќе им бидат спуштени.

وَدَانِيَةً عَلَيْهِمْ ظِلَٰلُهَا وَذُلِّلَتْ قُطُوفُهَا تَذْلِيلًا ﴿١٤﴾

15. И од едендодруг ќе се служи со чинии од сребро и со чаши што ќе бидат провидни,

وَيُطَافُ عَلَيْهِم بِـَٔانِيَةٍ مِّن فِضَّةٍ وَأَكْوَابٍ كَانَتْ قَوَارِيرَا۠ ﴿١٥﴾

16. провидни од сребро кои сами ќе ги одредуваат колкави да бидат;

قَوَارِيرَا۟ مِن فِضَّةٍ قَدَّرُوهَا تَقْدِيرًا ﴿١٦﴾

17. во Џеннетот ќе пијат од чаши чиј напиток ќе биде смеса од ѓумбар,

وَيُسْقَوْنَ فِيهَا كَأْسًا كَانَ مِزَاجُهَا زَنجَبِيلًا ﴿١٧﴾

18. од изворот во Џеннетот со името Селсебил именуван,

عَيْنًا فِيهَا تُسَمَّىٰ سَلْسَبِيلًا ﴿١٨﴾

19. и од едендодруг ќе ги служат вечно млади момчиња. И кога ќе ги погледнеш веднаш ќе помислиш дека се бисери растурени.

۞ وَيَطُوفُ عَلَيْهِمْ وِلْدَٰنٌ مُّخَلَّدُونَ إِذَا رَأَيْتَهُمْ حَسِبْتَهُمْ لُؤْلُؤًا مَّنثُورًا ١٩

20. И кога ќе погледнеш тамо и пак, кога ќе погледнеш, ќе видиш благодат и царство големо,

وَإِذَا رَأَيْتَ ثَمَّ رَأَيْتَ نَعِيمًا وَمُلْكًا كَبِيرًا ٢٠

21. на нив ќе видиш облека зелена, и од потенка и од подебела свила; ќе бидат накитени со ракавници од сребро, и Господарот нивни ќе ги напојува со напиток чист.

عَٰلِيَهُمْ ثِيَابُ سُندُسٍ خُضْرٌ وَإِسْتَبْرَقٌ وَحُلُّوٓا۟ أَسَاوِرَ مِن فِضَّةٍ وَسَقَىٰهُمْ رَبُّهُمْ شَرَابًا طَهُورًا ٢١

22. “Ете, ова ви е наградата, навистина! Трудољубието ваше за благодарност е достојно!”

إِنَّ هَٰذَا كَانَ لَكُمْ جَزَآءً وَكَانَ سَعْيُكُم مَّشْكُورًا ٢٢

23. Ние, навистина, објавувајќи го, ти го објавивме Кур’анот:

إِنَّا نَحْنُ نَزَّلْنَا عَلَيْكَ ٱلْقُرْءَانَ تَنزِيلًا ٢٣

24. па, стрпи се до одлуката на Господарот твој и меѓу нив не биди послушен, ни на грешникот ни на неверникот!

فَٱصْبِرْ لِحُكْمِ رَبِّكَ وَلَا تُطِعْ مِنْهُمْ ءَاثِمًا أَوْ كَفُورًا ٢٤

25. И споменувај Го името на Господарот твој и наутро и навечер!

وَٱذْكُرِ ٱسْمَ رَبِّكَ بُكْرَةً وَأَصِيلًا ٢٥

26. И во еден дел од ноќта, падни Му на сеџде, и дуж ноќта слави Го!

وَمِنَ ٱلَّيْلِ فَٱسْجُدْ لَهُۥ وَسَبِّحْهُ لَيْلًا طَوِيلًا ٢٦

27. Онаквите, навистина, ја посакуваат мигновеноста, а го

إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ يُحِبُّونَ ٱلْعَاجِلَةَ وَيَذَرُونَ وَرَآءَهُمْ

оставаат она што е зад нив, Денот тежок!

يَوۡمٗا ثَقِيلٗا ﴿٢٧﴾

28. Ние ги создаваме и зглобовите им ги соединуваме. А ако, пак, си посакаме ги менуваме наличјата нивни.

نَّحۡنُ خَلَقۡنَٰهُمۡ وَشَدَدۡنَآ أَسۡرَهُمۡۖ وَإِذَا شِئۡنَا بَدَّلۡنَآ أَمۡثَٰلَهُمۡ تَبۡدِيلًا ﴿٢٨﴾

29. Ова, навистина, е Опомена! Па, кој сака ќе го прифати Патот кон Господарот свој.

إِنَّ هَٰذِهِۦ تَذۡكِرَةٞۖ فَمَن شَآءَ ٱتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ سَبِيلٗا ﴿٢٩﴾

30. А вие го пожелувате само она што Аллах го пожелува. Аллах, навистина, е Зналец и Мудар!

وَمَا تَشَآءُونَ إِلَّآ أَن يَشَآءَ ٱللَّهُۚ إِنَّ ٱللَّهَ كَانَ عَلِيمًا حَكِيمٗا ﴿٣٠﴾

31. Ќе го воведе во милоста Своја кого сака. А за злумќарите подготви казна болна!

يُدۡخِلُ مَن يَشَآءُ فِي رَحۡمَتِهِۦۚ وَٱلظَّٰلِمِينَ أَعَدَّ لَهُمۡ عَذَابًا أَلِيمَۢا ﴿٣١﴾

ЕЛ-МУРСЕЛАТ **(Испратени)** **LXXVII**



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во оние кои се испратени еднизадруги,

وَٱلۡمُرۡسَلَٰتِ عُرۡفٗا ﴿١﴾

2. па, како виор виорат,

فَٱلۡعَٰصِفَٰتِ عَصۡفٗا ﴿٢﴾

3. се колнам и во оние кои се разгрануваат,

وَٱلنَّٰشِرَٰتِ نَشۡرٗا ﴿٣﴾

4. и кои одовојувајќи, одвојувања предизвикуваат,

فَٱلۡفَٰرِقَٰتِ فَرۡقٗا ﴿٤﴾

5. и кои, опомена доставуваат,

فَٱلۡمُلۡقِيَٰتِ ذِكۡرًا ﴿٥﴾

6. како оправдување или како опоменување!

7. Ветеното ќе ви се случи, сигурно!

8. Тогаш кога ѕвездите не ќе блескаат,

9. и кога небесата ќе испукаат,

10. и кога брдата ќе се здробат,

11. и кога пејгамберите во време определено ќе се зберат!

12. Да, кој ден е тоа одреден?

13. До Денот на Разделбата!

14. А од кај знаеш ти што е тоа Денот на Разделбата?

15. Тешко на лашковците... на Денот тој!

16. Нели Ние ги уништивме поколенијата одамнешни?

17. По нив и другите што Ние дадовме да ги следат.

18. Ете, така Ние работиме со силниците!

19. Тешко на лашковците... на Денот тој!

20. Нели ве создадовме од вода безвредна

عُذْرًا أَوْ نُذْرًا ﴿٦﴾

إِنَّمَا تُوعَدُونَ لَوَاقِعٌ ﴿٧﴾

فَإِذَا النُّجُومُ طُمِسَتْ ﴿٨﴾

وَإِذَا السَّمَاءُ فُرِجَتْ ﴿٩﴾

وَإِذَا الْجِبَالُ نُسِفَتْ ﴿١٠﴾

وَإِذَا الرُّسُلُ أُقِّتَتْ ﴿١١﴾

لِأَيِّ يَوْمٍ أُجِّلَتْ ﴿١٢﴾

لِيَوْمِ الْفَصْلِ ﴿١٣﴾

وَمَا أَدْرَاكَ مَا يَوْمُ الْفَصْلِ ﴿١٤﴾

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِلْمُكَذِّبِينَ ﴿١٥﴾

أَلَمْ نُهْلِكِ الْأَوَّلِينَ ﴿١٦﴾

ثُمَّ نُتْبِعُهُمُ الْآخِرِينَ ﴿١٧﴾

كَذَٰلِكَ نَفْعَلُ بِالْمُجْرِمِينَ ﴿١٨﴾

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِلْمُكَذِّبِينَ ﴿١٩﴾

أَلَمْ نَخْلُقْكُمْ مِنْ مَاءٍ مَهِينٍ ﴿٢٠﴾

21. што ја ставивме на место сигурно,

فَجَعَلْنَـٰهُ فِى قَرَارٍ مَّكِينٍ ٢١

22. до едно време познато?

إِلَىٰ قَدَرٍ مَّعْلُومٍ ٢٢

23. Па тоа сме Ние кои одредуваме. Е, само колку сме убави во она што Ние го одредуваме!

فَقَدَرْنَا فَنِعْمَ ٱلْقَـٰدِرُونَ ٢٣

24. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٢٤

25. Нели Ние одредивме земјата да биде место на збирање,

أَلَمْ نَجْعَلِ ٱلْأَرْضَ كِفَاتًا ٢٥

26. на живите и мртвите,

أَحْيَآءً وَأَمْوَٰتًا ٢٦

27. и на неа Ние високи брда поставивме, и со вода бистра ве напојувавме.

وَجَعَلْنَا فِيهَا رَوَٰسِىَ شَـٰمِخَـٰتٍ وَأَسْقَيْنَـٰكُم مَّآءً فُرَاتًا ٢٧

28. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٢٨

29. Управете се кон она што за лажно го сметавте,

ٱنطَلِقُوٓا۟ إِلَىٰ مَا كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ٢٩

30. управете се кон она со три краци сенка,

ٱنطَلِقُوٓا۟ إِلَىٰ ظِلٍّ ذِى ثَلَـٰثِ شُعَبٍ ٣٠

31. која ладовина нема и која од пламен не чува.

لَّا ظَلِيلٍ وَلَا يُغْنِى مِنَ ٱللَّهَبِ ٣١

32. Како кули ќе фрла искри,

إِنَّهَا تَرْمِى بِشَرَرٍ كَٱلْقَصْرِ ٣٢

33. како да се камили жолти.

كَأَنَّهُۥ جِمَـٰلَتٌ صُفْرٌ ٣٣

34. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٣٤

35. Ова е Ден во кој не ќе прозборат,

هَٰذَا يَوْمُ لَا يَنطِقُونَ ٣٥

36. и во кој оправдување не ќе им се одобри!

وَلَا يُؤْذَنُ لَهُمْ فَيَعْتَذِرُونَ ٣٦

37. Тешко на лашковците... на Денот тој.

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٣٧

38. Ова е Денот на Разделбата. Ние ќе ве собереме вас и народите одамнешни!

هَٰذَا يَوْمُ الْفَصْلِ ۖ جَمَعْنَاكُمْ وَالْأَوَّلِينَ ٣٨

39. Па, ако имате сплетка, сплеткарете!

فَإِن كَانَ لَكُمْ كَيْدٌ فَكِيدُونِ ٣٩

40. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٤٠

41. Богобојазливите ќе бидат, навистина, во сенките и меѓу изворите!

إِنَّ الْمُتَّقِينَ فِي ظِلَالٍ وَعُيُونٍ ٤١

42. и крај овошјето што ќе го посакуваат.

وَفَوَاكِهَ مِمَّا يَشْتَهُونَ ٤٢

43. "Јадете и пијте; пријатно нека ви биде... заради она што го работевте!"

كُلُوا وَاشْرَبُوا هَنِيئًا بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ٤٣

44. Ете, така Ние ги наградуваме доброчинителите.

إِنَّا كَذَٰلِكَ نَجْزِي الْمُحْسِنِينَ ٤٤

45. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ٤٥

46. “Јадете и уживајте за кратко: силници сте, навистина!”

كُلُوا۟ وَتَمَتَّعُوا۟ قَلِيلًا إِنَّكُم مُّجْرِمُونَ ﴿٤٦﴾

47. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٧﴾

48. И кога ќе им се речеше: “Поклонете се!” Не се поклонуваа.

وَإِذَا قِيلَ لَهُمُ ٱرْكَعُوا۟ لَا يَرْكَعُونَ ﴿٤٨﴾

49. Тешко на лашковците... на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ﴿٤٩﴾

50. Па, во кој говор по него оние веруваат?

فَبِأَىِّ حَدِيثٍۭ بَعْدَهُۥ يُؤْمِنُونَ ﴿٥٠﴾

ЕН-НЕБЕ' (Кажување) LXXVIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. За што тие еднисодруги се прашуваат?

عَمَّ يَتَسَآءَلُونَ ﴿١﴾

2. За кажувањето големо

عَنِ ٱلنَّبَإِ ٱلْعَظِيمِ ﴿٢﴾

3. за кое оние, токму, станаа деленици!

ٱلَّذِى هُمْ فِيهِ مُخْتَلِفُونَ ﴿٣﴾

4. Но, не! Ќе узнаат,

كَلَّا سَيَعْلَمُونَ ﴿٤﴾

5. и пак: Но, не! Ќе узнаат, сигурно!

ثُمَّ كَلَّا سَيَعْلَمُونَ ﴿٥﴾

6. Нели Ние одредивме земјата да биде постела,

أَلَمْ نَجْعَلِ ٱلْأَرْضَ مِهَٰدًا ﴿٦﴾

7. а брдата столбови?

وَٱلْجِبَالَ أَوْتَادًا ﴿٧﴾

8. И Ние ве создадовме во парови,

وَخَلَقْنَٰكُمْ أَزْوَٰجًا ﴿٨﴾

9. и спиењето ваше Ние за почивка го одредивме,

وَجَعَلْنَا نَوْمَكُمْ سُبَاتًا ٩

10. а ноќта, пак, Ние како облека ја одредивме,

وَجَعَلْنَا ٱلَّيْلَ لِبَاسًا ١٠

11. а денот, пак, Ние како храна го одредивме,

وَجَعَلْنَا ٱلنَّهَارَ مَعَاشًا ١١

12. и над вас Ние седум силни изградивме,

وَبَنَيْنَا فَوْقَكُمْ سَبْعًا شِدَادًا ١٢

13. и светилката што свети Ние ја поставивме,

وَجَعَلْنَا سِرَاجًا وَهَّاجًا ١٣

14. и од облаците Ние вода ви спуштаме,

وَأَنزَلْنَا مِنَ ٱلْمُعْصِرَٰتِ مَآءً ثَجَّاجًا ١٤

15. и со помош нејзина Ние дадовме да никнат и семе и растение,

لِّنُخْرِجَ بِهِۦ حَبًّا وَنَبَاتًا ١٥

16. и бавчи испреплетени!

وَجَنَّٰتٍ أَلْفَافًا ١٦

17. Денот на Одлуката, навистина, е веќе одреден,

إِنَّ يَوْمَ ٱلْفَصْلِ كَانَ مِيقَٰتًا ١٧

18. Денот во кој ќе се дувне во Сурлата, па ќе доаѓаат во дружини,

يَوْمَ يُنفَخُ فِى ٱلصُّورِ فَتَأْتُونَ أَفْوَاجًا ١٨

19. а небото ќе се отвори, и врати многу ќе има,

وَفُتِحَتِ ٱلسَّمَآءُ فَكَانَتْ أَبْوَٰبًا ١٩

20. и брдата ќе се потресат и прашина ќе станат!

وَسُيِّرَتِ ٱلْجِبَالُ فَكَانَتْ سَرَابًا ٢٠

21. Џехеннемот, навистина, е во заседа,

إِنَّ جَهَنَّمَ كَانَتْ مِرْصَادًا ٢١

22. за угнетувачите место на враќање,

لِّلطَّٰغِينَ مَـَٔابًا ﴿٢٢﴾

23. и во Џехеннемот за навек ќе останат,

لَّٰبِثِينَ فِيهَآ أَحْقَابًا ﴿٢٣﴾

24. и не ќе вкусат ништо ладно, ни напивка некаква,

لَّا يَذُوقُونَ فِيهَا بَرْدًا وَلَا شَرَابًا ﴿٢٤﴾

25. освен жешка вода, смрдлива,

إِلَّا حَمِيمًا وَغَسَّاقًا ﴿٢٥﴾

26. како награда соодветна!

جَزَآءً وِفَاقًا ﴿٢٦﴾

27. Оние, навистина, не се надеваа на Сметката,

إِنَّهُمْ كَانُوا۟ لَا يَرْجُونَ حِسَابًا ﴿٢٧﴾

28. и ги сметаа за лажни, лажејќи, ајетите Наши,

وَكَذَّبُوا۟ بِـَٔايَٰتِنَا كِذَّابًا ﴿٢٨﴾

29. и секоја работа Ние ја пребројавме и во Книгата ја внесовме!

وَكُلَّ شَىْءٍ أَحْصَيْنَٰهُ كِتَٰبًا ﴿٢٩﴾

30. Па, вкусете! Казната само со казна ќе ја зголемуваме!

فَذُوقُوا۟ فَلَن نَّزِيدَكُمْ إِلَّا عَذَابًا ﴿٣٠﴾

31.За богобојазливите, навистина, има победа:

إِنَّ لِلْمُتَّقِينَ مَفَازًا ﴿٣١﴾

32.градини и лозја,

حَدَآئِقَ وَأَعْنَٰبًا ﴿٣٢﴾

33.и девојки, со години исти

وَكَوَاعِبَ أَتْرَابًا ﴿٣٣﴾

34.и пехари полни!

وَكَأْسًا دِهَاقًا ﴿٣٤﴾

35.Во Џеннетот не ќе слушаат ни зборови празни ни лага.

لَّا يَسْمَعُونَ فِيهَا لَغْوًا وَلَا كِذَّٰبًا ﴿٣٥﴾

36. Награда ќе биде тоа од Господарот твој, подарок неизмерен,

جَزَآءً مِّن رَّبِّكَ عَطَآءً حِسَابًا ﴿٣٦﴾

37. од Господарот на небесата и на Земјата и она што е меѓу нив, од Милостивиот, и оние не ќе можат ни да Му се обратат,

رَّبِّ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَمَا بَيْنَهُمَا ٱلرَّحْمَٰنِ لَا يَمْلِكُونَ مِنْهُ خِطَابًا ﴿٣٧﴾

38. на Денот во кој Џибрил и мелеките ќе стојат во редови, и не ќе зборуваат освен оној кому ќе му дозволи Милостивиот, и вистина ќе зборува.

يَوْمَ يَقُومُ ٱلرُّوحُ وَٱلْمَلَٰٓئِكَةُ صَفًّا لَّا يَتَكَلَّمُونَ إِلَّا مَنْ أَذِنَ لَهُ ٱلرَّحْمَٰنُ وَقَالَ صَوَابًا ﴿٣٨﴾

39. Ете, тоа е Денот вистински. Па, кој сака може да најде засолниште кај Аллах.

ذَٰلِكَ ٱلْيَوْمُ ٱلْحَقُّ فَمَن شَآءَ ٱتَّخَذَ إِلَىٰ رَبِّهِۦ مَـَٔابًا ﴿٣٩﴾

40. Ние, навистина, ве опоменавме за казната блиска, за Денот во кој човекот ќе го гледа она што го направија рацете негови, и кога неверникот ќе рече: “О тешко мене! Само земја да станев!”

إِنَّآ أَنذَرْنَٰكُمْ عَذَابًا قَرِيبًا يَوْمَ يَنظُرُ ٱلْمَرْءُ مَا قَدَّمَتْ يَدَاهُ وَيَقُولُ ٱلْكَافِرُ يَٰلَيْتَنِى كُنتُ تُرَٰبًۢا ﴿٤٠﴾

ЕН-НАЗИАТ (Оние кои кинат) LXXIX



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во оние кои кинат, силно!

وَٱلنَّٰزِعَٰتِ غَرْقًا ﴿١﴾

2. во оние кои, вадат благо,

وَٱلنَّٰشِطَٰتِ نَشْطًا ﴿٢﴾

3. и оние кои, пловејќи, пловат брзо,

وَٱلسَّٰبِحَٰتِ سَبْحًا ﴿٣﴾

4. и оние кои, предводувајќи, предводат,

فَٱلسَّٰبِقَٰتِ سَبۡقٗا ﴿٤﴾

5. и кои ги средуваат работите,

فَٱلۡمُدَبِّرَٰتِ أَمۡرٗا ﴿٥﴾

6. и во Денот во кој Потресот ќе се потресе,

يَوۡمَ تَرۡجُفُ ٱلرَّاجِفَةُ ﴿٦﴾

7. по кој ќе следи следниот!

تَتۡبَعُهَا ٱلرَّادِفَةُ ﴿٧﴾

8. Срцата на Денот тој ќе се потресат,

قُلُوبٞ يَوۡمَئِذٖ وَاجِفَةٌ ﴿٨﴾

9. а очите нивни, пак, ќе се преплашат!

أَبۡصَٰرُهَا خَٰشِعَةٞ ﴿٩﴾

10. Зборуваат: “Ќе бидеме ли пак вратени назад во гробовите, навистина,

يَقُولُونَ أَءِنَّا لَمَرۡدُودُونَ فِي ٱلۡحَافِرَةِ ﴿١٠﴾

11. кога ќе станеме коски трошни?”

أَءِذَا كُنَّا عِظَٰمٗا نَّخِرَةٗ ﴿١١﴾

12. И уште зборуваат: “Тоа оживување е само пораз.”

قَالُواْ تِلۡكَ إِذٗا كَرَّةٌ خَاسِرَةٞ ﴿١٢﴾

13. Тоа ќе биде само еден глас, навистина! -

فَإِنَّمَا هِيَ زَجۡرَةٞ وَٰحِدَةٞ ﴿١٣﴾

14. и ете ги, веднаш на површина.

فَإِذَا هُم بِٱلسَّاهِرَةِ ﴿١٤﴾

15. Ти дојде ли говорот за Муса,

هَلۡ أَتَىٰكَ حَدِيثُ مُوسَىٰٓ ﴿١٥﴾

16. кога го повика Господарот свој, во Тува, долината света:

إِذۡ نَادَىٰهُ رَبُّهُۥ بِٱلۡوَادِ ٱلۡمُقَدَّسِ طُوًى ﴿١٦﴾

17. “Оди кај фараонот, зашто тој, навистина, силен стана,

اذْهَبْ إِلَىٰ فِرْعَوْنَ إِنَّهُ طَغَىٰ ﴿١٧﴾

18. па, кажи му:,Мислиш ли да се очистиш‘?

فَقُلْ هَل لَّكَ إِلَىٰ أَن تَزَكَّىٰ ﴿١٨﴾

19. Ќе те упатам кон Господарот твој и,тогаш, уплаши се!”

وَأَهْدِيَكَ إِلَىٰ رَبِّكَ فَتَخْشَىٰ ﴿١٩﴾

20. И му го покажа тогаш знамението најголемо,

فَأَرَاهُ الْآيَةَ الْكُبْرَىٰ ﴿٢٠﴾

21. па, фараонот излажа и непослуша,

فَكَذَّبَ وَعَصَىٰ ﴿٢١﴾

22. а потоа се сврте и си замина,

ثُمَّ أَدْبَرَ يَسْعَىٰ ﴿٢٢﴾

23. и пак, тогаш, повика и собра луѓе

فَحَشَرَ فَنَادَىٰ ﴿٢٣﴾

24. па, рече: “Јас сум господарот ваш најголем!”

فَقَالَ أَنَا رَبُّكُمُ الْأَعْلَىٰ ﴿٢٤﴾

25. Па, Аллах го казни со казната прва а ќе го казни и со казната друга!

فَأَخَذَهُ اللَّهُ نَكَالَ الْآخِرَةِ وَالْأُولَىٰ ﴿٢٥﴾

26. Ете, во тоа, навистина, има ибрет за оној кој се плаши!

إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَعِبْرَةً لِّمَن يَخْشَىٰ ﴿٢٦﴾

27. Потешко ли е вие да се создадете или, пак, небесата? Он нив ги создаде,

أَأَنتُمْ أَشَدُّ خَلْقًا أَمِ السَّمَاءُ بَنَاهَا ﴿٢٧﴾

28. па, го подигна сводот нивни и потоа го среди,

رَفَعَ سَمْكَهَا فَسَوَّاهَا ﴿٢٨﴾

29. ноќите нивни реши темни да бидат, а деновите, пак, светли да бидат,

وَأَغْطَشَ لَيْلَهَا وَأَخْرَجَ ضُحَاهَا ﴿٢٩﴾

30. и Земјата потоа ја израмни,

وَالْأَرْضَ بَعْدَ ذَٰلِكَ دَحَاهَا ﴿٣٠﴾

31. и извади од неа и вода и пасишта,

أَخْرَجَ مِنْهَا مَاءَهَا وَمَرْعَاهَا ﴿٣١﴾

32. и брдата ги зацврсти

وَالْجِبَالَ أَرْسَاهَا ﴿٣٢﴾

33. за да уживате во нив, вие и добитокот ваш!

مَتَاعًا لَّكُمْ وَلِأَنْعَامِكُمْ ﴿٣٣﴾

34. И кога ќе се случи поројот голем

فَإِذَا جَاءَتِ الطَّامَّةُ الْكُبْرَىٰ ﴿٣٤﴾

35. на Денот тој ќе се присеќава за она што се трудел,

يَوْمَ يَتَذَكَّرُ الْإِنسَانُ مَا سَعَىٰ ﴿٣٥﴾

36. и кога Џехеннемот, за оној што гледа, ќе се здогледа,

وَبُرِّزَتِ الْجَحِيمُ لِمَن يَرَىٰ ﴿٣٦﴾

37. тогаш оној што се силеше,

فَأَمَّا مَن طَغَىٰ ﴿٣٧﴾

38. и што животот овоземен повеќе го сакаше...

وَآثَرَ الْحَيَاةَ الدُّنْيَا ﴿٣٨﴾

39. па, за него, Џехеннемот престојувалиште ќе му биде!

فَإِنَّ الْجَحِيمَ هِيَ الْمَأْوَىٰ ﴿٣٩﴾

40. А оној кој се плашеше од стоењето пред Господарот свој и кој на душата страстите ѝ ги забрануваше...

وَأَمَّا مَنْ خَافَ مَقَامَ رَبِّهِ وَنَهَى النَّفْسَ عَنِ الْهَوَىٰ ﴿٤٠﴾

41. па, за него, Џеннетот пребивалиште ќе му биде!

فَإِنَّ الْجَنَّةَ هِيَ الْمَأْوَىٰ ﴿٤١﴾

42. Те прашуваат за Часот кога тој ќе се случи.

يَسْـَٔلُونَكَ عَنِ ٱلسَّاعَةِ أَيَّانَ مُرْسَىٰهَا ﴿٤٢﴾

43. Твое е ли тоа да го споменуваш?

فِيمَ أَنتَ مِن ذِكْرَىٰهَآ ﴿٤٣﴾

44. За него конечно знае Господарот твој!

إِلَىٰ رَبِّكَ مُنتَهَىٰهَآ ﴿٤٤﴾

45. Ти си, навистина, опоменувач за оној што стравува од кијаметот,

إِنَّمَآ أَنتَ مُنذِرُ مَن يَخْشَىٰهَا ﴿٤٥﴾

46. Денот кога ќе го здогледаат ќе им се причини дека само една вечер или едно утро останаа.

كَأَنَّهُمْ يَوْمَ يَرَوْنَهَا لَمْ يَلْبَثُوٓا۟ إِلَّا عَشِيَّةً أَوْ ضُحَىٰهَا ﴿٤٦﴾

АБЕСЕ (Се намурти) LXXX



Во името на Аллах, Милостивиот Семилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَـٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се намурти и ги сврте плеќите

عَبَسَ وَتَوَلَّىٰٓ ﴿١﴾

2. кога му дојде слепиот,

أَن جَآءَهُ ٱلْأَعْمَىٰ ﴿٢﴾

3. а што знаеш ти, можеби дојде да се очисти,

وَمَا يُدْرِيكَ لَعَلَّهُۥ يَزَّكَّىٰٓ ﴿٣﴾

4. или, пак, опомена да прими и Опомената, тогаш, ќе му користи.

أَوْ يَذَّكَّرُ فَتَنفَعَهُ ٱلذِّكْرَىٰٓ ﴿٤﴾

5. Што се однесува до оној кој ќе стане богат,

أَمَّا مَنِ ٱسْتَغْنَىٰ ﴿٥﴾

6. па ти со него си заземен,

فَأَنتَ لَهُۥ تَصَدَّىٰ ﴿٦﴾

7. и твое е само да се очисти.

وَمَا عَلَيْكَ أَلَّا يَزَّكَّىٰ ﴿٧﴾

8. А што се однесува до оној што ти дојде брзо,

وَأَمَّا مَن جَآءَكَ يَسۡعَىٰ ٨

9. и уште, ете, се плаши

وَهُوَ يَخۡشَىٰ ٩

10. а ти на него не внимаваш!

فَأَنتَ عَنۡهُ تَلَهَّىٰ ١٠

11. Но, не! Опомена е тоа, навистина!

كَلَّآ إِنَّهَا تَذۡكِرَةٞ ١١

12. Па кој сака Опомената ќе го опомене

فَمَن شَآءَ ذَكَرَهُۥ ١٢

13. во страниците почитувани,

فِي صُحُفٖ مُّكَرَّمَةٖ ١٣

14. возвишени и чисти

مَّرۡفُوعَةٖ مُّطَهَّرَةِۭ ١٤

15. меѓу рацете на пишувачите,

بِأَيۡدِي سَفَرَةٖ ١٥

16. чесни и добротворни!

كِرَامِۭ بَرَرَةٖ ١٦

17.Проклет да е човекот! Колкаво е само проклетството негово!

قُتِلَ ٱلۡإِنسَٰنُ مَآ أَكۡفَرَهُۥ ١٧

18.Од што Он го создаде?

مِنۡ أَيِّ شَيۡءٍ خَلَقَهُۥ ١٨

19. Од капка семе Он го создаде и Он, потоа, го одреди

مِن نُّطۡفَةٍ خَلَقَهُۥ فَقَدَّرَهُۥ ١٩

20. и патот, потоа, му го олесни,

ثُمَّ ٱلسَّبِيلَ يَسَّرَهُۥ ٢٠

21. а потоа, пак, Он ќе го усмрти и во кабур ќе го остави,

ثُمَّ أَمَاتَهُۥ فَأَقۡبَرَهُۥ ٢١

22. а потоа, кога и ќе си посака, ќе го оживи!

ثُمَّ إِذَا شَآءَ أَنشَرَهُۥ ٢٢

23. Но, не! Сѐ уште не го исполни она што Он му го нареди.

كَلَّا لَمَّا يَقۡضِ مَآ أَمَرَهُۥ ٢٣

24. Нека човекот погледа, тогаш, во храната своја!

فَلْيَنظُرِ ٱلْإِنسَٰنُ إِلَىٰ طَعَامِهِۦٓ ﴿٢٤﴾

25. Ние во изобилие дожд спуштаме, навистина!

أَنَّا صَبَبْنَا ٱلْمَآءَ صَبًّا ﴿٢٥﴾

26. Потоа земјата во пукнатини ја расцепуваме,

ثُمَّ شَقَقْنَا ٱلْأَرْضَ شَقًّا ﴿٢٦﴾

27. и тогаш даваме семе секакво од неа да никне,

فَأَنۢبَتْنَا فِيهَا حَبًّا ﴿٢٧﴾

28. и лозја и овошје,

وَعِنَبًا وَقَضْبًا ﴿٢٨﴾

29. и маслинки и урми,

وَزَيْتُونًا وَنَخْلًا ﴿٢٩﴾

30. и бавчи испреплетени,

وَحَدَآئِقَ غُلْبًا ﴿٣٠﴾

31. и овошје и зеленчук

وَفَٰكِهَةً وَأَبًّا ﴿٣١﴾

32. за да уживате вие и добитокот ваш!

مَّتَٰعًا لَّكُمْ وَلِأَنْعَٰمِكُمْ ﴿٣٢﴾

33. Па, кога ќе дојде гласот што заглушува?

فَإِذَا جَآءَتِ ٱلصَّآخَّةُ ﴿٣٣﴾

34. На Денот кога човекот ќе побегне од брата си,

يَوْمَ يَفِرُّ ٱلْمَرْءُ مِنْ أَخِيهِ ﴿٣٤﴾

35. и од мајка си, и од бабо си,

وَأُمِّهِۦ وَأَبِيهِ ﴿٣٥﴾

36. и од другарите свои и од синовите свои,

وَصَٰحِبَتِهِۦ وَبَنِيهِ ﴿٣٦﴾

37. на Денот тој, секој човек ќе биде обземен со состојбата своја.

لِكُلِّ ٱمْرِئٍ مِّنْهُمْ يَوْمَئِذٍ شَأْنٌ يُغْنِيهِ ﴿٣٧﴾

38. Лица некои на Денот тој ќе бидат блескотни,

وُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ مُّسْفِرَةٌ ﴿٣٨﴾

39. насмеани и весели,

ضَاحِكَةٌ مُّسْتَبْشِرَةٌ ﴿٣٩﴾

40. а лица некои, пак, со прашина покриени,

وَوُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ عَلَيْهَا غَبَرَةٌ ﴿٤٠﴾

41. и со темнеж некаков обземени -

تَرْهَقُهَا قَتَرَةٌ ﴿٤١﴾

42. овие се, токму, меѓу неверниците расипници!

أُولَٰئِكَ هُمُ الْكَفَرَةُ الْفَجَرَةُ ﴿٤٢﴾

ЕТ-ТЕКВИР
(Помрачување) LXXXI

سُورَةُ التَّكْوِيرِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. И кога Сонцето ќе се помрачи,

إِذَا الشَّمْسُ كُوِّرَتْ ﴿١﴾

2. и кога ѕвездите ќе попаѓаат,

وَإِذَا النُّجُومُ انكَدَرَتْ ﴿٢﴾

3. и кога брдата ќе се поместат,

وَإِذَا الْجِبَالُ سُيِّرَتْ ﴿٣﴾

4. и кога камилите без сопственици ќе останат,

وَإِذَا الْعِشَارُ عُطِّلَتْ ﴿٤﴾

5. и кога дивите животни ќе се испомешаат,

وَإِذَا الْوُحُوشُ حُشِرَتْ ﴿٥﴾

6. и кога морињата со пламен ќе се исполнат,

وَإِذَا الْبِحَارُ سُجِّرَتْ ﴿٦﴾

7. и кога душите ќе се обединат со телата свои,

وَإِذَا النُّفُوسُ زُوِّجَتْ ﴿٧﴾

8. и кога девојчето живо погребано во земја ќе биде прашано:

وَإِذَا الْمَوْءُودَةُ سُئِلَتْ ﴿٨﴾

9. “Заради кој грев е убиено?”

بِأَيِّ ذَنۢبٖ قُتِلَتۡ ٩

10. И кога страниците ќе се отворат,

وَإِذَا ٱلصُّحُفُ نُشِرَتۡ ١٠

11. и кога небесата ќе се отстранат,

وَإِذَا ٱلسَّمَآءُ كُشِطَتۡ ١١

12. и кога Џехеннемот ќе се разгори,

وَإِذَا ٱلۡجَحِيمُ سُعِّرَتۡ ١٢

13. и кога Џеннетот ќе се приближи...

وَإِذَا ٱلۡجَنَّةُ أُزۡلِفَتۡ ١٣

14. ќе узнае душата што си подготвила!

عَلِمَتۡ نَفۡسٞ مَّآ أَحۡضَرَتۡ ١٤

15. Но, не! Се колнам во ѕвездите што се скриваат,

فَلَآ أُقۡسِمُ بِٱلۡخُنَّسِ ١٥

16. кои се движат и кои исчезнуваат,

ٱلۡجَوَارِ ٱلۡكُنَّسِ ١٦

17. се колнам и во ноќта кога таа затемнува,

وَٱلَّيۡلِ إِذَا عَسۡعَسَ ١٧

18. и во утрото кога дише,

وَٱلصُّبۡحِ إِذَا تَنَفَّسَ ١٨

19. Кур’анот, навистина, е Говор на мелек пратеник благороден,

إِنَّهُۥ لَقَوۡلُ رَسُولٖ كَرِيمٖ ١٩

20. од сопственикот на моќта, кој поседува место почесно кај Аршот,

ذِي قُوَّةٍ عِندَ ذِي ٱلۡعَرۡشِ مَكِينٖ ٢٠

21. кого го слушаат и уште е доверлив...

مُّطَاعٖ ثَمَّ أَمِينٖ ٢١

22. па, другарот ваш не е луд!

وَمَا صَاحِبُكُم بِمَجْنُونٍ ﴿٢٢﴾

23. Го здогледа во видиците јасни,

وَلَقَدْ رَآهُ بِالْأُفُقِ الْمُبِينِ ﴿٢٣﴾

24. и тој не е шкржав за Невидливото,

وَمَا هُوَ عَلَى الْغَيْبِ بِضَنِينٍ ﴿٢٤﴾

25. па, тоа не е Говор на Шејтанот проколнат!

وَمَا هُوَ بِقَوْلِ شَيْطَانٍ رَّجِيمٍ ﴿٢٥﴾

26. Па, каде сте кинисале?

فَأَيْنَ تَذْهَبُونَ ﴿٢٦﴾

27. па, тоа е само Опомена за световите;

إِنْ هُوَ إِلَّا ذِكْرٌ لِّلْعَالَمِينَ ﴿٢٧﴾

28. за оној меѓу вас кој сака да биде по патот вистински!

لِمَن شَاءَ مِنكُمْ أَن يَسْتَقِيمَ ﴿٢٨﴾

29. А она што го сакате е само со посак Аллахов, Господарот на световите!

وَمَا تَشَاءُونَ إِلَّا أَن يَشَاءَ اللَّهُ رَبُّ الْعَالَمِينَ ﴿٢٩﴾

ЕЛ-ИНФИТАР (Расцеп) LXXXII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Кога небесата ќе се расцепат,

إِذَا السَّمَاءُ انفَطَرَتْ ﴿١﴾

2. и кога ѕвездите ќе се растурат,

وَإِذَا الْكَوَاكِبُ انتَثَرَتْ ﴿٢﴾

3. и кога морињата ќе избувнат,

وَإِذَا الْبِحَارُ فُجِّرَتْ ﴿٣﴾

4. и кога мезарите ќе се испревртат -

وَإِذَا الْقُبُورُ بُعْثِرَتْ ﴿٤﴾

5. ќе го узнае душата она што го направила и за овој свет и за оној свет.

عَلِمَتْ نَفْسٌ مَّا قَدَّمَتْ وَأَخَّرَتْ ٥

6. О човеку, што те заведе од Господарот твој Благороден!?

يَٰٓأَيُّهَا ٱلْإِنسَٰنُ مَا غَرَّكَ بِرَبِّكَ ٱلْكَرِيمِ ٦

7. Кој те создаде?... па те направи целосен и складен,

ٱلَّذِى خَلَقَكَ فَسَوَّىٰكَ فَعَدَلَكَ ٧

8. и Кој со посак Свој ликот ти го среди.

فِىٓ أَىِّ صُورَةٍ مَّا شَآءَ رَكَّبَكَ ٨

9. Но, не! Лажете за Денот ветен, сепак!

كَلَّا بَلْ تُكَذِّبُونَ بِٱلدِّينِ ٩

10. А врз вас се Чуварите мелеки, навистина!

وَإِنَّ عَلَيْكُمْ لَحَٰفِظِينَ ١٠

11. благородни пишувачи:

كِرَامًا كَٰتِبِينَ ١١

12. кои знаат што правите!

يَعْلَمُونَ مَا تَفْعَلُونَ ١٢

13. Добротворите ќе бидат во благосостојба, навистина!

إِنَّ ٱلْأَبْرَارَ لَفِى نَعِيمٍ ١٣

14. А грешниците ќе бидат во огнот Џехеннемот, навистина!

وَإِنَّ ٱلْفُجَّارَ لَفِى جَحِيمٍ ١٤

15. Во кој ќе бидат турнати на Денот суден!

يَصْلَوْنَهَا يَوْمَ ٱلدِّينِ ١٥

16. И не ќе можат да не бидат во него.

وَمَا هُمْ عَنْهَا بِغَآئِبِينَ ١٦

17. И знаеш ли ти што е Денот суден?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا يَوْمُ ٱلدِّينِ ١٧

18. И пак, знаеш ли ти што е Денот суден?

ثُمَّ مَآ أَدْرَىٰكَ مَا يَوْمُ ٱلدِّينِ ١٨

19. Ден во кој никој за никого не може ништо. Наредбата тогаш е - Аллахова!

يَوْمَ لَا تَمْلِكُ نَفْسٌ لِّنَفْسٍ شَيْـًٔا وَٱلْأَمْرُ يَوْمَئِذٍ لِّلَّهِ ١٩

ЕЛ-МУТАФФИФУУН (Скратувачи) LXXXIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Е, тешко на скратувачите!

وَيْلٌ لِّلْمُطَفِّفِينَ ١

2. Оние кои, кога мерат нешто од луѓето, полна мера земаат,

ٱلَّذِينَ إِذَا ٱكْتَالُوا۟ عَلَى ٱلنَّاسِ يَسْتَوْفُونَ ٢

3. и кога мерат на други или кога им вагаат им прикратуваат.

وَإِذَا كَالُوهُمْ أَو وَّزَنُوهُمْ يُخْسِرُونَ ٣

4. Не замислуваат ли дека ќе бидат проживеани, навистина!

أَلَا يَظُنُّ أُو۟لَٰٓئِكَ أَنَّهُم مَّبْعُوثُونَ ٤

5. на Денот голем,

لِيَوْمٍ عَظِيمٍ ٥

6. на Денот во кој луѓето ќе стојат пред Господарот на световите?

يَوْمَ يَقُومُ ٱلنَّاسُ لِرَبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ٦

7. Но, да! Книгата на грешниците е во огнот Сиџџин!

كَلَّآ إِنَّ كِتَٰبَ ٱلْفُجَّارِ لَفِى سِجِّينٍ ٧

8. А знаеш ли ти што е тоа Сиџџин?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا سِجِّينٌ ٨

9. Книга испишана!

كِتَٰبٌ مَّرْقُومٌ ٩

10. Тешко на лашковците на Денот тој!

وَيْلٌ يَوْمَئِذٍ لِّلْمُكَذِّبِينَ ١٠

11. Оние кои го сметаа за лажен Денот суден,

ٱلَّذِينَ يُكَذِّبُونَ بِيَوْمِ ٱلدِّينِ ١١

12. а него го сметаше за лажен само претераниот грешник:

وَمَا يُكَذِّبُ بِهِۦٓ إِلَّا كُلُّ مُعْتَدٍ أَثِيمٍ ١٢

13. кога му се кажуваат ајетите Наши, вели: “Тоа се измислици на народите одамнешни!”

إِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِ ءَايَٰتُنَا قَالَ أَسَٰطِيرُ ٱلْأَوَّلِينَ ١٣

14. Но, не! А она што го спечалија веќе ги покри срцата нивни.

كَلَّا ۖ بَلْ ۜ رَانَ عَلَىٰ قُلُوبِهِم مَّا كَانُوا۟ يَكْسِبُونَ ١٤

15. Но, не! Оние на Денот тој, навистина, ќе бидат со завеса одвоени од Господарот свој,

كَلَّآ إِنَّهُمْ عَن رَّبِّهِمْ يَوْمَئِذٍ لَّمَحْجُوبُونَ ١٥

16. па, потоа, ќе бидат турнати во Џехеннемот,

ثُمَّ إِنَّهُمْ لَصَالُوا۟ ٱلْجَحِيمِ ١٦

17. а, потоа, ќе се рече: “Ова е она за што, токму, лажевте.”

ثُمَّ يُقَالُ هَٰذَا ٱلَّذِى كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ١٧

18. Но, да! Книгата на доброчинителите е во Илијјуун, навистина!

كَلَّآ إِنَّ كِتَٰبَ ٱلْأَبْرَارِ لَفِى عِلِّيِّينَ ١٨

19. А знаеш ли што е тоа Илијјуун?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا عِلِّيُّونَ ١٩

20. Книга напишана,

كِتَٰبٌ مَّرْقُومٌ ٢٠

21. за која сведочат блиските посматрачи.

يَشْهَدُهُ ٱلْمُقَرَّبُونَ ٢١

22. Доброчинителите ќе бидат во благосостојба, навистина!

إِنَّ ٱلْأَبْرَارَ لَفِى نَعِيمٍ ٢٢

23. ќе гледаат од диваните;

عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ يَنظُرُونَ ٢٣

24. на лицата нивни ќе ја препознаеш радоста на благодатот,

تَعْرِفُ فِى وُجُوهِهِمْ نَضْرَةَ ٱلنَّعِيمِ ٢٤

25. ќе се напојуваат со напиток чист, запечатен,	يُسْقَوْنَ مِن رَّحِيقٍ مَّخْتُومٍ ﴿٢٥﴾
26. запечатен со мушус и заради тоа нека се натпреваруваат натпреварувачите,	خِتَٰمُهُۥ مِسْكٌ ۚ وَفِى ذَٰلِكَ فَلْيَتَنَافَسِ ٱلْمُتَنَٰفِسُونَ ﴿٢٦﴾
27. а составот ќе му биде од Тасним,	وَمِزَاجُهُۥ مِن تَسْنِيمٍ ﴿٢٧﴾
28. извор од кој ќе пијат блиските на Аллах!	عَيْنًا يَشْرَبُ بِهَا ٱلْمُقَرَّبُونَ ﴿٢٨﴾
29. Грешниците ги исмеваа верниците, навистина!	إِنَّ ٱلَّذِينَ أَجْرَمُوا۟ كَانُوا۟ مِنَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ يَضْحَكُونَ ﴿٢٩﴾
30. и кога си поминуваа крај нив си намигнуваа еднисодруги,	وَإِذَا مَرُّوا۟ بِهِمْ يَتَغَامَزُونَ ﴿٣٠﴾
31. и кога се враќаат кај семејствата свои, ги посетуваат, исмевајќи ги	وَإِذَا ٱنقَلَبُوٓا۟ إِلَىٰٓ أَهْلِهِمُ ٱنقَلَبُوا۟ فَكِهِينَ ﴿٣١﴾
32. и кога ќе ги здогледаат, велат: “Овие скршнаа во заблуда, навистина!”	وَإِذَا رَأَوْهُمْ قَالُوٓا۟ إِنَّ هَٰٓؤُلَآءِ لَضَآلُّونَ ﴿٣٢﴾
33. А не се испратени да бдеат врз нив.	وَمَآ أُرْسِلُوا۟ عَلَيْهِمْ حَٰفِظِينَ ﴿٣٣﴾
34. Па, денес верниците ќе ги исмеваат неверниците,	فَٱلْيَوْمَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ مِنَ ٱلْكُفَّارِ يَضْحَكُونَ ﴿٣٤﴾
35. потпрени ќе гледаат!	عَلَى ٱلْأَرَآئِكِ يَنظُرُونَ ﴿٣٥﴾
36. Ќе бидат ли наградени неверниците за она што го работеа?	هَلْ ثُوِّبَ ٱلْكُفَّارُ مَا كَانُوا۟ يَفْعَلُونَ ﴿٣٦﴾

ЕЛ-ИНШИКАК (Цепење) LXXXIV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Кога небото ќе се расцепи,

إِذَا السَّمَاءُ انشَقَّتْ ﴿١﴾

2. и кога Господарот негов ќе го послуша. - Он е Кому треба да се биде послушен,

وَأَذِنَتْ لِرَبِّهَا وَحُقَّتْ ﴿٢﴾

3. и кога земјата ќе се порамни,

وَإِذَا الْأَرْضُ مُدَّتْ ﴿٣﴾

4. и кога ќе го исфрли она што е во неа и ќе стане празна,

وَأَلْقَتْ مَا فِيهَا وَتَخَلَّتْ ﴿٤﴾

5. и кога Господарот нејзин ќе Го послуша... Он е кому треба да се биде послушен!

وَأَذِنَتْ لِرَبِّهَا وَحُقَّتْ ﴿٥﴾

6. О човеку, ти, навистина, се трудиш кон Господарот твој, со труд, и него ќе го најдеш!

يَا أَيُّهَا الْإِنسَانُ إِنَّكَ كَادِحٌ إِلَىٰ رَبِّكَ كَدْحًا فَمُلَاقِيهِ ﴿٦﴾

7. Што се однесува до оној со доделената му Книга во раката, десна,

فَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَابَهُ بِيَمِينِهِ ﴿٧﴾

8. ќе полага сметка лесна,

فَسَوْفَ يُحَاسَبُ حِسَابًا يَسِيرًا ﴿٨﴾

9. и ќе се врати кај семејството свое, радосен!

وَيَنقَلِبُ إِلَىٰ أَهْلِهِ مَسْرُورًا ﴿٩﴾

10. А што се однесува, пак, до оној со дадената му Книга, зад плеќите негови,

وَأَمَّا مَنْ أُوتِيَ كِتَابَهُ وَرَاءَ ظَهْرِهِ ﴿١٠﴾

11. па, ќе си посакува пропаст,

فَسَوْفَ يَدْعُوا ثُبُورًا ١١

12. и во Саир ќе биде турнат.

وَيَصْلَىٰ سَعِيرًا ١٢

13. Па тој меѓу семејството негово беше радосен,

إِنَّهُۥ كَانَ فِىٓ أَهْلِهِۦ مَسْرُورًا ١٣

14. тој, навистина, замислуваше дека никогаш не ќе се врати.

إِنَّهُۥ ظَنَّ أَن لَّن يَحُورَ ١٤

15. И уште како! Господарот негов, навистина, го гледа!

بَلَىٰٓ إِنَّ رَبَّهُۥ كَانَ بِهِۦ بَصِيرًا ١٥

16. Но, не! Се колнам во црвенилото вечерно,

فَلَآ أُقْسِمُ بِٱلشَّفَقِ ١٦

17. и во ноќта и во она што таа ќе го збере,

وَٱلَّيْلِ وَمَا وَسَقَ ١٧

18. и во Месечината кога ќе се исполни,

وَٱلْقَمَرِ إِذَا ٱتَّسَقَ ١٨

19. ќе поминувате од една во друга состојба.

لَتَرْكَبُنَّ طَبَقًا عَن طَبَقٍ ١٩

20. Што им е па не веруваат?

فَمَا لَهُمْ لَا يُؤْمِنُونَ ٢٠

21. И зошто кога Кур'анот им се чита на сеџде не паѓаат?

وَإِذَا قُرِئَ عَلَيْهِمُ ٱلْقُرْءَانُ لَا يَسْجُدُونَ ۩ ٢١

22. Но, лажат оние кои не веруваат.

بَلِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ يُكَذِّبُونَ ٢٢

23. Аллах најдобро го знае она што го кријат!

وَٱللَّهُ أَعْلَمُ بِمَا يُوعُونَ ٢٣

24. И зарадувај ги, тогаш, со казната болна!

فَبَشِّرْهُم بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ٢٤

25. Освен оние кои веруваат и кои добри дела работат - нив ги чека награда неминлива.

إِلَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُمْ أَجْرٌ غَيْرُ مَمْنُونٍۭ ﴿٢٥﴾

ЕЛ-БУРУЏ (Ѕвезди) LXXXV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во небото со ѕвезди преполно,

وَٱلسَّمَآءِ ذَاتِ ٱلْبُرُوجِ ﴿١﴾

2. и во Денот ветен,

وَٱلْيَوْمِ ٱلْمَوْعُودِ ﴿٢﴾

3. и во сведокот и во посведоченото,

وَشَاهِدٍ وَمَشْهُودٍ ﴿٣﴾

4. проколнети нека бидат сопствениците на робови,

قُتِلَ أَصْحَٰبُ ٱلْأُخْدُودِ ﴿٤﴾

5. преполни со гориво на оган,

ٱلنَّارِ ذَاتِ ٱلْوَقُودِ ﴿٥﴾

6. кои, крај него, седеа,

إِذْ هُمْ عَلَيْهَا قُعُودٌ ﴿٦﴾

7. и кои, токму, беа сведоци на она што го правеа со верниците!

وَهُمْ عَلَىٰ مَا يَفْعَلُونَ بِٱلْمُؤْمِنِينَ شُهُودٌ ﴿٧﴾

8. Им се одмаздуваа затоа што веруваа во Аллах, Силниот и за благодарност Достојниот!

وَمَا نَقَمُوا۟ مِنْهُمْ إِلَّآ أَن يُؤْمِنُوا۟ بِٱللَّهِ ٱلْعَزِيزِ ٱلْحَمِيدِ ﴿٨﴾

9. И власта и на небесата и на Земјата е - Негова! Аллах, секако, е Сведок за сè!

ٱلَّذِى لَهُۥ مُلْكُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ وَٱللَّهُ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ شَهِيدٌ ﴿٩﴾

10. Оние кои, навистина, ги мачеа верниците и верничките, потоа не се покајаа... за нив има казна џехеннемска, за нив има казна Харик!

إِنَّ ٱلَّذِينَ فَتَنُوا۟ ٱلْمُؤْمِنِينَ وَٱلْمُؤْمِنَٰتِ ثُمَّ لَمْ يَتُوبُوا۟ فَلَهُمْ عَذَابُ جَهَنَّمَ وَلَهُمْ عَذَابُ ٱلْحَرِيقِ ﴿١٠﴾

11. А оние, пак, кои веруваа и работеа добри дела, навистина!... за нив има бавчи ценнетски низ кои реки течат. Ете, тоа е победа голема!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُمْ جَنَّٰتٌ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ ۚ ذَٰلِكَ ٱلْفَوْزُ ٱلْكَبِيرُ ﴿١١﴾

12. Усвитено е, навистина, казнувањето на Господарот твој.

إِنَّ بَطْشَ رَبِّكَ لَشَدِيدٌ ﴿١٢﴾

13. Он, секако, создава и повторно создава!

إِنَّهُۥ هُوَ يُبْدِئُ وَيُعِيدُ ﴿١٣﴾

14. Он, секако, е Простувач и Срдечен!

وَهُوَ ٱلْغَفُورُ ٱلْوَدُودُ ﴿١٤﴾

15. Господарот на Аршот, Славниот!

ذُو ٱلْعَرْشِ ٱلْمَجِيدُ ﴿١٥﴾

16. Чинител на она што го посакува.

فَعَّالٌ لِّمَا يُرِيدُ ﴿١٦﴾

17. Ти дојде ли говорот за војската,

هَلْ أَتَىٰكَ حَدِيثُ ٱلْجُنُودِ ﴿١٧﴾

18. за фараонот и за Семуд?

فِرْعَوْنَ وَثَمُودَ ﴿١٨﴾

19. Но, оние кои не веруваат, постојано во лага си паѓаат,

بَلِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ فِى تَكْذِيبٍ ﴿١٩﴾

20. а Аллах ќе ги опфати од сите страни!

وَٱللَّهُ مِن وَرَآئِهِم مُّحِيطٌۢ ﴿٢٠﴾

21. Но, тоа е Кур'ан Славен,

بَلْ هُوَ قُرْءَانٌ مَّجِيدٌ ﴿٢١﴾

22. во Лехви Махфуз сочуван!

فِى لَوْحٍ مَّحْفُوظٍۭ ﴿٢٢﴾

ЕТ-ТАРИК (Деница) LXXXVI



Во името на Аллах, Милостивиот Семилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во небото и во Деница!

وَٱلسَّمَآءِ وَٱلطَّارِقِ ١

2. А знаеш ли ти што е тоа Деница?

وَمَآ أَدۡرَىٰكَ مَا ٱلطَّارِقُ ٢

3. Ѕвезда што свети!

ٱلنَّجۡمُ ٱلثَّاقِبُ ٣

4. Над секоја душа има и бдеец.

إِن كُلُّ نَفۡسٖ لَّمَّا عَلَيۡهَا حَافِظٞ ٤

5. Па, нека човекот погледа од што е создаден,

فَلۡيَنظُرِ ٱلۡإِنسَٰنُ مِمَّ خُلِقَ ٥

6. создаден е од вода што се исфрла,

خُلِقَ مِن مَّآءٖ دَافِقٖ ٦

7. која излегува меѓу ‘рбетот и градите.

يَخۡرُجُ مِنۢ بَيۡنِ ٱلصُّلۡبِ وَٱلتَّرَآئِبِ ٧

8. Да, Он е Кадар да го повтори творењето Свое,

إِنَّهُۥ عَلَىٰ رَجۡعِهِۦ لَقَادِرٞ ٨

9. на Денот кога ќе се кажуваат тајните,

يَوۡمَ تُبۡلَى ٱلسَّرَآئِرُ ٩

10. кога човекот не ќе има ни моќ ни поддржник.

فَمَا لَهُۥ مِن قُوَّةٖ وَلَا نَاصِرٖ ١٠

11. Се колнам и во небото, со вода преполно,

وَٱلسَّمَآءِ ذَاتِ ٱلرَّجۡعِ ١١

12. и во земјата која се расцепува,

وَٱلۡأَرۡضِ ذَاتِ ٱلصَّدۡعِ ١٢

13. Кур’анот, навистина, е Говор што одделува!

إِنَّهُۥ لَقَوۡلٞ فَصۡلٞ ١٣

14. Он не е празен Говор.

وَمَا هُوَ بِٱلۡهَزۡلِ ١٤

15. Оние, сплеткарејќи, сплетки прават,

إِنَّهُمْ يَكِيدُونَ كَيْدًا ﴿١٥﴾

16. а Јас сплетките ги расплеткувам.

وَأَكِيدُ كَيْدًا ﴿١٦﴾

17. Па, остави ги неверниците и дај им малку време!

فَمَهِّلِ الْكَافِرِينَ أَمْهِلْهُمْ رُوَيْدًا ﴿١٧﴾

ЕЛ-А'ЛА (Севишен) LXXXVII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Слави Го, името на Господарот твој, Севишен!

سَبِّحِ اسْمَ رَبِّكَ الْأَعْلَى ﴿١﴾

2. Кој создаде и добар ред постави,

الَّذِي خَلَقَ فَسَوَّىٰ ﴿٢﴾

3. Кој одреди и потоа упати,

وَالَّذِي قَدَّرَ فَهَدَىٰ ﴿٣﴾

4. Кој дава да никне пасиште,

وَالَّذِي أَخْرَجَ الْمَرْعَىٰ ﴿٤﴾

5. а потоа одредува да стане сува трева.

فَجَعَلَهُ غُثَاءً أَحْوَىٰ ﴿٥﴾

6. Ние ќе одредиме да читаш па ништо нема да заборавиш,

سَنُقْرِئُكَ فَلَا تَنسَىٰ ﴿٦﴾

7. освен она што ќе го посака Аллах. Да, Он го знае и она што е јавно и она што е тајно.

إِلَّا مَا شَاءَ اللَّهُ ۚ إِنَّهُ يَعْلَمُ الْجَهْرَ وَمَا يَخْفَىٰ ﴿٧﴾

8. И Ние ќе те упатиме во она што е најлесно.

وَنُيَسِّرُكَ لِلْيُسْرَىٰ ﴿٨﴾

9. Па, опоменувај - Опомената ако користи,

فَذَكِّرْ إِن نَّفَعَتِ الذِّكْرَىٰ ﴿٩﴾

10. ќе се опомене оној што стравува,

سيذكر من يخشى ﴿١٠﴾

11. а од неа ќе се оддалечува најлошиот,

ويتجنبها الأشقى ﴿١١﴾

12. оној што ќе биде турнат во огнот голем,

الذي يصلى النار الكبرى ﴿١٢﴾

13. кој потоа во него не ќе умре и не ќе живее.

ثم لا يموت فيها ولا يحيى ﴿١٣﴾

14. Да, спасен е оној кој ќе се очисти,

قد أفلح من تزكى ﴿١٤﴾

15. кој го споменува името на Господарот свој и кој се клања.

وذكر اسم ربه فصلى ﴿١٥﴾

16. Но вие повеќе го сакате животот на овој свет,

بل تؤثرون الحيوة الدنيا ﴿١٦﴾

17. а Ахирет е подобар и е вечен.

والآخرة خير وأبقى ﴿١٧﴾

18. Да, ова е внесено во страниците одамнешни,

إن هذا لفي الصحف الأولى ﴿١٨﴾

19. во страниците на Ибрахим и на Муса!

صحف إبراهيم وموسى ﴿١٩﴾

ЕЛ-ГАШИЈА (Поклопи) LXXXVIII

سورة الغاشية

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بسم الله الرحمن الرحيم

1. Ти дојде ли говорот за она што поклопи?

هل أتاك حديث الغاشية ﴿١﴾

2. Лицата на Денот тој ќе бидат уплашени,

وجوه يومئذ خاشعة ﴿٢﴾

3. изморени и жалосни!	عَامِلَةٌ نَّاصِبَةٌ ﴿٣﴾
4. Ќе се пржат во огнот жесток,	تَصْلَىٰ نَارًا حَامِيَةً ﴿٤﴾
5. ќе се напојуваат од изворот усвитен;	تُسْقَىٰ مِنْ عَيْنٍ آنِيَةٍ ﴿٥﴾
6. за нив не ќе има храна, освен трње,	لَّيْسَ لَهُمْ طَعَامٌ إِلَّا مِن ضَرِيعٍ ﴿٦﴾
7. која не ќе нахрани а ниту, пак, гладот ќе го отстрани,	لَّا يُسْمِنُ وَلَا يُغْنِي مِن جُوعٍ ﴿٧﴾
8. на Денот тој ќе има и лица благословени,	وُجُوهٌ يَوْمَئِذٍ نَّاعِمَةٌ ﴿٨﴾
9. со трудот нивни задоволни,	لِّسَعْيِهَا رَاضِيَةٌ ﴿٩﴾
10. во Џеннетот возвишен,	فِي جَنَّةٍ عَالِيَةٍ ﴿١٠﴾
11. во кој не ќе слушаат зборови празни,	لَّا تَسْمَعُ فِيهَا لَاغِيَةً ﴿١١﴾
12. во него ќе има и извор што тече,	فِيهَا عَيْنٌ جَارِيَةٌ ﴿١٢﴾
13. и кревети подигнати,	فِيهَا سُرُرٌ مَّرْفُوعَةٌ ﴿١٣﴾
14. и пехари поставени,	وَأَكْوَابٌ مَّوْضُوعَةٌ ﴿١٤﴾
15. и перници поредени,	وَنَمَارِقُ مَصْفُوفَةٌ ﴿١٥﴾
16. и простирки спростирени!	وَزَرَابِيُّ مَبْثُوثَةٌ ﴿١٦﴾
17. Не гледаат ли кон камилата како е создадена,	أَفَلَا يَنظُرُونَ إِلَى الْإِبِلِ كَيْفَ خُلِقَتْ ﴿١٧﴾
18. и кон небото како е подигнато,	وَإِلَى السَّمَاءِ كَيْفَ رُفِعَتْ ﴿١٨﴾

19. и кон брдата како се поставени,	وَإِلَى ٱلْجِبَالِ كَيْفَ نُصِبَتْ ﴿١٩﴾
20. и кон земјата како е порамнета?	وَإِلَى ٱلْأَرْضِ كَيْفَ سُطِحَتْ ﴿٢٠﴾
21. Па, опоменувај. Ти си, навистина, само опоменувач!	فَذَكِّرْ إِنَّمَآ أَنتَ مُذَكِّرٌ ﴿٢١﴾
22. Не е твое да владееш со нив!	لَّسْتَ عَلَيْهِم بِمُصَيْطِرٍ ﴿٢٢﴾
23. А оној кој ги врти плеќите и оној кој не верува,	إِلَّا مَن تَوَلَّىٰ وَكَفَرَ ﴿٢٣﴾
24. па, Аллах ќе го казни со казна голема!	فَيُعَذِّبُهُ ٱللَّهُ ٱلْعَذَابَ ٱلْأَكْبَرَ ﴿٢٤﴾
25. Враќањето нивно е - кон Нас,	إِنَّ إِلَيْنَآ إِيَابَهُمْ ﴿٢٥﴾
26. и полагањето сметка, потоа, е - при Нас!	ثُمَّ إِنَّ عَلَيْنَا حِسَابَهُم ﴿٢٦﴾

ЕЛ-ФЕЏР (Зора) LXXXIX

سُورَةُ الْفَجْرِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во зората,	وَٱلْفَجْرِ ﴿١﴾
2. и во десетте ноќи,	وَلَيَالٍ عَشْرٍ ﴿٢﴾
3. парни и непарни,	وَٱلشَّفْعِ وَٱلْوَتْرِ ﴿٣﴾
4. и во ноќта кога ќе исчезне,	وَٱلَّيْلِ إِذَا يَسْرِ ﴿٤﴾
5. има ли во тоа, за надарениот со разбир, заклетва?	هَلْ فِى ذَٰلِكَ قَسَمٌ لِّذِى حِجْرٍ ﴿٥﴾

6. Не виде ли како постапи Господарот твој со Ад?

أَلَمۡ تَرَ كَيۡفَ فَعَلَ رَبُّكَ بِعَادٍ ٦

7. И со Ирам, кој имаше столбови големи,

إِرَمَ ذَاتِ ٱلۡعِمَادِ ٧

8. на кои слични немаше изградено по градовите?

ٱلَّتِي لَمۡ يُخۡلَقۡ مِثۡلُهَا فِي ٱلۡبِلَٰدِ ٨

9. И со Семуд кој делкаше карпи во долината,

وَثَمُودَ ٱلَّذِينَ جَابُواْ ٱلصَّخۡرَ بِٱلۡوَادِ ٩

10. и со фараонот, сопственикот на шаторите,

وَفِرۡعَوۡنَ ذِي ٱلۡأَوۡتَادِ ١٠

11. кои беа насилници по градовите!

ٱلَّذِينَ طَغَوۡاْ فِي ٱلۡبِلَٰدِ ١١

12. И мноштво, по нена, безредие се сееше,

فَأَكۡثَرُواْ فِيهَا ٱلۡفَسَادَ ١٢

13. па затоа Господарот твој корбачот на казната врз нив го опаша.

فَصَبَّ عَلَيۡهِمۡ رَبُّكَ سَوۡطَ عَذَابٍ ١٣

14. Да, Господарот твој е во заседа!

إِنَّ رَبَّكَ لَبِٱلۡمِرۡصَادِ ١٤

15. Што се однесува до човекот, кога Господарот негов ќе го искуша, па ќе го почести и благослови, ќе рече: “Господарот мој ме почести.”

فَأَمَّا ٱلۡإِنسَٰنُ إِذَا مَا ٱبۡتَلَىٰهُ رَبُّهُۥ فَأَكۡرَمَهُۥ وَنَعَّمَهُۥ فَيَقُولُ رَبِّيٓ أَكۡرَمَنِ ١٥

16. А кога, пак, ќе го искуша со она со што малку ‘рск ќе оствари, ќе рече: “Госаподарот мој ме остави.”

وَأَمَّآ إِذَا مَا ٱبۡتَلَىٰهُ فَقَدَرَ عَلَيۡهِ رِزۡقَهُۥ فَيَقُولُ رَبِّيٓ أَهَٰنَنِ ١٦

17. Но, не! На јетимот чест не му правите,

كَلَّا بَل لَّا تُكْرِمُونَ ٱلْيَتِيمَ ﴿١٧﴾

18. а ниту, пак, сиромавиот го храните,

وَلَا تَحَٰٓضُّونَ عَلَىٰ طَعَامِ ٱلْمِسْكِينِ ﴿١٨﴾

19. а јадете оставина лакомо,

وَتَأْكُلُونَ ٱلتُّرَاثَ أَكْلًا لَّمًّا ﴿١٩﴾

20. и богатство сакате, сакајќи го прекумерно!

وَتُحِبُّونَ ٱلْمَالَ حُبًّا جَمًّا ﴿٢٠﴾

21. Но, не! Кога земјата ќе се распарчи на парчиња,

كَلَّآ إِذَا دُكَّتِ ٱلْأَرْضُ دَكًّا دَكًّا ﴿٢١﴾

22. и кога ќе дојде Господарот твој и мелеките, еднидодруги поредени,

وَجَآءَ رَبُّكَ وَٱلْمَلَكُ صَفًّا صَفًّا ﴿٢٢﴾

23. и на Денот тој кога Џехеннемот ќе се приближи, на Денот тој човекот ќе се сеќава. А за кое, пак, добро ќе му користи сеќавањето?

وَجِاْىٓءَ يَوْمَئِذٍۭ بِجَهَنَّمَ ۚ يَوْمَئِذٍ يَتَذَكَّرُ ٱلْإِنسَٰنُ وَأَنَّىٰ لَهُ ٱلذِّكْرَىٰ ﴿٢٣﴾

24. Ќе рече: “О тешко мене! Е, само да се подготвев за животот мој!”

يَقُولُ يَٰلَيْتَنِى قَدَّمْتُ لِحَيَاتِى ﴿٢٤﴾

25. Па, на Денот тој никој не ќе казнува како што Он ќе казнува.

فَيَوْمَئِذٍ لَّا يُعَذِّبُ عَذَابَهُۥٓ أَحَدٌ ﴿٢٥﴾

26. И никој не ќе врзува цврсто како што Он ќе врзува.

وَلَا يُوثِقُ وَثَاقَهُۥٓ أَحَدٌ ﴿٢٦﴾

27. О душо смирена!

يَٰٓأَيَّتُهَا ٱلنَّفْسُ ٱلْمُطْمَئِنَّةُ ﴿٢٧﴾

28. Врати се кон Господарот твој задоволна, а и Он со тебе задоволен,

ٱرْجِعِىٓ إِلَىٰ رَبِّكِ رَاضِيَةً مَّرْضِيَّةً ﴿٢٨﴾

29. и влези,тогаш, меѓу робо - вите Мои,

فَٱدۡخُلِي فِي عِبَٰدِي ٢٩

30. и влези во Џеннетот Мој!

وَٱدۡخُلِي جَنَّتِي ٣٠

ЕЛ-БЕЛЕД (Град) XC



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Не! Се колнам во градот овој,

لَآ أُقۡسِمُ بِهَٰذَا ٱلۡبَلَدِ ١

2. - како граѓанин ќе бидеш во градот тој.

وَأَنتَ حِلُّۢ بِهَٰذَا ٱلۡبَلَدِ ٢

3. И се колнам во родителот и во она што го роди!

وَوَالِدٖ وَمَا وَلَدَ ٣

4. Ние го создадовме човекот, секако, да се труди.

لَقَدۡ خَلَقۡنَا ٱلۡإِنسَٰنَ فِي كَبَدٍ ٤

5. Мисли ли дека никој не може против него?

أَيَحۡسَبُ أَن لَّن يَقۡدِرَ عَلَيۡهِ أَحَدٞ ٥

6. Тој вели: “Голем имот потрошив!”

يَقُولُ أَهۡلَكۡتُ مَالٗا لُّبَدًا ٦

7. Мисли ли дека никој не може да го види?

أَيَحۡسَبُ أَن لَّمۡ يَرَهُۥٓ أَحَدٌ ٧

8. Нели Ние му дадовме очи две,

أَلَمۡ نَجۡعَل لَّهُۥ عَيۡنَيۡنِ ٨

9. и јазик и усни две?

وَلِسَانٗا وَشَفَتَيۡنِ ٩

10. И Ние го упативме кон патишта два,

وَهَدَيۡنَٰهُ ٱلنَّجۡدَيۡنِ ١٠

11. па не можеше да се искачи по Аккаба.

فَلَا ٱقۡتَحَمَ ٱلۡعَقَبَةَ ١١

12. А знаеш ли ти што е тоа Аккаба?

وَمَآ أَدۡرَىٰكَ مَا ٱلۡعَقَبَةُ ١٢

13. Па, роб да се ослободи,

فَكُّ رَقَبَةٍ ١٣

14. или да се нахрани кога гладот коси,

أَوۡ إِطۡعَٰمٞ فِي يَوۡمٖ ذِي مَسۡغَبَةٖ ١٤

15. јетим или од роднината блиска,

يَتِيمٗا ذَا مَقۡرَبَةٍ ١٥

16. или сиромав, со неволји оптоварен,

أَوۡ مِسۡكِينٗا ذَا مَتۡرَبَةٖ ١٦

17. и да биде, освен тоа, меѓу оние кои веруваат и кои еднинадруги трпеливост прпорачуваат и кои еднисодруги милост препорачуваат.

ثُمَّ كَانَ مِنَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُواْ وَتَوَاصَوۡاْ بِٱلصَّبۡرِ وَتَوَاصَوۡاْ بِٱلۡمَرۡحَمَةِ ١٧

18. Онаквите се жители на Среќата,

أُوْلَٰٓئِكَ أَصۡحَٰبُ ٱلۡمَيۡمَنَةِ ١٨

19. а оние кои не веруваат во знаменијата Наши ... жители се на Несреќата.

وَٱلَّذِينَ كَفَرُواْ بِـَٔايَٰتِنَا هُمۡ أَصۡحَٰبُ ٱلۡمَشۡـَٔمَةِ ١٩

20. Врз нив ќе биде оган затворен.

عَلَيۡهِمۡ نَارٞ مُّؤۡصَدَةُۢ ٢٠

ЕШ-ШЕМС (Сонце) XCI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!



1. Се колнам во Сонцето и светлината негова,

وَٱلشَّمۡسِ وَضُحَىٰهَا ١

2. и во Месечината кога го следи,

وَالْقَمَرِ إِذَا تَلَاهَا ﴿٢﴾

3. и во денот кога ќе го раздени,

وَالنَّهَارِ إِذَا جَلَّاهَا ﴿٣﴾

4. и во ноќта кога ќе го покрие,

وَاللَّيْلِ إِذَا يَغْشَاهَا ﴿٤﴾

5. и во небото и во она што Он го подигна,

وَالسَّمَاءِ وَمَا بَنَاهَا ﴿٥﴾

6. и во земјата и Оној што ја простре,

وَالْأَرْضِ وَمَا طَحَاهَا ﴿٦﴾

7. и во душата и Оној што ја создаде,

وَنَفْسٍ وَمَا سَوَّاهَا ﴿٧﴾

8. па ѝ вдахна да разликува расипано од богобојазливо.

فَأَلْهَمَهَا فُجُورَهَا وَتَقْوَاهَا ﴿٨﴾

9. Се спаси, секако, оној што ќе ја очисти,

قَدْ أَفْلَحَ مَن زَكَّاهَا ﴿٩﴾

10. а ќе пропадне оној што ќе ја извалка.

وَقَدْ خَابَ مَن دَسَّاهَا ﴿١٠﴾

11. Семуд лажеше заради насилството свое,

كَذَّبَتْ ثَمُودُ بِطَغْوَاهَا ﴿١١﴾

12. кога еден несреќник се појавил меѓу нив,

إِذِ انبَعَثَ أَشْقَاهَا ﴿١٢﴾

13. па им рече Аллаховиот пејгамбер: “Камилата Аллахова... ред е нејзин да пие!”

فَقَالَ لَهُمْ رَسُولُ اللَّهِ نَاقَةَ اللَّهِ وَسُقْيَاهَا ﴿١٣﴾

14. Тогаш го сметаа за лашко; ја заклаа. И Господарот нивни ги казни заради гревот нивни и, ете, ги снема.

فَكَذَّبُوهُ فَعَقَرُوهَا فَدَمْدَمَ عَلَيْهِمْ رَبُّهُم بِذَنبِهِمْ فَسَوَّاهَا ﴿١٤﴾

15. И Он не се плаши од последиците на тоа!

وَلَا يَخَافُ عُقْبَاهَا ﴿١٥﴾

ЕЛ-ЛЕЈЛ (Ноќ) XCII



Во името на Аллах, Милостивиот Семилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Се колнам во ноќта кога таа ќе опфати,

وَاللَّيْلِ إِذَا يَغْشَىٰ ﴿١﴾

2. и во денот кога ќе се раздени,

وَالنَّهَارِ إِذَا تَجَلَّىٰ ﴿٢﴾

3. и во Оној кој создава машко и женско

وَمَا خَلَقَ الذَّكَرَ وَالْأُنثَىٰ ﴿٣﴾

4. настојувањето ваше, навистина, е различно!

إِنَّ سَعْيَكُمْ لَشَتَّىٰ ﴿٤﴾

5. Па, што се однесува до оној кој дели и кој е богобојазлив,

فَأَمَّا مَنْ أَعْطَىٰ وَاتَّقَىٰ ﴿٥﴾

6. и кој најубавото го смета за вистинско,

وَصَدَّقَ بِالْحُسْنَىٰ ﴿٦﴾

7. нему, тогаш, Ние најлесното ќе му го олесниме,

فَسَنُيَسِّرُهُ لِلْيُسْرَىٰ ﴿٧﴾

8. а што се однесува, пак, до оној кој е шкржав и кој кон обилност тежнее,

وَأَمَّا مَن بَخِلَ وَاسْتَغْنَىٰ ﴿٨﴾

9. и кој најубавото го смета за лажно,

وَكَذَّبَ بِالْحُسْنَىٰ ﴿٩﴾

10. нему, тогаш, Ние најтешкото ќе му го отежниме.

فَسَنُيَسِّرُهُ لِلْعُسْرَىٰ ﴿١٠﴾

11. И нему имотот, кога ќе се фрли наглавачке, не ќе му користи.

وَمَا يُغْنِي عَنْهُ مَالُهُۥٓ إِذَا تَرَدَّىٰٓ ١١

12. Упатувањето по Патоказот е - Наше!

إِنَّ عَلَيْنَا لَلْهُدَىٰ ١٢

13. И Ахирет и овој свет се - Наши!

وَإِنَّ لَنَا لَلْءَاخِرَةَ وَٱلْأُولَىٰ ١٣

14. Па, јас ве опоменувам за огнот што пламти!

فَأَنذَرْتُكُمْ نَارًا تَلَظَّىٰ ١٤

15. кој ќе го пржи само расипаниот,

لَا يَصْلَىٰهَآ إِلَّا ٱلْأَشْقَى ١٥

16. кој лажеше и кој плеќите ги вртеше.

ٱلَّذِى كَذَّبَ وَتَوَلَّىٰ ١٦

17. Најбогобојазливиот од него далеку ќе биде,

وَسَيُجَنَّبُهَا ٱلْأَتْقَى ١٧

18. кој го дава имотот свој да се очисти,

ٱلَّذِى يُؤْتِى مَالَهُۥ يَتَزَكَّىٰ ١٨

19. без да очекува од некого со благодат да му возврати,

وَمَا لِأَحَدٍ عِندَهُۥ مِن نِّعْمَةٍ تُجْزَىٰٓ ١٩

20. освен заради тоа што го посакува Лицето на Господарот свој, Возвишен, -

إِلَّا ٱبْتِغَآءَ وَجْهِ رَبِّهِ ٱلْأَعْلَىٰ ٢٠

21. ќе биде задоволен, секако!

وَلَسَوْفَ يَرْضَىٰ ٢١

ЕД-ДУХА (Утро) XCIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!



1. Се колнам во утрото,

وَٱلضُّحَىٰ ١

2. и во ноќта кога таа ќе се скрие,

وَٱلَّيۡلِ إِذَا سَجَىٰ ٢

3. Господарот твој не те остави и не те замрази!

مَا وَدَّعَكَ رَبُّكَ وَمَا قَلَىٰ ٣

4. За тебе сигурно е подобро на Ахирет отколку на овој свет!

وَلَلۡأٓخِرَةُ خَيۡرٞ لَّكَ مِنَ ٱلۡأُولَىٰ ٤

5. Господарот твој, секако, ќе ти даде и ќе бидеш задоволен!

وَلَسَوۡفَ يُعۡطِيكَ رَبُّكَ فَتَرۡضَىٰٓ ٥

6. Нели Он те затекна сираче? Па, потоа, те заштити.

أَلَمۡ يَجِدۡكَ يَتِيمٗا فَـَٔاوَىٰ ٦

7. Нели Он те затекна скршнат во заблуди? Па, потоа, те упати!

وَوَجَدَكَ ضَآلّٗا فَهَدَىٰ ٧

8. Нели Он те затекна сиромав? Па, потоа, те збогати!

وَوَجَدَكَ عَآئِلٗا فَأَغۡنَىٰ ٨

9. Ете, затоа, јетим не угнетувај,

فَأَمَّا ٱلۡيَتِيمَ فَلَا تَقۡهَرۡ ٩

10. а оној кој пита, не одбивај го!

وَأَمَّا ٱلسَّآئِلَ فَلَا تَنۡهَرۡ ١٠

11. И за благодатите на Господарот твој,тогаш, разговарај!

وَأَمَّا بِنِعۡمَةِ رَبِّكَ فَحَدِّثۡ ١١

ЕШ-ШЕРХ (Широкоградност) XCIV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسۡمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحۡمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Нели Ние ги отворивме градите твои,

أَلَمۡ نَشۡرَحۡ لَكَ صَدۡرَكَ ١

2. и Ние го симнавме бремето тешко од тебе,

وَوَضَعْنَا عَنكَ وِزْرَكَ ٢

3. што ги тегнеше плеќите твои?

ٱلَّذِىٓ أَنقَضَ ظَهْرَكَ ٣

4. И Ние го воздигнавме споменот твој.

وَرَفَعْنَا لَكَ ذِكْرَكَ ٤

5. Па, навистина, покрај тешкотијата е леснотија,

فَإِنَّ مَعَ ٱلْعُسْرِ يُسْرًا ٥

6. и, навистина, покрај тешкотијата е леснотија!

إِنَّ مَعَ ٱلْعُسْرِ يُسْرًا ٦

7. А кога, пак, ќе се ослободиш, тогаш, исправи се!

فَإِذَا فَرَغْتَ فَٱنصَبْ ٧

8. И кон Господарот твој, тогаш, посакувај да се управиш!

وَإِلَىٰ رَبِّكَ فَٱرْغَب ٨

ЕТ-ТИН (Смоква) XCV

سُورَةُ التِّينِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во смоквата и во маслинката,

وَٱلتِّينِ وَٱلزَّيْتُونِ ١

2. и во ридот Синај,

وَطُورِ سِينِينَ ٢

3. и во овој град, безбеден -

وَهَٰذَا ٱلْبَلَدِ ٱلْأَمِينِ ٣

4. дека човекот, секако, Ние го создадовме во најличен изглед,

لَقَدْ خَلَقْنَا ٱلْإِنسَٰنَ فِىٓ أَحْسَنِ تَقْوِيمٍ ٤

5. а потоа Ние ќе го вратиме во најгрд изглед,

ثُمَّ رَدَدْنَٰهُ أَسْفَلَ سَٰفِلِينَ ٥

6. освен оние кои веруваат и кои добри дела работат... та, за нив има награда неизмерна.

إِلَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فَلَهُمْ أَجْرٌ غَيْرُ مَمْنُونٍ ﴿٦﴾

7. Па, што те натера да го сметаш за лажен Денот ветен?

فَمَا يُكَذِّبُكَ بَعْدُ بِٱلدِّينِ ﴿٧﴾

8. Нели Аллах од праведните судии е Најправедниот?

أَلَيْسَ ٱللَّهُ بِأَحْكَمِ ٱلْحَٰكِمِينَ ﴿٨﴾

ЕЛ-АЛЕК (Грушка) XCVI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Читај во името на Господарот твој кој создаде,

ٱقْرَأْ بِٱسْمِ رَبِّكَ ٱلَّذِى خَلَقَ ﴿١﴾

2. го создаде човекот од грушка на крв!

خَلَقَ ٱلْإِنسَٰنَ مِنْ عَلَقٍ ﴿٢﴾

3. Читај, зашто Господарот твој, навистина, е Најблагороден,

ٱقْرَأْ وَرَبُّكَ ٱلْأَكْرَمُ ﴿٣﴾

4. кој поучува со перце:

ٱلَّذِى عَلَّمَ بِٱلْقَلَمِ ﴿٤﴾

5. го поучи човекот со она што не го знаеше.

عَلَّمَ ٱلْإِنسَٰنَ مَا لَمْ يَعْلَمْ ﴿٥﴾

6. Но, не! Човекот, навистина, се засилува

كَلَّآ إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لَيَطْغَىٰٓ ﴿٦﴾

7. откога ќе види дека, секако, е во изобилие.

أَن رَّءَاهُ ٱسْتَغْنَىٰٓ ﴿٧﴾

8. Кон Господарот твој, навистина, е враќањето!

إِنَّ إِلَىٰ رَبِّكَ ٱلرُّجْعَىٰٓ ﴿٨﴾

9. Го виде ли оној кој му забранува

أَرَءَيْتَ ٱلَّذِى يَنْهَىٰ ﴿٩﴾

10. на робот намаз да изврши?

عَبْدًا إِذَا صَلَّىٰٓ ﴿١٠﴾

11. Го виде ли дека е по Патоказот,

أَرَءَيْتَ إِن كَانَ عَلَى ٱلْهُدَىٰٓ ﴿١١﴾

12. или, пак, дека наредува богобојазливост?

أَوْ أَمَرَ بِٱلتَّقْوَىٰٓ ﴿١٢﴾

13. Го виде ли дека лаже и дека плеќите ги врти?

أَرَءَيْتَ إِن كَذَّبَ وَتَوَلَّىٰٓ ﴿١٣﴾

14. Е, па, не знаеше ли дека Аллах, навистина, гледа?

أَلَمْ يَعْلَم بِأَنَّ ٱللَّهَ يَرَىٰ ﴿١٤﴾

15. Но, не! Ако не престане со тоа Ние, навистина, ќе го фатиме за чело,

كَلَّا لَئِن لَّمْ يَنتَهِ لَنَسْفَعًۢا بِٱلنَّاصِيَةِ ﴿١٥﴾

16. за челото лажно и грешно!

نَاصِيَةٍ كَـٰذِبَةٍ خَاطِئَةٍ ﴿١٦﴾

17. Па, нека ја повика дружината своја,

فَلْيَدْعُ نَادِيَهُۥ ﴿١٧﴾


18. а Ние ќе ги повикаме Зебание!

سَنَدْعُ ٱلزَّبَانِيَةَ ﴿١٨﴾

19. Но, не! Ти не слушај го него, падни на сеџде и приближи се до Аллах!

كَلَّا لَا تُطِعْهُ وَٱسْجُدْ وَٱقْتَرِب ۩ ﴿١٩﴾

ЕЛ-КАДР (Кадр) XCVII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَـٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кур'анот Ние, навистина, започнавме да го објавуваме во ноќта Кадр!

إِنَّآ أَنزَلْنَـٰهُ فِى لَيْلَةِ ٱلْقَدْرِ ﴿١﴾

2. А знаеш ли ти која е таа ноќ Кадр?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا لَيْلَةُ ٱلْقَدْرِ ﴿٢﴾

3. Ноќта Кадр е подобра од илјада месеци.

لَيْلَةُ ٱلْقَدْرِ خَيْرٌ مِّنْ أَلْفِ شَهْرٍ ٣

4. Во таа ноќ се спуштаат мелеките и Џибрил со одобрението на Господарот нивни, по наредба секоја!

تَنَزَّلُ ٱلْمَلَٰٓئِكَةُ وَٱلرُّوحُ فِيهَا بِإِذْنِ رَبِّهِم مِّن كُلِّ أَمْرٍ ٤

5. Селам! И тоа сѐ до пукањето на утрото!

سَلَٰمٌ هِيَ حَتَّىٰ مَطْلَعِ ٱلْفَجْرِ ٥

ЕЛ-БЕЈЈИНЕ (Јаснотија) XCVIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Оние кои не веруваа, меѓу Следбениците на Книгата и многубошците, не престанаа сѐ додека не им дојде јаснотија,

لَمْ يَكُنِ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِنْ أَهْلِ ٱلْكِتَٰبِ وَٱلْمُشْرِكِينَ مُنفَكِّينَ حَتَّىٰ تَأْتِيَهُمُ ٱلْبَيِّنَةُ ١

2. еден пејгамбер од Аллах кој им ги кажува страниците чисти,

رَسُولٌ مِّنَ ٱللَّهِ يَتْلُوا۟ صُحُفًا مُّطَهَّرَةً ٢

3. во кои има прописи исправни.

فِيهَا كُتُبٌ قَيِّمَةٌ ٣

4. А оние со дадената им Книга станаа делениции токму по дојдената им јаснотија.

وَمَا تَفَرَّقَ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟ ٱلْكِتَٰبَ إِلَّا مِنۢ بَعْدِ مَا جَآءَتْهُمُ ٱلْبَيِّنَةُ ٤

5. Наредено им е само Аллаха да го обожаваат, и верата искрено да Му ја предаваат, во сета чистота нивна, и намаз да извршуваат и зекат да даваат. И, ете, тоа е верата исправна!

وَمَآ أُمِرُوٓا۟ إِلَّا لِيَعْبُدُوا۟ ٱللَّهَ مُخْلِصِينَ لَهُ ٱلدِّينَ حُنَفَآءَ وَيُقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤْتُوا۟ ٱلزَّكَوٰةَ ۚ وَذَٰلِكَ دِينُ ٱلْقَيِّمَةِ ٥

6. Оние кои не веруваа, меѓу Следбениците на Книгата, и

إِنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ مِنْ أَهْلِ ٱلْكِتَٰبِ وَٱلْمُشْرِكِينَ

فِي نَارِ جَهَنَّمَ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أُوْلَٰٓئِكَ هُمْ شَرُّ ٱلْبَرِيَّةِ ﴿٦﴾

многубошците ќе бидат во огнот џехеннемски и во него за навек ќе останат... да, онаквите се од сите суштества најлошите!

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ أُوْلَٰٓئِكَ هُمْ خَيْرُ ٱلْبَرِيَّةِ ﴿٧﴾

7. Оние кои, навистина, веруваа и кои добри дела работеа... да, онаквите се од сите суштества најдобрите.

جَزَآؤُهُمْ عِندَ رَبِّهِمْ جَنَّٰتُ عَدْنٍ تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ خَٰلِدِينَ فِيهَآ أَبَدًا رَّضِىَ ٱللَّهُ عَنْهُمْ وَرَضُوا۟ عَنْهُ ذَٰلِكَ لِمَنْ خَشِىَ رَبَّهُۥ ﴿٨﴾

8. Наградата нивна е кај Господарот нивни: џеннетски бавчи на Адн испод кои реки течат и во нив за навек ќе останат. Аллах ќе биде задоволен од нив а и тие ќе бидат задоволни од Него. Ете, тоа е за оној кој се плаши од Господарот Свој !

ЕЗ-ЗИЛЗАЛ (Земјотрес) XCIX



بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

إِذَا زُلْزِلَتِ ٱلْأَرْضُ زِلْزَالَهَا ﴿١﴾

1. Кога земјата ќе биде потресена со потресот свој,

وَأَخْرَجَتِ ٱلْأَرْضُ أَثْقَالَهَا ﴿٢﴾

2. и кога земјата ќе ги исфрли тежините свои,

وَقَالَ ٱلْإِنسَٰنُ مَا لَهَا ﴿٣﴾

3. и кога човекот ќе рече: “Што ѝ е?” -

يَوْمَئِذٍ تُحَدِّثُ أَخْبَارَهَا ﴿٤﴾

4. на Денот тој ќе се случат, токму, кажувањата нејзини,

5. кога Господарот твој, навистина, тоа ќе ѝ го вдахне.

بِأَنَّ رَبَّكَ أَوْحَىٰ لَهَا ٥

6. На Денот тој луѓето ќе се појават, поединечно, за очиглед-ни да им станат делата нивни:

يَوْمَئِذٍ يَصْدُرُ ٱلنَّاسُ أَشْتَاتًا لِّيُرَوْا۟ أَعْمَٰلَهُمْ ٦

7. па, оној кој прави нешто добро колку голушка ситно, ќе го види,

فَمَن يَعْمَلْ مِثْقَالَ ذَرَّةٍ خَيْرًا يَرَهُۥ ٧

8. а оној, пак, кој прави нешто зло колку голушка ситно, ќе го види!

وَمَن يَعْمَلْ مِثْقَالَ ذَرَّةٍ شَرًّا يَرَهُۥ ٨

ЕЛ-АДИЈААТ (Тркачи) С



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во тркачките коњи кои ‘ржат,

وَٱلْعَٰدِيَٰتِ ضَبْحًا ١

2. па, со нозете свои по камењата искри искрат,

فَٱلْمُورِيَٰتِ قَدْحًا ٢

3. и кои во утринските часови напаѓаат,

فَٱلْمُغِيرَٰتِ صُبْحًا ٣

4. и кои, трчајќи, прашина дигаат,

فَأَثَرْنَ بِهِۦ نَقْعًا ٤

5. и, така, во местото заеднички влегуваат!

فَوَسَطْنَ بِهِۦ جَمْعًا ٥

6. Да, човекот е неблагодарен кон Господарот свој,

إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لِرَبِّهِۦ لَكَنُودٌ ٦

7. тој за тоа, навистина, е сведок,

وَإِنَّهُۥ عَلَىٰ ذَٰلِكَ لَشَهِيدٌ ٧

8. и тој, навистина, е цврст во љубовта кон имотот, доброто.

وَإِنَّهُۥ لِحُبِّ ٱلْخَيْرِ لَشَدِيدٌ ٨

9. Не знае ли дека кога ќе биде оживеано она што е во мезарите,

۞ أَفَلَا يَعْلَمُ إِذَا بُعْثِرَ مَا فِى ٱلْقُبُورِ ٩

10. и кога ќе излезе она што е во градите,

وَحُصِّلَ مَا فِى ٱلصُّدُورِ ١٠

11. - дека Господарот нивни, навистина, на Денот тој е Известен!

إِنَّ رَبَّهُم بِهِمْ يَوْمَئِذٍ لَّخَبِيرٌۢ ١١

ЕЛ-КАРИ'АТУ (Удар) CI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Удар!

ٱلْقَارِعَةُ ١

2. И кој ќе ти каже што е тоа удар?

مَا ٱلْقَارِعَةُ ٢

3. И што знаеш ти што е тоа удар?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا ٱلْقَارِعَةُ ٣

4. Ден е тој во кој луѓето ќе бидат како бубалки расфрлани,

يَوْمَ يَكُونُ ٱلنَّاسُ كَٱلْفَرَاشِ ٱلْمَبْثُوثِ ٤

5. а брдата ќе бидат како растегната волна!

وَتَكُونُ ٱلْجِبَالُ كَٱلْعِهْنِ ٱلْمَنفُوشِ ٥

6. Што се однесува до оној чии кантари ќе натежнат,

فَأَمَّا مَن ثَقُلَتْ مَوَٰزِينُهُۥ ٦

7. па, тој ќе биде во животот задоволен,

فَهُوَ فِي عِيشَةٍ رَّاضِيَةٍ ٧

8. а што се однесува до оној чии кантари нема да натежнат,

وَأَمَّا مَنْ خَفَّتْ مَوَٰزِينُهُۥ ٨

9. престојувалиштето негово, тогаш, е Хавие.

فَأُمُّهُۥ هَاوِيَةٌ ٩

10. А знаеш ли ти што е тоа Хавие?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا هِيَهْ ١٠

11. Па тоа е оган распален!

نَارٌ حَامِيَةٌۢ ١١

ЕТ-ТЕКАСУР (Заработувачка) СII

سُورَةُ التَّكَاثُرِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Натпреварот во заработувачка ве упропасти,

أَلْهَىٰكُمُ ٱلتَّكَاثُرُ ١

2. сè додека мезарите не ги посетите!

حَتَّىٰ زُرْتُمُ ٱلْمَقَابِرَ ٢

3. Но, не! Ќе узнаете подоцна.

كَلَّا سَوْفَ تَعْلَمُونَ ٣

4. И пак велам: Ќе узнаете подоцна!

ثُمَّ كَلَّا سَوْفَ تَعْلَمُونَ ٤

5. Но, не! Ќе дознаете за знаењето уверливо,

كَلَّا لَوْ تَعْلَمُونَ عِلْمَ ٱلْيَقِينِ ٥

6. и ќе го здогледате Џехеннемот, сигурно!

لَتَرَوُنَّ ٱلْجَحِيمَ ٦

7. Потоа, пак, ќе го здогледате знаењето, уверливо!

ثُمَّ لَتَرَوُنَّهَا عَيْنَ ٱلْيَقِينِ ٧

8. Потоа, на Денот тој ќе бидете прашани за благодатот!

ثُمَّ لَتُسْـَٔلُنَّ يَوْمَئِذٍ عَنِ ٱلنَّعِيمِ ٨

ЕЛ-АСР (Столетие) CIII

سُورَةُ العَصْرِ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Се колнам во столетието!

وَٱلْعَصْرِ ١

2. Човекот е поразен, навистина!

إِنَّ ٱلْإِنسَٰنَ لَفِى خُسْرٍ ٢

3. Освен оние кои веруваат и кои добри дела работат, кои еднинадруги вистина препорачуваат и кои еднинадруги трпеливост препорачуваат!

إِلَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ وَتَوَاصَوْا۟ بِٱلْحَقِّ وَتَوَاصَوْا۟ بِٱلصَّبْرِ ٣

ЕЛ-ХУМЕЗЕ (Потсмевање) CIV





Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Тешко на секој оној кој се потсмева и кој клевети,

وَيْلٌ لِّكُلِّ هُمَزَةٍ لُّمَزَةٍ ١

2. и кој собира имот и кој брои,

ٱلَّذِى جَمَعَ مَالًا وَعَدَّدَهُۥ ٢

3. мислејќи дека имотот негов е вечен, навистина!

يَحْسَبُ أَنَّ مَالَهُۥٓ أَخْلَدَهُۥ ٣

4. Но, не! Ќе биде фрлен во Хутам!

كَلَّا ۖ لَيُنۢبَذَنَّ فِى ٱلْحُطَمَةِ ٤

5. А знаеш ли ти што е тоа Хутам?

وَمَآ أَدْرَىٰكَ مَا ٱلْحُطَمَةُ ٥

6. Па, тоа е Аллаховиот оган, распален!

نَارُ ٱللَّهِ ٱلْمُوقَدَةُ ﴿٦﴾

7. кој се вовлекува во срцата.

ٱلَّتِى تَطَّلِعُ عَلَى ٱلْأَفْـِٔدَةِ ﴿٧﴾

8. Огнот, навистина, врз нив е затворен,

إِنَّهَا عَلَيْهِم مُّؤْصَدَةٌ ﴿٨﴾

9. со столбови долги!

فِى عَمَدٍ مُّمَدَّدَةٍۭ ﴿٩﴾

ЕЛ-ФИИЛ (Слон) CV



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Не виде ли ти како Господарот твој постапи со сопствениците на слонот?

أَلَمْ تَرَ كَيْفَ فَعَلَ رَبُّكَ بِأَصْحَٰبِ ٱلْفِيلِ ﴿١﴾

2. Нели сплетките нивни Он ги скршна во бездна?

أَلَمْ يَجْعَلْ كَيْدَهُمْ فِى تَضْلِيلٍ ﴿٢﴾

3. И против нив испрати јато птици,

وَأَرْسَلَ عَلَيْهِمْ طَيْرًا أَبَابِيلَ ﴿٣﴾

4. кои ги гаѓаа со камења од скаменета глина,

تَرْمِيهِم بِحِجَارَةٍ مِّن سِجِّيلٍ ﴿٤﴾

5. па Он ги направи како суво лисје, изјадено!

فَجَعَلَهُمْ كَعَصْفٍ مَّأْكُولٍۭ ﴿٥﴾

ЕЛ-КУРЕЈШ (Курејш) CVI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Заради адетот на Курејшии,

لِإِيلَٰفِ قُرَيْشٍ ﴿١﴾

2. адетот нивни да патуваат и зиме и лете;

إِۦلَٰفِهِمْ رِحْلَةَ ٱلشِّتَآءِ وَٱلصَّيْفِ ﴿٢﴾

3. па, нека го обожаваат Господарот на оваа Куќа,

فَلْيَعْبُدُوا۟ رَبَّ هَٰذَا ٱلْبَيْتِ ﴿٣﴾

4. Кој ги нахрани по гладот и ги обезбеди по стравот!

ٱلَّذِىٓ أَطْعَمَهُم مِّن جُوعٍ وَءَامَنَهُم مِّنْ خَوْفٍۭ ﴿٤﴾

ЕЛ-МАУН (Милосрдие) CVII

سُورَةُ المَاعُون

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Го виде ли ти оној кој лаже за Денот ветен?

أَرَءَيْتَ ٱلَّذِى يُكَذِّبُ بِٱلدِّينِ ﴿١﴾

2. Па, тоа е оној кој го одбива јетимот,

فَذَٰلِكَ ٱلَّذِى يَدُعُّ ٱلْيَتِيمَ ﴿٢﴾

3. и кој не поттикнува да се нахрани сиромавиот!

وَلَا يَحُضُّ عَلَىٰ طَعَامِ ٱلْمِسْكِينِ ﴿٣﴾

4. Тешко на оние кои клањаат:

فَوَيْلٌ لِّلْمُصَلِّينَ ﴿٤﴾

5. оние кои не внимаваат кон Намазот свој,

ٱلَّذِينَ هُمْ عَن صَلَاتِهِمْ سَاهُونَ ﴿٥﴾

6. оние кои, така, се договараат,

ٱلَّذِينَ هُمْ يُرَآءُونَ ﴿٦﴾

7. и кои забрануваат на сиромашните да им се даде милосрдие.

وَيَمْنَعُونَ ٱلْمَاعُونَ ﴿٧﴾

ЕЛ-КЕВСЕР (Изобилие) CVIII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Да, Ние ти дадовме добро изобилно

إِنَّآ أَعْطَيْنَٰكَ ٱلْكَوْثَرَ ﴿١﴾

2. Па, клањај Му се на Господарот твој и заколи Курбан!

فَصَلِّ لِرَبِّكَ وَٱنْحَرْ ٢

3. Оној што те мрази ќе остане без помен, навистина!

إِنَّ شَانِئَكَ هُوَ ٱلْأَبْتَرُ ٣

ЕЛ-КАФИРУУН (Неверници) CIX

سُورَةُ الكَافِرُونَ

Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кажи: “О неверници!

قُلْ يَٰٓأَيُّهَا ٱلْكَٰفِرُونَ ١

2. Јас не го обожавам она што вие го обожавате,

لَآ أَعْبُدُ مَا تَعْبُدُونَ ٢

3. а вие не го обожавате она што јас го обожавам,

وَلَآ أَنتُمْ عَٰبِدُونَ مَآ أَعْبُدُ ٣

4. а и јас не го обожавам она што вие го обожавате,

وَلَآ أَنَا۠ عَابِدٌ مَّا عَبَدتُّمْ ٤

5. а и вие не го обожавате она што јас го обожавам.

وَلَآ أَنتُمْ عَٰبِدُونَ مَآ أَعْبُدُ ٥

6. Вам - верата ваша, а мене - верата моја!

لَكُمْ دِينُكُمْ وَلِيَ دِينِ ٦

ЕН-НАСР (Помош) CX



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кога ќе дојде помошта и победата од Аллах,

إِذَا جَآءَ نَصْرُ ٱللَّهِ وَٱلْفَتْحُ ١

2. и кога ќе ги видиш луѓето како влегуваат во верата Аллахова во дружини,

وَرَأَيْتَ ٱلنَّاسَ يَدْخُلُونَ فِى دِينِ ٱللَّهِ أَفْوَاجًا ٢

3. па, слави Го, заблагодарувајќи Му се и прошка барајќи Му, Господарот твој. Он е Примач на покајанијата, навистина!

فَسَبِّحْ بِحَمْدِ رَبِّكَ وَاسْتَغْفِرْهُ إِنَّهُ كَانَ تَوَّابًا ۝٣

ЕЛ-МЕСЕД (Пламен) CXI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Нека пропаднат рацете на Ебу Лехеб, и тој пропадна!

تَبَّتْ يَدَا أَبِي لَهَبٍ وَتَبَّ ۝١

2. Не му вредеше имотот негов, и она што го спечали.

مَا أَغْنَىٰ عَنْهُ مَالُهُ وَمَا كَسَبَ ۝٢

3. Ќе се пржи во огнот преполн со пламени,

سَيَصْلَىٰ نَارًا ذَاتَ لَهَبٍ ۝٣

4. и жената негова која дрва носи.

وَامْرَأَتُهُ حَمَّالَةَ الْحَطَبِ ۝٤

5. На вратот нејзин ќе биде обесено јаже од пламен!

فِي جِيدِهَا حَبْلٌ مِّن مَّسَدٍ ۝٥

ЕЛ-ИХЛАС (Чистота) CXII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Кажи: “ Он, Аллах, Еден е!

قُلْ هُوَ اللَّهُ أَحَدٌ ۝١

2. Аллах - Засолниште.

اللَّهُ الصَّمَدُ ۝٢

3. Не роди и не е роден,

لَمْ يَلِدْ وَلَمْ يُولَدْ ۝٣

4. и никој не Му е рамен!

وَلَمْ يَكُن لَّهُ كُفُوًا أَحَدٌ ۝٤

ЕЛ-ФЕЛЕК (Мугра) CXIII



Во името на Аллах, Милостивиот Семилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кажи: “Се приклонувам кон Господарот на муграта,

قُلْ أَعُوذُ بِرَبِّ ٱلْفَلَقِ ﴿١﴾

2. од злото на она што Он го создаде,

مِن شَرِّ مَا خَلَقَ ﴿٢﴾

3. и од злото на темнината кога ќе поклопи,

وَمِن شَرِّ غَاسِقٍ إِذَا وَقَبَ ﴿٣﴾

4. и од злото на дувачите во јазли,

وَمِن شَرِّ ٱلنَّفَّٰثَٰتِ فِى ٱلْعُقَدِ ﴿٤﴾

5. и од злото на завидливиот кога завидува!

وَمِن شَرِّ حَاسِدٍ إِذَا حَسَدَ ﴿٥﴾

ЕН-НАС (Луѓе) CXIV



Во името на Аллах, Милостивиот Семилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Кажи: “Се приклонувам кон Господарот на луѓето,

قُلْ أَعُوذُ بِرَبِّ ٱلنَّاسِ ﴿١﴾

2. Владарот на луѓето,

مَلِكِ ٱلنَّاسِ ﴿٢﴾

3. Богот на луѓето,

إِلَٰهِ ٱلنَّاسِ ﴿٣﴾

4. од злото на оној кој лошо шепоти, скришно,

مِن شَرِّ ٱلْوَسْوَاسِ ٱلْخَنَّاسِ ﴿٤﴾

5. кој лошо шепоти во градите на луѓето,

ٱلَّذِى يُوَسْوِسُ فِى صُدُورِ ٱلنَّاسِ ﴿٥﴾

6. било од џиновите било од луѓето!

مِنَ ٱلْجِنَّةِ وَٱلنَّاسِ ﴿٦﴾

ОБЈАСНУВАЊЕ НА АРАПСКИ ЗБОРОВИ (КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ СЕКОЈДНЕВНО КАЈ МУСЛИМАНИТЕ), ИМИЊА, МЕСТА И ТОПОНИМИ

АБДЕСТ: Миење на одредени делови од телото пред ритуална молитва

АД: Древен народ во Арабија

АДЕМ: Адам

АДН: Едн, врт еденски

АЗЕР: Тера

АЈЕТ: Кур'анска реченица

АЈКА: Град чиишто жители го сочинувале народот на Рогуел.

АЛА: Тетка, сестра на таткото

АЛЛАХ: Сопствено арапско име на Бога.

АМАНЕТ Залог, предмет даден на чување.

АРШ: Престол

*АХИ*РЕТ: Оној свет

*АХМ*ЕД: Мухаммед

*БА'Л*А: Име на идол

БЕДР: Битката на Бедр (Место недалеку од Медина) каде се водела првата битка две години по преселувањето на муслиманите од Мека во Медина.

*БЕРЗ*АХ: Меѓупростор; граница помеѓу овој и оној свет.

*БЕРИ*ЌЕТ:	Благодат
*ВАСИ*ЕТ:	Завештание
ВЕДА:	Идол во времето на Ное а подоцна кај племето Килаб, во местото Думметул-Џендел.
*ДАВУ*Д:	Давид
*ДАЈЏ*О:	Брат од мајка.
ЕБУ ЛЕХЕБ:	Стрико и голем непријател на Мухаммед (а.с.)
ЕЏЕЛ:	Крај; Судниот час кога мора да се умре; смрт; коб; несреќа.
*ЕНСА*РИИ:	Сојузници, помагачи, жители на Медина.
*ЕХЛУ*Л-БЕЈТ:	Потомците на Мухаммед (а.с.)
ЕЈУБ:	Јоб
*ЗЕКА*Т:	Верска такса што ја даваа муслиманите годишен порез на севкупната имовина, накит, трговска стока и др. а се наоѓаат во сопственост на една особа.
*ЗЕКЕ*РИЈА:	Захарие
*ЗИХА*Р:	Еден лош обичај кај Арапите кога мажот ја бркал сопругата, изговарајќи ги зборовите: "Ти ми си забранета како плеќите на мајка ми."
*ЗУЛУ*М:	Штета, неправда, насилство, терор...
*ЗУЛУ*МЌАР:	Штетник, неправеден, насилник...
ЗУН-НУН:	Јона
ЗУЛ-КАРНЕЈН:	Александар
ЗУЛ-КУФЛ:	Езекиел
ИБАДЕТ:	Побожност

ИБЛИС: Ѓавол, враг.

ИБРАХИМ: Абрахам

ИБРЕТ: Поука

ИДРИС: Хенок

ИЛЈАС: Елијас, Елија, Елијах.

ИМАН: Верување

ИМАМ: Водач

ИМРАН: Татко на Мојсие и Арон.

ИНЏИЛ: Евангелие

ИНШАЕЛЛАХ: Ако даде Бог.

ИСА: Исус

ИСМАИЛ: Исмаел, Јишмаел

ИСХАК: Исак

ИТИКАФ: Муслимански верски обичај последните десет дена од месецот Рамазан да се затвори или да остане во џамија еден побожен муслиман поради ибадет; во џамијата спие и се храни. Џамијата не ја напушта се до Бајрам освен поради нужда.

ИФРИТ: Зол џин, зол ѓавол.

ЈАКУБ: Јаков

ЈАХЈА: Јое, Јован

ЈАСРИБ: Медина

ЈАЦИЈА: Вечерен молитвен обред

ЈЕЏУЏ: Јог

ЈЕТИМ: Сираче

ЈУНУС:	Јонас, Јона
ЈУСУФ:	Јозеф
КАБА:	Правец за ритуалите, молитви, при нивното извршување кај муслиманите.
КАДАР:	Моќен, способен
КЕВСЕР:	Река во рајот.
КУРБАН:	Жртва; брав или говедо кое муслиманите го жртвуваат на празникот Курбан-Бајрам и во некои други прилики...
КУРЕЈШ:	Племе од кое потекнува Мухаммед (а.с.)
ЛАТ:	Идол
ЛЕВХИ МАХФУЗ:	Соувана плоча на која се испишани сите Божји одредби. И: Книга од која се објавени сите Божји книги.
ЛУТ:	Лот
МЕЏУЏ:	Магог
МЕРЈЕМ:	Марија
МЕСИХ:	Месија
МЕНАТ:	Идол кај Арапите.
МИКАИЛ:	Микел
МИРАЗ:	Наследство
МИЗАН:	Вага; посебна мерка според која ќе се мерат добрите и лошите дела на Судниот ден.
МЕДЈЕН:	Мидјем, Медија
МЕСЏИД:	Место за клањање; џамија
МЕСЏИДУЛ ХАРАМ:	

	Пространо двориште околу Кабе каде се наоѓа изворот Зем-зем и местото на Абрахам во Мека.
МЕСИХ:	Месија, Исус
МИЦО:	Стрико
*МИХ*РАБ:	Длабнатина во ѕидот во џамија каде што имамот раководи со заедничката молоитва.
МУСА:	Мојсие
*НАФ*АКА:	Божје давање
НЕСР:	Идол
НУХ:	Ное
*ПЕЈГ*АМБЕР:	Пратеник
*РАМА*ЗАН:	Месец на постот кај муслиманите
РУКУ:	Постапка при извршување молитва.
'РСК:	Нафака, во смисла кога секој се раѓа со она што му е дадено како нафака од Аллах.
САБАХ:	Утринска молитва.
САБОТА:	Сабат

САЛИХ:Пејгамбер Божји испратен до народот Семуд.

САФА-МЕРВА:	Две свети ритчиња во Мека во непосредна близина на Каба. Тука аџиите извршуваат еден од аџиските ритуали.
*САХИ*ФИ:	Страници објавувани до некои поранешни пејгамбери.
*САДА*КА:	Милосрдие
*САМИ*РИЈА:	Самири
СЕБЕ:	Кралството на Саба

СЕЏДЕ: Да се поклони; дел од молитвата кога со челото и носот се допира местото каде се клања.

СЕМУД: Древен народ

СЕЛАМ: Спас; поздрав.

СЕЛАМ АЛЕЈКУМ:

"Нека е мир (спас) врз вас" -поздрав меѓу муслиманите

СЕЛСЕБИЛ: Име на извор во рајот

СИНА: Синај

СУЛЕЈМАН: Соломон

СУВА: Идол, кип

СУРА: Поглавје, заглавие.

ТАГУТ: Погрешен бог кој поттикнувал на грев. Се однесува на секој предмет кој се обожава освен Бога.

ТАЛУТ: Крал; го означува Сеула.

ТЕВРАТ: Тора

ТУВА: Света долина

ТЕЈЕММУМ: Ритуално допирање лицето и рацете до лактата; оваа пракса го заменува абдестот (миењето) пред обредниот ритуал и бањањето по сексуалниот однос и ејакуација доколку нема вода.

ЈАХЈА: Пратеник Божји

ЈАЦИЈА: Вечерна молитва кај муслиманите.

ЈЕЏУЏ: Гог

ЈУНУС: Јонас, Јона

УЗАТ: Идол во предисламско време

УЗЕИР: Езра

УМРА: Мал аџилак кој се извршува во кое било време.

ХАРУН: Арон

ХАЏЏ: Аџилак

ХАРФ: Буква

ХАСРЕТ: Тага

ХАЛАЛ: Дозволено

ХАРАМ: Забрането

ХИЏР: Држава (место) на Салих

ХУРИЈА: Џеннетска, рајска убавица; жена со крупни убави очи како кај газелата.

УММУЛ-КУРА: Мајка на градовите (се мисли на Мека)

ЏАХИЛИЕТ: Предисламски период; непосреден период пред појавата на Исламот.

ЏЕБРАИЛ: Габриел

ЏЕННЕТ: Рај

ЏЕХЕННЕМ: Пекол

ЏИЗИЈА: Порез

ЏИН: Невидливо духовно битие

ЏУЗ: Дел од Кур'анот кој содржи дваесет страници.

ЏУМА-НАМАЗ: Молитвен ритуален обред во петок

*ЏУНУ*Б: Така се нарекува муслиман или муслиманка од моментот на полниот однос, ејакулација или полуција се додека не се избања.

*ШЕЈ*ТАН: Враг, ѓавол

*ШЕХИ*Д: Оној кој ќе погине на Аллаховиот пат

*ШУА*ЈБ: Јетро, Јитро Рогуел

ИНДЕКС

на Кур'ански теми според ајетите

(При изработката на индексот се користев со повеќе индекси направени при преводот на Кур'анот на повеќе светски јазици а најмногу со индексите на преводите на Кур'анот на бошњачки: Чаушевиќ-Панџа **Kur'an Časni**, печатен во повеќе различни изданија; најновиот превод на бошњачки **Енес Кариќ, Prijevod Kur'ana,** Сараево 1992; потоа со индексот на преводот на Мухаммед Хамидуллах **Le Saint Coran**, Парис 1989 и со индексот на преводот од Јусуф Али **The Holy Qur'an**, Бејрут 1413 (хиџретска година). Но, најмногу се послуживме со книгата "Тематска класификација на Кур'анските ајети" од Мухаммед Фуад Абдул-Баки печатена на бошњачки, во издание на "Ел-Калем", Сараево и на албански јазик во издание на Исламската заедница во Македонија во Скопје 1995. Индексот е, секако, ограничен, но колку-толку дава основни упатства во содржините на Кур'анската проблематика).

﴿ فهرس بأسماء السور وبيان المكي والمدني منها ﴾

فهرس بأسماء السور وبيان المكي والمدني منها

СОДРЖИНА

إِنَّ وِزَارَةَ الشُّؤُونِ الإِسْلَامِيَّةِ وَالأَوْقَافِ وَالدَّعْوَةِ وَالإِرْشَادِ

فِي المَمْلَكَةِ العَرَبِيَّةِ السُّعُودِيَّةِ

المُشْرِفَةَ عَلَى مُجَمَّعِ المَلِكِ فَهْدٍ

لِطِبَاعَةِ المُصْحَفِ الشَّرِيفِ فِي المَدِينَةِ المُنَوَّرَةِ

إِذ يَسُرُّهَا أَن يُصْدِرَ المُجَمَّعُ هَٰذِهِ الطَّبْعَةَ مِنَ القُرْآنِ الكَرِيمِ

وَتَرْجَمَةَ مَعَانِيهِ إِلَى اللُّغَةِ المَقْدُونِيَّةِ

تَسْأَلُ اللهَ أَن يَنفَعَ بِهِ النَّاسَ


وَأَن يَجْزِيَ

خَادِمَ الحَرَمَيْنِ الشَّرِيفَيْنِ المَلِكَ فَهْدَ بْنَ عَبْدِ العَزِيزِ آلَ سُعُودٍ


أَحْسَنَ الجَزَاءِ عَلَى جُهُودِهِ العَظِيمَةِ فِي نَشْرِ كِتَابِ اللهِ الكَرِيمِ

وَاللهُ وَلِيُّ التَّوْفِيقِ

Министерството за исламски прашања, вакаф, да’ва и иршад (повик и водство) на Кралството на Саудиска Арабија, под чие покровителство работи Комплексот за печатење на Куранот во Медина, ја изразува својата благодарност и задоволство заради печатењето на овој Кур’ан со превод, молејќи Го Аллах да им користи на луѓето и да го награди слугата на двата пресветли храма, Кралот Фахд Ибн Абдул Азиз Ес-Су’уди, со најубавата награда за неговиот голем труд за печатењето на Аллаховата Книга. Аллах е Оној Кој благословува и Кој успех дава!



ص.ب ٦٢٦٢ - المدينة المنورة


Со
Аллаховата помош
и благослов е завршено
печатењето на овој Кур'ан
со превод во Комплексот на
"Хадимул Харемејни Шерифејни
Ел-Мелик Фахд" за печатење на
Кур'анот во Медина Муневвера
под покровителство на Минис-
терството за исламски праш-
ања,вакаф,повик и водство
на Саудиска Арабија.
Година 1422 Х.

ⓗ مجمع الملك فهد لطباعة المصحف الشريف ، ١٤١٨هـ

فهرسة مكتبة الملك فهد الوطنية أثناء النشر

القرآن الكريم وترجمة معانيه باللغة المقدونية/ ترجمة مجمع الملك فهد لطباعة المصحف الشريف- المدينة المنورة.

٩٧٦ص؛١٤×٢١سم


ردمك ٧-٩٠-٧٧٠-٩٩٦٠

١-القرآن- ترجمة أ- مجمع الملك فهد لطباعة المصحف الشريف (مترجم)

ديوي ٢٢١،٤٩ ١٨/٠٤٤١


رقم الإيداع : ١٨/٠٤٤١

ردمك :٧ -٩٠-٧٧٠-٩٩٦٠



ردمك : ٧-٩٠-٧٧٠-٩٩٦٠

٤٠٠٠/د٢٧ (٥) (٠٢)


КУР'АН
СО
ПРЕВОД